Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT
OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 28 03 2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1692/1 | | |

НПР бр. 01-323/1
28.03. 2012

**ДО:**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**за г.Трајко Вељановски - претседател**

**ПРЕДМЕТ: Доставување извештај**

**Почитуван господине,**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за народниот правобранител (<Службен весник на РМ< бр.60/03 и 114/09), во прилог на овој допис Ви доставувам Годишен извештај за 2011 година со кој Ве информирам за степенот на обезбедување, почитување, унапредување и заштита на уставните и законските права на граѓаните и за почитувањето на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците од страна на органите над кои надлежно постапувам.

**Прилог:**
**како во текстот**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**
**ИЏЕТ МЕМЕТИ**

ул."Димитрија Чуповски" бр.2, 1000 Скопје
тел.389 02 3129 335; факс 389 02 3129 359; www. ombudsman.mk; e-mail: contact@ombudsman.mk

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2011

**Скопје, март 2012**

# СОДРЖИНА


ВО 2011 4

ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА И МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ 12

СТЕПЕН НА ПОЧИТУВАЊЕТО, ОСТВАРУВАЊЕТО И ЗАШТИТАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ НИЗ СТАТИСТИКА 16

Збирни податоци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 18
Податоци по области . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 19
Постапување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 25
Констатирани повреди и преземени мерки . . . . . . 27
Статистика од подрачните канцеларии . . . . . . . . . . 30

ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НИЗ ОБЛАСТИ 32

Недискриминација и соодветна и правична застапеност . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 33
- Недискриминација . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 33
- Соодветна и правична застапеност . . . . . . . . . 36
Полициско постапување. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 40
Граѓански состојби и други внатрешни работи . . . 43
Правосудство . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 45
Казнено – поправни и воспитно – поправни установи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 48
Имотно – правни односи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 52
Урбанизам и градба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 56
Животна средина . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 58
Права од работен однос . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 61
Станбени односи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 66
Социјална сигурност и заштита . . . . . . . . . . . . . . 69
Пензиско и инвалидско осигурување . . . . . . . . . . 71
Здравствено осигурување и заштита . . . . . . . . . . 74
Права на детето . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 78
- Права во семејството. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 79
- Семејно насилство . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 80

- Здравствена заштита . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 81
- Деца со посебни потреби и посебни маргинализирани групи на деца. . . . . . . . . . . . 82
- Физичко и психичко малтретирање на децата во училиштата и установите . . . . . . 84
- Повреда на други права во образовните установи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 85
- Политичка злоупотреба на децата . . . . . . . . . . 86
Образование . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 87
Потрошувачки права . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 90
Други права . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 96
Локална самоуправа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 97
- Урбанизам и градба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 98
- Образование . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 100
- Работни односи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 102
- Социјална заштита . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 105
- Финансова област . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 105
- Потрошувачки права . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 107
- Имотно-правна област . . . . . . . . . . . . . . . . . . 109
- Животна средина . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 110

ПРИМЕРИ ОД ПРАКТИКАТА 112

НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ - НАЦИОНАЛЕН ПРЕВЕНТИВЕН МЕХАНИЗАМ 118

ОПШТИ СОСТОЈБИ 122

ЗА ИНСТИТУЦИЈАТА 126

## Вовед



Демократскиот карактер на едно општество не се цени единствено според нормативно загарантираните права и слободи на граѓаните. Напротив. Нормата сама по себе не може да го обезбеди остварувањето на тие права и слободи поради што постоењето и ефективното функционирање на механизмите за заштита на слободите и правата на граѓаните се оној неопходен сегмент во општеството.

Оттука, се покажа дека постоењето на институцијата Омбудсман во нашето општество во голема мера го претставува оној чинител што го обезбедува неопходниот баланс помеѓу државата од една страна и граѓаните од друга. Меѓутоа, во услови кога се забележува постојан тренд на покачување на бројот на претставки неодминливо се поставува прашањето за причините поради ваквата состојба.

Имено, би било необјективно и еднострано доколку тоа се објаснува само со заклучокот дека граѓаните се повеќе бараат заштита на нивните права бидејќи во поголема мера ги знаат тие права или пак, дека институцијата е се повидлива во општеството. Тоа е само едната страна која дава одговор на причините за ваквата појава. Другата, секако дека треба да се бара и во квалитетот на функционирањето на државните органи и на сите оние што треба да претставуваат сервис на граѓаните и одлучуваат за нивните права. Ова пак, во услови кога во нашето општество секојдневно сме сведоци на феномени кои претставуваат сериозна закана за човековите права, не треба да не изненадува.

Од друга страна, се наметнува и прашањето за степенот во кој оние што одлучуваат за правата и слободите на граѓаните покажуваат свест за недоследностите посочени од Народниот правобранител и постапуваат според укажувањата. Не случајно се вели дека омбудсман институциите, секаде во светот, можат успешно да ја вршат својата функција само во услови на демократија и владеење на правото.

Иако нашата институција може да се пофали со бројот на успешно решени случаи, евидентен е инертниот став на релевантните органи кон оние констатации за општите состојби во општеството што всушност и претставуваат основа за прекршувањата на човековите права и слободи. Според тоа, гледано низ призма на нашите констатации за степенот на почитување, остварување и заштита на човековите слободи и права и оттаму одговорот на државата на прикажаните состојби, можат да ја дадат целосната слика за степенот на демократија во нашето општество.

И покрај тоа што постои голем напредок во начинот на кој се прифаќаат препораките од нашата институција, сепак се уште е потребно да се покаже волја за решавање на проблемите поврзани со појавите што ги креираат поделбите, правната несигурност и селективноста при одлучувањето. Впрочем, за времето во кое живееме предизвиците не претставуваат случај, туку секојдневие и она што е од есенцијална важност е колку нашиот одговор може да даде придонес кон ублажување на состојбите коишто се причинители за прекршувањата на човековите права.

**Иџет Мемети**

# ВО 2011



## И покрај упорноста на Народниот правобранител, Европските затворски правила се уште не се вградени во пенитенцијарната нормативa

Република Македонија се уште не успеа да го надгради системот за извршување на казната затвор со вградување на Европските затворски правила. На тој начин не може да се постигне целта на казнувањето и за жал, во одредени случаи затворот преставува место за создавање повратници.

## По петгодишно интервенирање на Народниот правобранител се воспостави личен контакт помеѓу дете и родител

Иако на таткото не му беше одземено родителското право ниту пак, имаше причини за времено ограничување на неговото право да одржува лични односи и контакти со детето, кое беше доверено на мајката, решенијата на Центарот за социјална работа за одржување такви контакти пет години не се спроведуваа. Констатирајќи повреда на правата на детето, но и на таткото, во претходните пет години Народниот правобранител интервенираше Центарот да ги преземе сите можни мерки за воспоставување редовни лични контакти меѓу детето и таткото. Со оглед дека проблемот не беше надминат, Народниот правобранител побара Заводот за социјални дејности да изврши стручен надзор над работата на Центарот. По извршениот стручен надзор, укажувањата на Заводот и интервенциите на Народниот правобранител, Центарот донесе ново решение за видување меѓу детето и таткото и по континуирано следење и работа со семејството, контактите меѓу детето и таткото започнаа да се одржуваат.

## Казнено-поправниот дом Идризово останува најголем проблем во затворскиот систем во Република Македонија

Условите за престој, третманот и безбедноста, особено во Затвореното одделение на Казнено-поправниот дом Идризово се уште се под минималните пенолошки стандарди. И покрај тоа што со години се најавува подобрување од сите аспекти, резултатите отсуствуваат.

## Не може само мајката да биде придружник на дете за време на негова хоспитализација

Народниот правобранител покрена постапка по сопствена иницијатива откако утврди дека во новиот Правилник за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, правото за придружба на дете до тригодишна возраст хоспитализирано во болничка установа беше предвидено само за мајката, но не и за таткото или друг член од семејството, што не беше во согласност со одредбите од Законот за здравствено осигурување.

Имајќи го предвид најдобриот интерес на детето и по препорака на Народниот правобранител, Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија изврши изменување и дополнување на наведениот правилник со давање можност како придружник на детето при болничка хоспитализација да бидат двајцата родители или во оправдани случаи друг член од семејството, по што наведениот правилник беше изменет.

## Неовластеното користење електрична енергија - проблем за граѓаните

На совесните потрошувачи им се повредуваат правата со нередовна и неквалитетна испорака на електрична енергија, поради несоодветна правна регулатива. Народниот правобранител препорачува надградување на правната регулатива и преземање мерки од сите надлежни институции во рамките на нивните надлежности со цел ефективна заштита на потрошувачките права.

## Ромските семејства во кампот за бездомници оставени без соодветна здравствена заштита, а децата надвор од образовниот систем

Со цел за утврдување на состојбата на лицата сместени во Кампот за бездомници во Љубанци, Народниот правобранител покрена постапка по сопствена иницијатива и при увидот констатира дека не е обезбедена здравствена заштита и дека децата не се вклучени во образовниот процес. За надминување на состојбата Народниот правобранител се обрати до Министерството за труд и социјална политика и до Министерството за образование и наука со укажување да се преземат конкретни мерки во однос на здравствената состојба на наведените лица и да се обезбеди соодветна здравствена грижа и лекарства, мерки за вклучување на децата во образовниот процес, како и соодветна социјална и правна помош за решавање на проблемите со обезбедување лична документација.

По укажувањето на Народниот правобранител, надлежните министерства констатираа потреба за подобрување на условите за социјална, здравствена и друг вид помош и заштита на оваа група социјално исклучени лица, по што на седница на Владата на Република Македонија беше одлучено отпочнување активности за основање посебен центар за бездомници под директна контрола на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, каде услугите ќе се остваруваат поефикасно и поекономично и ќе се обезбеди соодветна социјална поддршка и надминување на проблемот со вклучување на децата во образовниот систем.

## Децата зависници од наркотични средства немаат можност да се третираат и лекуваат во соодветна здравствена установа

Поради се поголемата актуелност на проблемот на децата зависници од наркотични средства, Народниот правобранител повторно побара посериозен пристап кон овој проблем од надлежните органи кои треба да ги преземат сите можни мерки за соодветен третман, лекување, помош и заштита на децата зависници од наркотични средства, вклучително и основање посебни здравствени установи и институции.

По укажувањето, Министерството за труд и социјална политика го истакна приоритетот т.е. отварање дневен центар за деца кои злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци. Од друга страна пак, Министерството за здравство потврди дека се зголемува злоупотребата на наркотични средства кај младите на средношколска возраст во Македонија, како и бројот на малолетни лица со утврдена дијагноза зависност од опијати. Исто така, ова министерство истакна дека ќе работи интензивно на создавање услови и можности за лекување на овие деца и нагласи дека се потребни соодветни установи со одредени просторни и кадровски ресурси, како и пропишани протоколи за лекување, третман и рехабилитација на деца зависници од наркотични средства.

## Да се воведе посебен наставен предмет за човековите слободи и права и за механизмите за заштита во национални и меѓународни рамки

Во насока на унапредување и развој на образованието и на граѓанската свест, запознавање на правниот систем и поредок, како и инструментите и механизмите на заштита на правата, Народниот правобранител ја воочи потребата за воведување посебен наставен предмет за човековите слободи и права и за механизмите за заштита во национални и меѓународни рамки во сите степени и нивоа на образованието. Со тоа директно ќе се влијае врз работата на националните и меѓународни институции да не постапуваат по голем број предмети за кои нема основ за покренување соодветни постапки за заштита на правата или за кои не се надлежни да одлучуваат.

За наведеното Народниот правобранител достави барање до: Владата на Република Македонија, Министерството за образование и наука и до Бирото за развој и унапредување на образованието. Предлогот е прифатен од Националната комисија за заштита на правата на децата.



## Пристапот до правдата останува тешко остварлив

Иако материјалната и процесната легислатива го гарантираат пристапот до правдата, граѓаните и понатаму се соочуваат со долготрајни и исцрпувачки судски постапки. Наместо да се вложува за подобрување на состојбите, средствата од судскиот буџет се трошат за пенали поради повреда на правото на судење во разумен рок.

## Училиштата и понатаму не се безбедни

Имајќи ги предвид случките на насилство, конфликти и физички пресметки меѓу децата во училиштата, како и со оглед дека ваквите појави не се нормативно решени и секое училиште само изнаоѓа решение за обезбедување услови за безбедност во училиштата, а трошоците ги покриваат родителите, Народниот правобранител побара Владата и Министерството за образование и наука да изнајдат системско и нормативно решавање на проблемот со безбедноста во училиштата.

Според Министерството за образование и наука, со примена на предвидените законски решенија за советување на родителите и во случаи кога ученикот е недисциплиниран, учествува во тепачки или други форми на насилство и покажува асоцијално или антисоцијално однесување, овие проблеми ќе се надминат и дисциплината ќе се подобри. Исто така, со ангажирање полициски службени лица со обврска да интервенираат во случај на каков било проблем или насилничко однесување засилен е надзорот во училиштата. Но преземените мерки не значат системско и нормативно решавање на проблемот затоа што пресметките меѓу децата продолжуваат.

Потребно е дејствување на сите субјекти меѓу кои семејството, како базична средина за развој на личноста и создавање предуслови за развој на позитивни, карактерни личности кои ќе ги почитуваат вредностите во општеството, но и наставниците кои треба преку образовниот процес да ги образуваат и насочуваат учениците за толеранција, почитување на различностите, хуманоста, еднаквоста и пријателството.

**Управата за јавни приходи наплаќа данок и на парите исплатени од породилното боледување**

Околноста што исплатата на паричниот надоместок по основ на боледување исклучиво по вина на институциите на системот (Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија) била извршена со задоцнување, за Управата за јавни приходи не претставува пречка на неговите корисници, најчесто мајки, да им доставува противзаконски решенија за персонален данок на доход.

Управата за јавни приходи не постапи по интервенцијата на Народниот правобранител за преземање дејства и мерки за разрешување на конкретниов случај по службена должност и на начин поволен за оваа категорија граѓани. Поради тоа беше доставен посебен извештај до министерот за финансии, кој смета дека Управа-та за јавни приходи треба да изврши корекција на доставените решенија, во согласност со одре-дбите од Законот за даночна постапка и Законот за општата управна постапка.

**Второстепените комисии укинати, предметите останати нерешени, а на граѓаните им е оневозможен пристапот до правдата**

Заради заокружување на процесот на реформа на начинот на одлучување во управни постапки во втор степен за одделни области се донесе Закон за основање државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, кој е влезен во сила од 21.04.2011 година. Согласно овој закон, започнатите постапки и постапките што ќе се започнат пред овие комисии на Владата на Република Македонија до отпочнувањето на примената на овој закон, требаше да се завршат од комисиите во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Сите второстепени комисии, иако во меѓувреме формално престанаа со работа, не ја исполнија законската обврска да ги решат сите предмети, па во моментов настанат е правен вакуум, од кој најголеми штети секако трпат граѓаните бидејќи воопшто не можат да добијат информација каде се наоѓаат поединечните предмети заедно со нивните списи и кој, односно кога ќе донесе одлука по нивните жалби. Народниот правобранител препорачува Владата да најде адекватно решение за надминување на ваквата состојба.



## За време на изборниот процес не се постапува по барањата на граѓаните во управна постапка за приватизација на градежно земјиште

За периодот од денот на донесување на Одлуката за распишување избори до завршувањето на изборот на пратеници во Собранието на Република Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата со акт-мислење од Управата за имотно-правни работи - Скопје побарала да не се постапува по барањата за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост. Притоа, Комисијата во оставениот рок не одговори со кој основ од Законот за спречување на корупцијата го има издадено конкретното мислење и дали ги имала предвид импликациите што по однос на остварувањето на уставните и законските права на граѓаните, владеењето на правото и правната држава може да ги предизвика таквиот начин на постапување, кој имплицира прекин, односно суспензија на постапката и дали тоа произлегува од целта и суштината на Законот за спречување на корупцијата.

Впрочем, дури по завршувањето на изборниот процес Комисијата достави известување дека конкретното мислење го заснова на став 3 од член 11 од Законот за спречување на корупцијата, каде покрај останатото е предвидено дека за време на изборниот процес не може да се отуѓува државен капитал. Оттука, Собранието на Република Македонија треба да даде толкување дали содржината на став 3 од член 11 од Законот за спречување на корупцијата, ја вклучува можноста по барање на Државната комисија да се суспендира и водењето одредени управни постапки.

## Плоштадот „Македонија" сведок на трагичен настан

Плоштадот „Македонија'', беше местото каде беше одземен еден млад живот, а полициски службеник е обвинет за овој чин. Случај кој уште еднаш сериозно го доведе во прашање нивото на професионално полициско постапување.

## Поништени незаконски акти за вработени во локална самоуправа

Откако Народниот правобранител констатира повреда на правата од работен однос – дискриминација по политичка основа, достави укажување до градоначалник на општина за повлекување на сите донесени акти и преземени дејствија по кое укажување не беше постапено.

Народниот правобранител и со посебен извештај ја информира Трудовата инспекција со барање за вршење инспекциски надзор и поништување на сите противзаконски одлуки. По извршениот инспекциски надзор, Трудовата инспекција донесе решение со кое ги поништи сите акти за кои Народниот правобранител укажа.

## Дел од граѓаните неколкупати плаќаат такса за улично осветлување

Според Законот за комунални такси, за секое броило што е евидентирано за потрошувачка на електрична енергија се плаќа комунална такса за јавно осветлување, поради што во објектите каде се поставени повеќе броила, станарите неколкупати ја плаќаат оваа такса. Овој проблем е особено изразен во колективните станбени објекти каде членовите на заедниците на станари не само што ја плаќаат оваа такса за своите индивидуални броила како домаќинства, туку ја плаќаат и за секое евидентирано броило за мерење на заедничката потрошувачка на електрична енергија во станбената зграда.

На тој начин овие граѓани се доведуваат во нееднаква положба со другите граѓани, кои под истите услови користат улично осветлување. За надминување на проблемот, Народниот правобранител достави информација до Владата на Република Македонија со барање измена и дополнување на Законот за комуналните такси, заради создавање еднаков третман на сите граѓани.

### Непоставувањето индивидуални мерачи за топлинска енергија, новото покачување на цената и недоволното затоплување ги прават сметките нереални и превисоки

Воведувањето на новиот начин на пресметување на потрошувачката на топлинска енергија без индивидуални мерачи за секој корисник и повторното зголемување на цената на топлинската енергија доведоа до нереално пресметување на потрошувачката на топлинската енергија. Ова особено е изразено во колективните станбени згради во кои топлинската енергија се мери преку единствен мерач за сите станари. Поради високата цена се зголемува бројот на станари кои се исклучуваат од топлификацискиот систем, а дел доградуваат нови грејни тела кои не ги пријавуваат, па распределбата на топлинската енергија за секој потрошувач не е реална, односно корисниците не плаќаат онолку колку што реално потрошиле. За надминување на овој проблем Народниот правобранител достави посебна информација до: Владата, Регулаторната комисија за енергетика, Министерството за економија и до АД „Топлификација'' со укажување дека покрај непоставувањето индивидуални мерачи кај секој потрошувач, причина за наведените проблеми се и законската и подзаконската регулатива.



### Волонтери работно ангажирани спротивно на законските прописи

Група граѓани од Битола поднесоа претставка во која укажаа дека иако се ангажирани како волонтери во Клиничката болница во Битола извршуваат работни задачи како и останатите вработени, а не ги уживаат правата од работен однос. По извршениот увид во болницата беше констатирано дека ваквата практика болницата ја применувала со години ангажирајќи волонтери за извршување работни задачи на: лекари, инструментарки, акушерки и медицински сестри. Тие волонтирале сами во ноќни смени, за дежурства и празници, без присуство на вработени медицински лица, а нивните дежурства се евидентирале на име на вработени медицински лица кои надоместокот за ноќната работа им го плаќале на волонтерите зависно од добрата волја.

Со оглед на неспорните повреди на законот и на правата на волонтерите, Народниот правобранител достави укажување до Управата на болницата за склучување договори за вработување со овие лица. Укажувањето беше само декларативно прифатено при што беше нагласено дека не може да биде спроведено заради недобивање согласност за финансиски средства. Поради ваквата состојба, волонтерите покренаа судски постапки за заштита на нивните права од работен однос.



### Легализацијата на бесправните градби пропишана со закон, сепак не е доволна за средување на урбанистичкиот хаос

Донесувањето на Законот за постапување со бесправно изградени објекти секако дека ќе придонесе за надминување на одредени состојби во областа на урбаното живеење и за разрешување на прашања од имотно-правен карактер за граѓаните.

Но доколку при организацијата и планирањето на просторот јавниот интерес биде запоставен за сметка на комерцијалниот, и понатаму ќе зборуваме за урбанистички хаос, нехумани услови за живеење и нездрава животна средина.

### Загадените медиуми на животната средина - постојан атак врз здравјето на граѓаните

Заштитата на здравјето на населението е од примарен интерес за граѓаните, а треба да ја обезбедува државата и единиците на локалната самоуправа.

Комерцијалните интереси на правните субјекти, ниската еколошка свест на населението, и најмногу инертниот однос и неефективноста на надлежните институции се основните причини поради кои граѓаните се принудени да живеат во нездрава животна средина која им го загрозува здравјето и животот.

## СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ДЕЦАТА НА УЛИЦА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ПОКАЖА:

### Децата на улица се трудово експлоатирани и им се повредени основните човекови слободи и права

Податоците покажаа дека проблемот со децата на улица е се поприсутен што загрижува. Околу 95% од евидентираните деца на улица се од ромската заедница. Најголемиот број од овие деца имаат родители, а се принудени и понекогаш злоупотребени денот да го поминуваат на улица. Децата на улица во најголем процент не се вклучени во образовниот систем (само 17% од евидентираните деца на улица посетуваат образование). Поголемиот број од овие деца не се запишани во матичната евиденција на родените со што им се оневозможува остварување на основните слободи и права. Дел од овие деца (8,5%) се евидентирани и како сторители на казниви дела.

За овој проблем се расправаше на Годишната конференција на Мрежата на омбудсмани за деца од Југоисточна Европа (CRONSEE) организирана од Народниот правобранител на Македонија, а финансиски поддржана од „Спасете ги децата'' (Save the Children) од Норвешка и од норвешката влада. Од Конференцијата произлегоа повеќе заклучоци и препораки за надминување на проблемот кои се отпечатени во збирка излагања од Конференцијата.

# ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА И МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ











Присутноста на Народниот правобранител во јавноста и оваа година беше резултат на неговото редовно постапување по одреден проблем со кој се соочуваа граѓаните, но и на одредени сериозни појави поврзани со човековите права и слободи кои беа повод за негово обраќање до јавноста. Притоа, ако се има предвид повеќегодишната заложба за реално и објективно изнесување ставови за состојбите, тогаш е јасно дека и оваа извештајна година се изнесуваа ставови и мислења во јавноста само врз основа на докрај утврдена фактичка состојба.




Појавите кои беа предмет на загриженост за Народниот правобранител и за кои тој редовно го даваше своето мислење, го потенцираа и неговиот придонес во балансирањето на одредени состојби што имаа потенцијал да доведат до тензии. Секако, не треба да се заборави и фактот дека обраќањата на народниот правобранител секогаш се повод и за промовирање на правата на граѓаните и нивно информирање за начинот на кој треба да постапат за да ги остварат, но и за начинот на кој можат да ги заштитат. Обраќањата во јавност секако имаа за цел и да ја потенцираат потребата за преземање мерки и активности од страна на оние органи и институции што беа релевантни во случајот.

Од не помала важност за транспарентноста на институцијата беа и активностите преземани во рамките на проектите поддржани од Шведската агенција за меѓународен развој (СИДА), Мисијата на ОБСЕ, Мрежата на омбудсмани за деца во Југоисточна Европа (CRONSEE), како и твининг проектот кој започна на почетокот на годината, во кој партнери на Народниот правобранител се: Националниот омбудсман на Шпанија и Заштитникот на правата на граѓаните на Република Франција.



Имено, во рамките на проектот поддржан од: СИДА и ОБСЕ, Народниот правобранител продолжи со претставата „Исти на различен начин", како и со организирање тркалезни маси на централно и локално ниво за надлежностите на новите одделенија на Народниот правобранител за превенција на тортура, заштита од дискриминација и следење на почитувањето на принципот на соодветна и

правична застапеност, како и Одделението за заштита на правата на детето и лицата со посебни потреби. За таа цел беше организирана и студиска посета за тимот на Националниот превентивен механизам, како и предавања и обуки за зајакнување на нивните знаења и способности во вршењето превенција во сите установи каде лицата се лишуваат од слобода.

Со оглед дека речиси сите омбудсмани во регионот ги добија истите надлежности во областите на дискриминација и превенција на тортура, беше организирана и Регионална конференција на омбудсмани во Охрид, на која присуствуваа омбудсманите од: Албанија, Босна и Херцеговина, Грција, Косово, Србија, Словенија, Хрватска и Црна Гора. Настанот претставуваше одлична можност за дискусии за начинот на кој секоја од институциите ги остварува новите функции, како и за начинот на справување со неминовните предизвици и потешкотии.

Ваквите активности беа особено важни за промовирање на новоформираното одделение за превенција на тортура или т.н. национален превентивен механизам, ако се има предвид дека станува збор за мошне специфични надлежности предвидени со Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид нехумано и понижувачко постапување или казнување. За таа цел, Народниот правобранител со прес конференција ја информира јавноста за новото одделение и воедно го претстави тимот кој ќе ги извршува активностите на националниот превентивен механизам.

Твининг проектот започна со организирање настан во зградата на Делегацијата на Европската унија, кој имаше карактер на прес конференција на која присуствуваа лидерите на проектот од Националниот омбудсман



на Шпанија и Заштитникот на правата на граѓаните од Франција. Твининг проектот, исто така, ги има во својот фокус надлежностите на новоформираните одделенија во рамките на институцијата, па освен што беа организирани предавања и обуки за јакнење на професионалните капацитети на вработените во овие одделенија, беа организирани и тркалезни маси на централно и локално ниво за државните службеници, како и студиски посети во канцеларијата на Националниот омбудсман на Шпанија.

Во проектните активности не беше занемарено и Одделението за заштита на правата на детето и лицата со посебни потреби, па во рамките на твинингот беа организирани неколку тркалезни маси за прашања поврзани со остварувањето и заштитата на правата на детето и лицата со посебни потреби, а со поддршка на Мрежата на омбудсмани за деца од Југоисточна Европа (CRONSEE) беа организирани две средби за омбудсманите за деца од: Босна и Херцеговина, Војводина, Косово, Република Српска, Србија, Словенија, Хрватска и Црна Гора.



За сите новости и преземени активности во институцијата, на секои четири месеци беа информирани сродните институции во странство и релевантните институции во земјата со помош на Билтенот на Народниот правобранител, активност поддржана исто така од СИДА и Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

# СТЕПЕН НА ПОЧИТУВАЊЕТО, ОСТВАРУВАЊЕТО И ЗАШТИТАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ НИЗ СТАТИСТИКА



**За 5% зголемен бројот на претставки**

Во извештајната година, како и во претходната, повторно се забележува зголемување на бројот на претставките. Објаснувањето за оваа појава не може да се толкува еднострано, односно дека е резултат само на се поголемата видливост на Народниот правобранител во општеството и се поголемата свесност на граѓаните за неговата надлежност во заштитата на нивните слободи и права. Зголемувањето на бројот на претставките секако дека се должи и на тоа што администрацијата се уште на незадоволително ниво им овозможува на граѓаните на ефикасен и квалитетен начин да ги остваруваат своите права.



**4.256**
**нови**
**преставки**

## ЗБИРНИ ПОДАТОЦИ

**Графикон бр.1**




Во 2011 година Народниот правобранител постапуваше по вкупно 5.074 претставки од кои во извештајниот период беа поднесени 4.256 претставки од 4.711 граѓани. Во 39 случаи Народниот правобранител покрена постапка по сопствена иницијатива.

Имено, во Канцеларијата во Скопје и во подрачните канцеларии беа примени повеќе од 7.000 граѓани и беше одговорено на над 7.500 телефонски јавувања.

Оваа извештајна година бројот на примени претставки беше зголемен за 5,27% во однос на бројот на примените претставки во претходната година.

**Графикон бр.2**



**Графикон бр.3**




И оваа извештајна година најголем број претставки (2.982) беа примени лично од подносителите во канцелариите на Народниот правобранител, потоа по пошта 691, по електронска пошта на вебстраницата на Народниот правобранител 403 (што е показател дека граѓаните се повеќе го употребуваат овој начин на комуникација), 39 претставки се формирани при постапување по сопствена иницијатива, 117 претставки се формирани по телефонско јавување, а 24 претставки се примени по телефакс.

**5.074**
**претставки по кои се постапуваше**

## ПОДАТОЦИ ПО ОБЛАСТИ

Најголем број претставки беа поднесени од областа на: правосудството 732 или 17,20%; потрошувачките права (комунални и други надоместоци) 673 или 15,81%; работните односи 412 или 9,68%; имотно-правната област 360 или 8,46%; од казнено-поправните и воспитно-поправните установи 352 или 8,27%; од пензиското и инвалидското осигурување 237 или 5,57%; социјалната заштита 193, односно 4,53%; од областа на заштитата на правата при полициски постапки 179 или 4,21%; урбанизмот и градежништвото 146 или 3,43%; заштитата на правата на децата 144 или 3,38%; граѓанските состојби и други внатрешни работи 126 или 2,96%; здравствената заштита 115 или 2,70%; финансиите и финансиското работење 101 или 2,37%; од избирачки права 90 или 2,11%; од станбените односи 65 или 1,53%; образованието, науката, културата и спортот 45 или 1,06%; недискриминацијата и соодветната и правична застапеност 42 или 0,99%; животната средина 26 или 0,61%; пописот на населението 12 или 0,28% како и од други области за кои беа поднесени 206 или 4,84% претставки.

Во извештајната година во Република Македонија беа спроведени парламентарни избори и попис на населението, па поради тоа Народниот правобранител постапуваше и по преставки кои се однесуваа на овие две области.

Прегледот на поднесените претставки по области, освен во делот избирачки права и попис, покажува незначително намалување или зголемување во однос на претходната година, освен во делот на недискриминација и соодветна и правична застапеност каде бројот на преставките е зголемен за 162,5% што покажува дека граѓаните се повеќе ја препознаваат дискриминацијата, но и се повеќе јавно го истакнуваат овој проблем. Во областа на пензиското и инвалидското осигурување бројот на поднесени преставки е зголемен за 49,06%. Не треба да се занемари и континуираното зголемување на претставките во последниве неколку години во областа на потрошувачките права, чиј број оваа извештајна година е зголемен за 21,70%.

**Графикон бр.4**



**Преглед бр.1**

**ПРЕГЛЕД НА ПРИМЕНИ, РЕШЕНИ И ПРЕТСТАВКИ ОСТАНАТИ ВО РАБОТА ОД 01.01. ДО 31.12.2011 ПО ОБЛАСТИ**

| ОБЛАСТИ | Примени во 2011 година | Број на подносители | Останати од претходната година | ВКУПНО во работа | Анонимни | Начин на решавање: Со одлука за запирање или непокренување постапка | Решени на друг начин | Констатирани повреди: Дадени мислења, сугестии, препораки | Постапено по интервенција на НП | Преземени сите законски дејствија од НП | Непостапено по интервенција на НП | Информации до министри | Информации до Влада | Информации до други органи и организации со јавни овластувања | **Вкупно завршени постапки** | Предмети останати во работа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Недискриминација и соодветна и правична застапеност | **42** | 53 | 8 | 50 | | 16 | 2 | 19 | 11 | 7 | 1 | 2 | 1 | | **36** | 14 |
| Полициски постапки | **179** | 217 | 55 | 234 | 3 | 165 | 6 | 22 | 18 | 2 | 2 | | | | **194** | 40 |
| Граѓански состојби и други внатрешни работи | **126** | 133 | 47 | 173 | | 67 | 2 | 54 | 37 | 7 | 10 | | 1 | | **113** | 60 |
| Правосудство | **732** | 755 | 86 | 818 | 2 | 624 | 7 | 94 | 84 | 6 | 4 | 1 | | | **723** | 95 |
| Социјална заштита | **193** | 209 | 30 | 223 | | 87 | 1 | 88 | 66 | 14 | 8 | 16 | 1 | | **168** | 55 |
| Работни односи | **412** | 500 | 67 | 479 | 1 | 299 | 8 | 113 | 53 | 53 | 4 | 8 | 1 | 4 | **424** | 65 |
| Станбени односи | **65** | 73 | 16 | 81 | | 37 | 1 | 38 | 34 | 3 | 1 | 3 | 4 | | **74** | 6 |
| Здравствена заштита | **115** | 117 | 41 | 156 | | 67 | 2 | 46 | 31 | 3 | 12 | 2 | 1 | | **104** | 52 |
| Пензиско и инвалидско осигурување | **237** | 248 | 44 | 281 | | 121 | 4 | 106 | 97 | 2 | 7 | | | | **224** | 57 |
| Образование, наука, култура и спорт | **45** | 71 | 5 | 50 | | 30 | | 15 | 13 | | 2 | | | | **43** | 7 |
| Права на децата | **144** | 153 | 11 | 155 | 1 | 92 | 1 | 47 | 42 | 1 | 4 | 6 | 4 | 1 | **137** | 18 |
| Урбанизам и градежништво | **146** | 181 | 69 | 215 | | 142 | 3 | 29 | 19 | 4 | 6 | 1 | | 1 | **168** | 47 |
| Животна средина | **26** | 26 | 2 | 28 | | 17 | 1 | 9 | 9 | | | | | 1 | **27** | 1 |
| Финансии | **101** | 102 | 9 | 110 | 1 | 60 | 1 | 21 | 16 | 3 | 2 | | | | **81** | 29 |
| Имотно-правни односи | **360** | 407 | 91 | 451 | | 236 | 2 | 168 | 104 | 20 | 44 | 1 | | | **362** | 89 |
| Потрошувачки права | **673** | 698 | 158 | 831 | 1 | 387 | 11 | 301 | 265 | 14 | 22 | 6 | 3 | 15 | **678** | 153 |
| Казнено-поправни и воспитно-поправни домови | **352** | 444 | 29 | 381 | | 233 | 9 | 108 | 89 | 16 | 3 | 10 | | 3 | **347** | 34 |
| Избирачки права | **90** | 99 | | 90 | 15 | 40 | 4 | 31 | 29 | 2 | | | | | **90** | |
| Попис | **12** | 12 | | 12 | | 1 | 1 | 9 | 9 | | | | | | **11** | 1 |
| Друго | **206** | 215 | 50 | 256 | 2 | 155 | 5 | 47 | 40 | 3 | 4 | | | | **205** | 51 |
| **ВКУПНО:** | **4256** | **4712** | **818** | **5074** | **26** | **2876** | **72** | **1362** | **1066** | **160** | **136** | **56** | **16** | **25** | **4200** | **874** |

Најголемиот дел од претставките се однесуваа на работата на судовите, односно одолжување на судските постапки, а дел се однесуваа и на актите и дејствата преземени и донесени од страна на второстепените комисии при Владата на Република Македонија, Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика и од други органи, како и на акти донесени од органи и организации што имаат јавни овластувања.

**Преглед бр.2**

| ПРЕГЛЕД НА ПРИМЕНИ, РЕШЕНИ И ПРЕТСТАВКИ ОСТАНАТИ ВО РАБОТА ПО ГОДИНИ | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | начин на решавање | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | Констатирани повреди | | | | | | | |
| | Останати од претходната година | Примени во тековната година | Број на подносители | **ВКУПНО во работа** | Анонимни | Со одлука за запирање или непокренување постапка | Решени на друг начин | Дадени мислења, сугестии, препораки | Постапено по интервенција на НП | Презмени сите законски дејствија од НП | Непостапено по интервенција на НП | Информации до министри | Информации до Влада | Информации до други органи и организации со јавни овластувања | **Вкупно завршени постапки** | Останати во работа |
| **2011** | 818 | 4256 | 4711 | 5074 | 26 | 2876 | 72 | 1361 | 1066 | 160 | 136 | 56 | 16 | 25 | **4200** | 874 |
| **2010** | 784 | 4043 | 4125 | 4827 | 19 | 2981 | 108 | 987 | 791 | 110 | 86 | 39 | 31 | 14 | **4009** | 818 |

**Графикон бр.5**




Во извештајната година беа констатирани 19 случаи на дискриминација по разни основи од кои постапено е по 11 интервенции, во седум случаи Народниот правобранител ги презеде сите дејствија, а за еден се чека одговор. Карактеристика е дека граѓаните, односно жртвите понатаму не продолжуваат да бараат друг вид заштита.

И покрај тоа што, видно од графиконот, во извештајната година се забележува голем пораст на претставки од граѓаните кои бараат заштита од дискриминација, сепак граѓаните се уште недоволно ги препознаваат формите во кои таа се појавува, како и начините за заштита.

**Графикон бр.6**




Од вкупно 144 претставки примени од областа на правата на децата 69 или 47,92% се однесуваа на права во семејството, 24 или 16,67% на повреда на други права во образовни установи, 18 или 12,50% на семејното насилство, 9 или 6,25% на здравствената заштита, 8 или 5,56% на физичко и психичко малтретирање на децата во училиште или установа, 3 или 2,08% на деца со посебни потреби, една или 0,69% се однесуваше на полова злоупотреба и 12 или 8,33% на други права на децата.

**Преглед бр.3**

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ПРИМЕНИ ПРЕТСТАВКИ**
**ПО ГРАДОВИ И ДРЖАВИ НА СТРАНСКИ ПОДНОСИТЕЛИ**

| | *2010 год.* | *2011 год.* | | *2010 год.* | *2011 год.* |
|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 18 | 8 | Неготино | 31 | 16 |
| Битола | 398 | 532 | Охрид | 108 | 82 |
| Богданци | 7 | 5 | Пехчево | 2 | 9 |
| Валандово | 1 | 6 | Прилеп | 131 | 132 |
| Велес | 85 | 69 | Пробиштип | 15 | 26 |
| Виница | 20 | 3 | Радовиш | 38 | 40 |
| Дебар | 19 | 11 | Ресен | 28 | 21 |
| Делчево | 16 | 19 | Скопје | 1743 | 1923 |
| Демир Хисар | 27 | 18 | Струга | 67 | 46 |
| Демир Капија | 7 | 4 | Струмица | 86 | 97 |
| Дојран | 1 | 2 | Свети Николе | 7 | 13 |
| Гевгелија | 43 | 38 | Тетово | 195 | 205 |
| Гостивар | 83 | 91 | Штип | 133 | 115 |
| Злетово | | 2 | Албанија | 1 | 1 |
| Кавадарци | 65 | 42 | Велика Британија | - | 1 |
| Кичево | 181 | 156 | Германија | - | 1 |
| Кочани | 20 | 16 | Косово | - | 1 |
| Кратово | 14 | 6 | Р. Чешка | 1 | |
| Кр.Паланка | 35 | 36 | Србија | 4 | 2 |
| Крушево | 14 | 10 | Франција | - | 1 |
| Куманово | 245 | 261 | Холандија | | 1 |
| М.Каменица | 9 | 3 | Турција | 1 | - |
| Мак.Брод | 27 | 17 | Швајцарија | 1 | - |
| Маврово | | 3 | Не е избран град или држава | 116 | 165 |
| | | | ***В К У П Н О*** | **4043** | **4256** |

Според местото на живеење на подносителите на претставките, најголем број претставки се од Скопје, односно 1.923, потоа следат претставки на подносители од: Битола, Куманово, Тетово, Кичево, Прилеп и од останатите поголеми урбани средини. Може да се забележи дека најбројни се подносителите на претставки кои живеат во местата каде се наоѓаат и подрачните канцеларии на Народниот правобранител.

**Преглед бр.4**

**ПРЕГЛЕД НА ПОДНОСИТЕЛИ НА ПРЕТСТАВКИ СПОРЕД ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ ПО ОБЛАСТИ**

| | ОБЛАСТ | Примени претставки во 2011 | Анонимни | Број на формирани предмети по сопствена иницијатива | Организација (Здружение) | Број на подносители | ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Македонци | Албанци | Срби | Роми | Македонци-Муслимани | Бошњаци | Власи | Турци | Не ја деклариралe етничката припадност | Други |
| 1 | Недискриминација и соодветна и правична застапеност | **42** | | 1 | 2 | 49 | 7 | 5 | | 1 | 1 | | | | 31 | 4 |
| 2 | Полициски постапки | **179** | 3 | 2 | 2 | 210 | 75 | 21 | | 15 | | | | 7 | 88 | 4 |
| 3 | Граѓански состојби и други внатрешни работи | **126** | | | 1 | 132 | 24 | 56 | | 9 | | 3 | | 2 | 31 | 7 |
| 4 | Правосудство | **732** | 2 | | 6 | 747 | 334 | 81 | 5 | 8 | 2 | | 1 | 17 | 297 | 3 |
| 5 | Социјална сигурност и заштита | **193** | | | | 209 | 90 | 44 | 2 | 18 | | 1 | | 4 | 49 | 1 |
| 6 | Работни односи | **412** | 1 | 1 | 6 | 493 | 184 | 51 | 3 | 6 | | 3 | 1 | 4 | 241 | |
| 7 | Станбени односи | **65** | | | 1 | 72 | 24 | 5 | | 3 | | | | 2 | 35 | 3 |
| 8 | Здравствена заштита | **115** | | | 1 | 116 | 54 | 13 | 4 | 1 | 1 | | 1 | 1 | 39 | 2 |
| 9 | Пензиско и инвалидско осигурување | **237** | | | 1 | 247 | 122 | 31 | | 8 | | 1 | | 5 | 79 | 1 |
| 10 | Образование, наука, култура и спорт | **45** | | | 2 | 69 | 27 | 5 | | 1 | 1 | | | 1 | 34 | |
| 11 | Права на децата | **144** | 1 | 5 | 16 | 131 | 33 | 13 | | 3 | 2 | 3 | | 2 | 74 | 1 |
| 12 | Урбанизам и градежништво | **146** | | | 1 | 180 | 72 | 9 | 1 | 1 | | | | 2 | 94 | 1 |
| 13 | Животна средина | **26** | | 1 | 3 | 22 | 11 | 1 | | | | | | | 10 | |
| 14 | Финансии | **101** | 1 | 1 | 2 | 98 | 48 | 11 | 1 | | | | | | 38 | |
| 15 | Имотно-правни односи | **360** | | | 5 | 402 | 148 | 35 | 3 | | | 2 | 7 | 4 | 202 | 1 |
| 17 | Потрошувачки права | **673** | 1 | | 10 | 687 | 281 | 74 | 7 | 11 | 1 | 2 | 4 | 7 | 295 | 5 |
| 18 | Казнено-поправни и воспитно-поправни домови | **352** | | 21 | 3 | 419 | 15 | 14 | | 2 | | | | | 388 | |
| 19 | Избирачки права | **90** | 15 | 1 | 5 | 78 | 2 | | 1 | | | | | | 75 | |
| 20 | Попис | **12** | | | | 12 | 2 | | | | | | | | 9 | 1 |
| 21 | Друго | **206** | 2 | | 13 | 199 | 74 | 22 | 4 | | | 1 | 2 | 3 | 91 | 2 |
| | **ВКУПНО:** | **4256** | **26** | **33** | **80** | **4572** | **1627** | **491** | **31** | **87** | **8** | **16** | **16** | **61** | **2200** | **36** |

Најголем број од подносителите на претставки кои се изјасниле за својата етничка припадност се Македонци т.е. 1.627 или 68,28%; 491 или 20,71% се припадници на албанската етничка заедница; најмал број претставки, односно 8 или 0,34% се поднесени од Македонци-Муслимани, додека 2.200 или 48,13% од подносителите на претставките не ја декларирале нивната етничка припадност. Може да се заклучи дека и понатаму бројот на подносителите на претставки кои не ја декларираат својата етничка припадност е се уште многу голем.

81.51%
спроведени
истраги

## ПОСТАПУВАЊЕ

**Слика бр.1**




Начинот на постапување по претставките главно зависи од тоа колку кон претставката е приложена соодветна документација. Кога за утврдување на фактичката состојба беа потребни одредени појаснувања се доставуваа барања до надлежните органи или до подносителите на претставките. Во другите случаи, каде фактичката состојба неспорно можеше да се утврди без дополнителни испитувања, се постапуваше веднаш. Фактичката состојба во голем број случаи се утврдуваше и со вршење увиди на самото место, а беа повикувани на разговор и службени и други лица.

Од вкупно 5.074 претставки постапката е завршена по 4.200 претставки или во 82,77% случаи, додека по 874 или 17,23% претставки постапката е во тек. (Слика бр.1)

Од завршените постапки по 4.200 претставки, за 1.938 претставки или во 46,14% случаи постапката е запрена, по 938 претставки или во 22,33% случаи не е покрената постапка, по 1.066 или 25,38% претставки е постапено откако Народниот правобранител констатира повреди на уставните и законските права на граѓаните. Во 160 или 3.81% претставки Народниот правобранител ги презеде сите законски дејствија, 72 или 1.71% претставки решени се на друг начин, а 28 или 0.62% случаи беа завршени без постапување поради тоа што претставките беа поднесени од анонимни подносители. (Слика бр.2)

**Слика бр.2**



Од 1.362 претставки по кои Народниот правобранител констатира повреди на уставните и законските слободи и права, во 1.066 или 78,27% случаи беше постапено по интервенција на Народниот правобранител, во 136 или 9,99% случаи се уште не е постапено по интервенција на Народниот правобранител, а по 160 претставки или 11,75% случаи Народниот правобранител ги презеде сите законски дејствија.

Во 2011 година Народниот правобранител од вкупно 5.074 претставки постапуваше по 4.136 или 81,51%, а во 938 или 18,49% претставки не покрена постапка. Поради ваквиот број на претставки по кои не е покрената постапка, Народниот правобранител цени дека се уште има граѓани кои недоволно ги знаат законските можности на институцијата (Слика бр.3). Од вкупно 4.136 претставки по кои Народниот правобранител покрена постапка, 3.262 или 78,87% се завршени, а по 874 претставки или за 21,13% случаи постапката е се уште во тек.

Ова се должи на сложеноста на проблемот и потребата за поисцрпно истражување за утврдување на фактичката состојба, но и поради ненавременото постапување на одредени органи и организации од кои Народниот правобранител или побарал информација или пак, доставил друга интервенција за соодветно постапување.

Ненавременото постапување на надлежните органи и покрај утврдените задолжителни рокови се уште е случај, но во одредени постапки одолжувањето се должеше и на доставување формални одговори од страна на органите со што не можеше докрај да се утврди фактичката состојба.

Од ова може да се констатира дека иако постои унапредување на односот на службени-те лица спрема барањата на Народниот правобранител, сепак се уште не е достигнат потребниот квалитет во соработката со Народниот правобранител. Заради ажурирање на постапката и подобрување на состојбите, до органите и органи-

**Слика бр.3**




**Графикон бр.7**



зациите со јавни овластувања беа доставени 25 информации од кои 18 беа прифатени, до надлежните министерства беа доставени 56 информации од кои 38 беа прифатени, а до Владата на Република Македонија беа доставени 16 информации од кои е постапено по 12. (Графикон бр.7)

И во текот на оваа извештајна година на секои три месеци континуирано беа доставувани информации до Генералниот секретаријат при Владата на Република Македонија за бројот и видот на доставените барања од Народниот правобранител до телата на Владата на Република Македонија и до органите во состав на министерствата. Ова придонесе за забрзување одредени постапки кои ги водеше Народниот правобранител, но сепак останува констатацијата дека се уште треба да се работи на квалитетот на соработката.

**26.84%**
**констатирани повреди**

## КОНСТАТИРАНИ ПОВРЕДИ И ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ




По истражувањето на фактичката состојба во претставките и зависно од констатациите за сторената повреда на правата на граѓаните, Народниот правобранител доставува: препораки, сугестии, укажувања, предлози, мислења, барања и други слични интервенции до надлежните органи заради отстранување на неправилностите и незаконитостите и секако за заштита на правата на граѓаните.

Од вкупниот број предмети по кои Народниот правобранител постапуваше во 2011 година, во 1.362 случаи беа констатирани повреди на уставните и законските права на граѓаните. Од нив во 1.066 случаи (78,27%) органите на државната управа, другите органи и организациите со јавни овластувања постапија по интервенциите на Народниот правобранител, за 136 случаи (9,99%) постапката е се уште во тек, а во 160 (11,75%) случаи Народниот правобранител ги презеде сите законски дејства.

Најголем број констатирани повреди во 2011 година беа од потрошувачките права 301 или 22,12%, од кои во 265 или 88,04% случаи органите и организациите со јавни овластувања постапија по интервенција на Народниот правобранител. Потоа следат претставките од имотно-правните односи, каде се констатирани повреди во 168 случаи или 12,34%, од кои во 104 или 61,90% случаи беа прифатени интервенциите на Народниот правобранител. Од областа на работните односи беа констатирани повреди во 110 или 8.08% претставки од кои во 53 случаи или 48.18% беа прифатени интервенциите; од областа на казнено-поправните и воспитно-поправните домови констатирани се повреди во 108 или 7.94% случаи од кои во 89 или 82.41% беше постапено по интервенција на Народниот правобранител и тн.

**Графикон бр.8**

Потрошувачки права




Имотно-правни односи




Работни односи




Казнено-поправни и воспитно-поправни домови




Пензиско и инвалидско осигурување




Правосудство




Социјална заштита




Граѓански состојби и други внатрешни работи




Здравствена заштита




Права на децата




Станбени односи




Урбанизам и градежништво




Полициски постапки




Финансии




Недискриминација и соодветна и правична застапеност






Од вкупниот број констатирани повреди, најголем број непостапувања по укажаните сугестии, препораки и други интервенции на Народниот правобранител беа забележани кај Министерството за финансии, второстепените комисии при Владата на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, единиците на локална самоуправа  и тн.

**Слика бр.5** Органи кои во најголем број случаи се уште не постапиле по интервенција на НП




Како и секоја година, констатираните повреди на правата на граѓаните се однесуваа на повреди на законските и на процедуралните одредби, односно на одолжување на постапките во кои граѓаните ги остваруваат нивните права. Од вкупниот број констатирани повреди речиси 90% се однесуваа на одолжување на управните постапки. Со други зборови кажано, во над 90% случаи надлежните органи не го почитувале рокот за одлучување по барањата на граѓаните, а во значителен број го злоупотребиле институтот молчење на администрацијата.

За отстранување на констатираните повреди Народниот правобранител до надлежните органи достави 255 интервенции меѓу кои: 178 укажувања, 50 препораки, 22 мислења

и пет сугестии. Покрај ова, Народниот правобранител поднесе две барања до Јавното обвинителство за покренување постапка заради утврдување казнена одговорност и еден предлог за покренување дисциплинска постапка против одговорни или службени лица во органите и организациите. (Графикон бр.9)

**Графикон бр.9**

**Доставени интервенции од Народниот правобранител**




**Над 7.000 граѓани примени на разговор**

## СТАТИСТИКА ОД ПОДРАЧНИТЕ КАНЦЕЛАРИИ

Народен правобранител е институцијата која секогаш е отворена за граѓаните и за нивните проблеми со кои тие се соочуваат секојдневно.

Така, секој работен ден во канцеларијата во Скопје, како и во подрачните канцеларии во: Битола, Кичево, Куманово, Струмица, Тетово и Штип имаше прием на граѓани при што народниот правобранител, неговите заменици и вработените во стручната служба примија огромен број граѓани и доколку постоеше сомнение за сторени повреди на правата веднаш се формираа предмети по кои потоа се постапуваше. Сепак, во случаите каде не постоеше основ за постапување на Народниот правобранител, на граѓаните им беше даван соодветен правен совет за начинот на кој можат да го заштитат или остварат нивното право и пред кој надлежен орган. Канцеларијата на Народниот правобранител во Скопје во 2011 година има примено најмногу претставки, односно 2.778. Во Канцеларијата на Народниот правобранител во Битола примени се 631 претставки, во Тетово 183, во Куманово 237, во Кичево 218, 111 во Штип и 98 претставки се примени во Подрачната канцеларија во Струмица.

## ПРЕГЛЕД НА ПРИМЕНИ ПРЕТСТАВКИ И ПРЕТСТАВКИ ВО РАБОТА ВО КАНЦЕЛАРИИТЕ НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

| ОБЛАСТИ | Скопје | | Битола | | Кичево | | Струмица | | Тетово | | Штип | | Куманово | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Постапувано | Примени претставки | Постапувано | Примени претставки | Постапувано | Примени претставки | Постапувано | Примени претставки | Постапувано | Примени претставки | Постапувано | Примени претставки | Постапувано | Примени претставки |
| Недискриминација и соодветна и правична застапеност | 26 | 27 | | | 1 | | 1 | | | | | 1 | 1 | 1 |
| Полициски постапки | 75 | 96 | 32 | 27 | 30 | 29 | 8 | 3 | 7 | 5 | 10 | 7 | 18 | 13 |
| Граѓански состојби | 64 | 72 | 13 | 11 | 7 | 6 | 2 | 1 | 4 | 3 | 1 | | 35 | 33 |
| Правосудство | 315 | 287 | 169 | 142 | 75 | 73 | 39 | 25 | 50 | 36 | 40 | 26 | 44 | 43 |
| Социјална заштита | 69 | 71 | 57 | 55 | 10 | 9 | 12 | 11 | 12 | 13 | 4 | 4 | 30 | 31 |
| Работни односи | 306 | 343 | 49 | 40 | 11 | 7 | 5 | 3 | 25 | 18 | 15 | 6 | 12 | 6 |
| Станбени односи | 50 | 52 | 13 | 11 | | | | | 1 | 1 | | | 1 | 1 |
| Здравствена заштита | 54 | 56 | 31 | 26 | 1 | 1 | 7 | 8 | 11 | 11 | 2 | 5 | 9 | 8 |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 133 | 137 | 36 | 34 | 15 | 19 | 19 | 16 | 12 | 12 | 9 | 5 | 13 | 14 |
| Образование, наука, култура и спорт | 30 | 32 | 9 | 8 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | | | 2 | 2 |
| Права на децата | 136 | 125 | 5 | 5 | 2 | 4 | | | 1 | 4 | 1 | 7 | | |
| Урбанизам и градежништво | 66 | 86 | 16 | 13 | 25 | 18 | 7 | 4 | 9 | 7 | 6 | 2 | 17 | 16 |
| Животна средина | 10 | 14 | 6 | 6 | 2 | 2 | 4 | 1 | | | 1 | | 3 | 3 |
| Финансии | 64 | 64 | 18 | 17 | 2 | 4 | 2 | 3 | 2 | 1 | 2 | 2 | 11 | 10 |
| Имотно-правни односи | 188 | 240 | 62 | 46 | 26 | 21 | 18 | 10 | 31 | 18 | 14 | 10 | 21 | 15 |
| Потрошувачки права | 424 | 460 | 146 | 133 | 15 | 6 | 8 | 5 | 40 | 36 | 5 | 2 | 35 | 31 |
| Казнено-поправни установи и воспитно-поправни домови | 285 | 298 | 17 | 12 | 5 | 4 | 5 | 2 | 6 | 6 | 34 | 30 | | |
| Избирачки права | 82 | 82 | 8 | 8 | | | | | | | | | | |
| Попис | 12 | 12 | | | | | | | | | | | | |
| Друго | 107 | 124 | 47 | 37 | 15 | 14 | 6 | 5 | 15 | 11 | 4 | 4 | 11 | 10 |
| **В К У П Н О:** | **2496** | **2778** | **734** | **631** | **243** | **218** | **145** | **98** | **227** | **183** | **148** | **111** | **263** | **237** |

# ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НИЗ ОБЛАСТИ



# НЕДИСКРИМИНАЦИЈА И СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

## Недискриминација

Во функција на заштита на правата на граѓаните од дискриминација и следење на состојбите со почитувањето на примената на начелата на недискриминација, Народниот правобранител и во извештајната година постапуваше по поединечни претставки, а едновремено прибавуваше и податоци од институциите спрема кои надлежно постапува.




Во однос на претходните години, во извештајната година присутен беше тренд на зголемување на бројот на претставките што се однесуваа на дискриминаторско однесување. Сметаме дека тоа се должи на поголемата информираност на граѓаните за овој феномен и за неговите појавни облици и форми, како и за можностите за вонсудска заштита на повредените права од дискриминаторско однесување. Меѓутоа, исто така, треба да се напомене дека граѓаните се уште не се спремни за јавно изнесување на проблемите и јасно и недвосмислено посочување на дискриминацијата. Појавите на дискриминаторско однесување се присутни во сите области во општеството, меѓутоа за извештајната година карактеристично е дека претставките се поврзани со остварувањето на правата од работен однос со основи на дискриминација по политичка припадност, односно уверување и дискриминација по основ на етничка припадност.

При постапувањето по претставките, користејќи ги своите законски можности, Народниот правобранител на институциите им укажуваше на забраната на сите облици на дискриминација, вклучително и дискриминацијата по етничка основа и дискриминацијата по политичко или друго убедување. Така, во повеќето случаи интервенциите на Народниот правобранител беа прифатени, а во некои предмети постапката беше запрена поради заведување судски спор од страна на подносителите. Како карактеристичен пример на дискриминација по политичка основа е случајот со вработен во локална самоуправа.

Имено, градоначалникот спрема вработен во Општината донел овластување сметајќи го како акт за прераспоредување и вработениот го распоредил на вршење работи и работни задачи во орган во состав на Општината, целосно занемарувајќи го фактот дека вработениот е со статус на државен службеник и дека доколку треба да биде прераспореден

тоа треба да биде на работно место со статус на државен службеник, а не на работно место кое нема таков статус. Таквото постапување беше во целост спротивно на законскиот начин на распоредување со донесување соодветно решение за распоредување. Веднаш по донесувањето на ова овластување, градоначалникот на Општината на вработениот му врачил и решение за парична казна заради сторен дисциплински престап, а притоа целосно ја пропуштил пропишаната постапка за утврдување дисциплински престап од една страна, а од друга страна, како причина поради која е донесено решението е наведено дека вработениот на градоначалникот не му доставил податоци за својата имотна состојба заради утврдување дали би бил даночен обврзник или не. Ваквото барање на градоначалникот воопшто не може да биде причина за донесување решение за дисциплински престап и доколку би се спровела пропишаната постапка.

По решението за дисциплински престап на вработениот веднаш му било донесено решение за користење на остатокот од годишниот одмор без да се земе предвид неговата изјава во кој период сака да го користи остатокот годишен одмор заради семејни обврски. Имајќи го предвид ваквото постапување на градоначалникот, во кое очигледна била намерата со споменатите незаконски постапки и донесените незаконски решенија вработениот да биде дискриминиран заради различно политичко убедување, Народниот правобранител достави укажување до градоначалникот за отстранување на сите противзаконски акти со кои вработениот беше дискриминиран. За ова постапување беше известен и надлежниот инспектор за труд од кого беше побарано отстранување на констатираните повреди на правата на вработениот.



По доставеното укажување од Народниот правобранител и извршениот инспекциски надзор по кој се донесе решение за отстранување на сите донесени решенија, градоначалникот веднаш постапи и донесе решение за поништување на овластувањето кое го сметаше како акт за распоредување. Потоа беше донесено и решение за поништување на решението со кое на вработениот му беше изречена парична казна за сторен дисциплински престап, а во однос на донесеното решение за годишен одмор градоначалникот не презеде мерки со оглед дека вработениот го искористил остатокот од годишниот одмор според желбата на градоначалникот и не постоеше целисходност за негово поништување.

Друг карактеристичен предмет како дискриминаторско однесување е неспроведување анекс на договор за вработување новинар во еден медиум. Одговорните лица во медиумот одбиле да спроведат анекс на договор за вработување со кој новинарката била унапредена, што според неа претставувало дискриминација по основ на етничка припадност. Неспроведувањето на анексот било образложено со неговото донесување во време на кампања за избори. Иако од почеток одговорните лица во медиумот неспроведувањето на анексот на договорот го правдаа со допис од Државната комисија за спречување на корупцијата за забрана на ангажирање буџетски средства во време на изборен процес, по интервенција на Народниот правобранител препораката беше прифатена и подносителката го оствари нејзиното право.

Во изминатата година беа поднесени и претставки по основ на психичко вознемирување на работното место – мобинг. По ваквите претставки се постапуваше и во областа работен однос, имајќи предвид дека подносителите се жалеа дека биле психички вознемирувани затоа што не сакале да прифатат прераспоредување на работно место. Меѓутоа, со оглед дека мобингот е еден од основите за дискриминација, се оцени дека оваа појава треба да најде соодветно место и во оваа област. Во однос на ваквите претставки Народниот правобранител

смета дека постојната правна рамка (само еден член во Законот за работните односи) не обезбедува соодветна можност за целосно истражување на случаите поврзани со мобинг како во постапките пред Народниот правобранител, така и понатаму во евентуална судска заштита. Затоа, недвојбено се наметнува заклучокот за итно донесување закон за заштита од психичко вознемирување – мобинг.



Како вонпредметна активност на Народниот правобранител во текот на извештајната година е обработката на податоците добиени од општините по прашалникот дали согласно одредбите на Законот за локална самоуправа имаат оформено комисија за еднакви можности и комисија за односи меѓу заедниците. Од добиените податоци може да се констатира дека помал број општини се уште ги немаат формирано наведените комисии, но за жал, констатација е и дека и онаму каде што комисиите се формирани тие не функционираат или пак, имаат одржано само неколку седници. Во овој контекст Народниот правобранител смета за потребно да потсети на задолжителноста на законската норма и препорачува формирање и профункционирање на комисијата за еднакви можности и комисијата за односи помеѓу заедниците, бидејќи се во функција на унапредување на толеранцијата и почитувањето на различноста на сите граѓани, припадници на сите заедници во Република Македонија.

За подобрување на состојбите во областа на недискриминацијата за одбележување е дека започна со работа Државната комисија за заштита од дискриминација со која Народниот правобранител воспостави соработка. Народниот правобранител очекува во наредниот период Комисијата со своите дејствија значително да придонесе во спречувањето на дискриминаторското однесување во сите области. Во тој контекст секако е и подготовката на Националната стратегијата за еднаквост и недискриминација, во која активност Народниот правобранител е вклучен од самиот почеток.

**Констатации**

*Дискриминацијата е присутна во сите сфери на општеството, а особено по основ на етничка припадност и политичко уверување.*

*Недостасуваат информативно - едукативни кампањи за јакнење на свеста на граѓаните за појавните облици на дискриминацијата во нашето општество.*

**Препораки**

*Преземање мерки од сите надлежни институции за ефективно спречување и заштита од дискриминација со доследно имплементирање на правната регулатива, а особено законските решенија на Законот за спречување и заштита од дискриминација.*

*Спроведување информативно - едукативни кампањи за јакнење на свеста за доследно остварување на начелото на еднаквост на сите граѓани.*

## Соодветна и правична застапеност

Во рамките на согледувањето на состојбата со имплементацијата на начелото на соодветна и правична застапеност на заедниците, Народниот правобранител со претходно подготвени табели се обрати до органите на државната управа, самостојните органи и организации, единиците на локалната самоуправа, здравствените, културните и образовните институции, судовите и обвинителствата и до други установи и служби спрема кои надлежно постапува. Во извештајната година, за разлика од претходната, писмени барања со подготвени табели за пополнување беа доставени до 1.082 институции, односно до 196 институции повеќе од претходната година. На доставените барања податоци доставија 972 институции, а 110 институции не доставија одговори и покрај писмените ургенции и телефонски контакти. Така на пример, не се добиени податоци од Министерството за финансии и од општините: Врапчиште, Градско, Демир Капија, Конче, Неготино, Ново Село и Студеничани, како и од некои образовни и културни установи на локално ниво. Податоците добиени од високообразовните установи добиени се на ниво на универзитети.



Анализирајќи ги добиените податоци може да се заклучи дека постои напредок во имплементацијата на начелото на соодветна и правична застапеност, но има голем број институции кои го немаат постигнато задолжителното ниво на соодветна и правична застапеност. Ваквата констатација, која упатува на заклучок дека во одделни институции начелото на соодветна и правична застапеност е недоволно применето, особено е карактеристична и кога се анализираат податоците за застапеноста на припадниците на заедниците кај раководниот кадар. Од друга страна, повторно како и претходните години, мораме да констатираме дека кај јавните претпријатија степенот на примена на начелото на соодветна и правична застапеност се уште е низок и во однос на нераководниот кадар.

За надминување на проблемите во спроведувањето на ова начело, Народниот правобранител смета дека е неопходно да продолжат дејствијата и мерките за афирмација на овој уставен принцип, а особено да се поттикнат јавните претпријатија за почитување на принципот на соодветна и правична застапеност. Од друга страна, потребно да се посвети особено внимание на имплементацијата на начелото на соодветна и правична застапеност и во однос на пополнувањето на раководните работни места.

Во насока на следење на состојбата со почитувањето на начелото на соодветна и правична застапеност, побарани беа податоци од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор во однос на преземените аативности во 2011 година и планираното за 2012 година. Според добиените податоци видно е дека во 2011 година во насока на подобрување на состојбата со имплементирањето на начелото на соодветна и правична застапеност биле спроведени шест огласи за вработување. По завршувањето на постапките биле вработени вкупно 543 извршители од кои 361 со високо и 182 со средно образование. Во врска со планираните активности за 2012 година, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор извести дека ќе продолжи распоредувањето на примените кандидати од претходните огласи, но и дека ќе се спроведат нови постапки за вработување, согласно годишната програма за вработување на Секретаријатот и добиените годишни планови за вработување во органите.

Во однос на предметното постапување карактеристични се претставките поднесени од неколку лица од заедницата на Еѓипќаните кои изразија незадоволство од објавениот конкурс за ангажирање реонски попишувачи затоа што во објавеното не била предвидена графа „други етнички заедници'', односно тие не биле соодветно и правично застапени во пописните активности. Во тој контекст, постапувајќи по претставките Народниот правобранител на

Државната пописна комисија и препорача во конкурсот доследно да се имплементира на начелото за правична и соодветна застапеност на сите зеадници. Во повторно објавениот конкурс за избор на реонски попишувачи, поради одложување на првично закажаниот термин за попис, направениот пропуст беше отстранет.

Во врска со почитувањето на ова уставно начело треба да се напомене дека Народниот правобранител и во извештајната година при предметното постапување на институциите им посочуваше на уставните одредби за доследна примена на начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, затоа што спроведувањето на овој принцип, покрај почитувањето на етничкиот идентитет, претставува и почитување на интересите на сите граѓани на Република Македонија.

Имено, обезбедувањето реален соодност помеѓу бројот на вработените и застапеноста на припадниците на сите заедници може да придонесе за изградба на мултиетничка доверба и толеранција, а воедно и да претставува еден вид превенција заради елиминирање на дискриминацијата по основ на етничка припадност.

| Органи и институции | работни места | Вкупно | СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Бошњаци | | Други | |
| | | | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % |
| Кабинет на Претседателот на РМ-Стручна служба | раководни раб. места | 14 | 11 | 78,6 | 3 | 21,4 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 26 | 21 | 80,8 | 1 | 3,8 | 1 | 3,8 | 0 | 0,0 | 1 | 3,8 | 2 | 7,7 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | вработени во органот | 40 | 32 | 80,0 | 4 | 10,0 | 1 | 2,5 | 0 | 0,0 | 1 | 2,5 | 2 | 5,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Собрание на РМ-Стручна служба | раководни раб. места | 58 | 43 | 74,1 | 13 | 22,4 | 1 | 1,7 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 1,7 |
| | нераководни раб. места | 210 | 158 | 75,2 | 42 | 20,0 | 2 | 1,0 | 1 | 0,5 | 5 | 2,4 | | 0,0 | 2 | 1,0 | 0 | 0,0 |
| | вработени во органот | 268 | 201 | 75,0 | 55 | 20,5 | 3 | 1,1 | 1 | 0,4 | 5 | 1,9 | 0 | 0,0 | 2 | 0,7 | 1 | 0,4 |
| Народен правобранител | раководни раб. места | 33 | 23 | 69,7 | 7 | 21,2 | | 0,0 | 1 | 3,0 | 1 | 3,0 | 1 | 3,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 45 | 16 | 35,6 | 21 | 46,7 | 1 | 2,2 | 2 | 4,4 | 2 | 4,4 | 1 | 2,2 | 1 | 2,2 | 1 | 2,2 |
| | вработени во органот | 78 | 39 | 50,0 | 28 | 35,9 | 1 | 1,3 | 3 | 3,8 | 3 | 3,8 | 2 | 2,6 | 1 | 1,3 | 1 | 1,3 |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | раководни раб. места | 11 | 10 | 90,9 | 1 | 9,1 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 12 | 6 | 50,0 | 5 | 41,7 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 8,3 |
| | вработени во органот | 23 | 16 | 69,6 | 6 | 26,1 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 4,3 |
| Уставен суд | раководни раб. места | 10 | 7 | 70,0 | 2 | 20,0 | 1 | 10,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 19 | 17 | 89,5 | 1 | 5,3 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 5,3 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | вработени во органот | 29 | 24 | 82,8 | 3 | 10,3 | 1 | 3,4 | 0 | 0,0 | 1 | 3,4 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Судски совет | раководни раб. места | 37 | 24 | 64,9 | 8 | 21,6 | 2 | 5,4 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 2 | 5,4 | 1 | 2,7 |
| | нераководни раб. места | 19 | 16 | 84,2 | 1 | 5,3 | 1 | 5,3 | 0 | 0,0 | 1 | 5,3 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | вработени во органот | 56 | 40 | 71,4 | 9 | 16,1 | 3 | 5,4 | 0 | 0,0 | 1 | 1,8 | 0 | 0,0 | 2 | 3,6 | 1 | 1,8 |
| Виш управен суд | раководни раб. места | 14 | 12 | 85,7 | 2 | 14,3 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 9 | 8 | 88,9 | 1 | 11,1 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 23 | 20 | 87,0 | 3 | 13,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Управен суд | раководни раб. места | 23 | 15 | 65,2 | 6 | 26,1 | 1 | 4,3 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 4,3 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 33 | 32 | 97,0 | 1 | 3,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | вработени во органот | 56 | 47 | 83,9 | 7 | 12,5 | 1 | 1,8 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 1,8 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Врховен суд | раководни раб. места | 30 | 24 | 80,0 | 6 | 20,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 12 | 6 | 50,0 | 1 | 8,3 | 1 | 8,3 | 1 | 8,3 | 2 | 16,7 | 1 | 8,3 | | 0,0 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 42 | 30 | 71,4 | 7 | 16,7 | 1 | 2,4 | 1 | 2,4 | 2 | 4,8 | 1 | 2,4 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Јавно обвинителство | раководни раб. места | 25 | 16 | 64,0 | 6 | 24,0 | | 0,0 | | 0,0 | 2 | 8,0 | 1 | 4,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 14 | 12 | 85,7 | 2 | 14,3 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 39 | 28 | 71,8 | 8 | 20,5 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 2 | 5,1 | 1 | 2,6 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Државно правобранителство | раководни раб. места | 38 | 36 | 94,7 | 0 | 0,0 | 1 | 2,6 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 2,6 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 65 | 59 | 90,8 | 3 | 4,6 | 1 | 1,5 | 0 | 0,0 | 2 | 3,1 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | вработени во органот | 103 | 95 | 92,2 | 3 | 2,9 | 2 | 1,9 | 0 | 0,0 | 2 | 1,9 | 1 | 1,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Совет на јавни обвинители | раководни раб. места | 9 | 6 | 66,7 | 2 | 22,2 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 11,1 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 5 | 5 | 100,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | вработени во органот | 14 | 11 | 78,6 | 2 | 14,3 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 7,1 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Народна Банка | раководни раб. места | 89 | 86 | 96,6 | 1 | 1,1 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 2 | 2,2 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 345 | 304 | 88,1 | 20 | 5,8 | 4 | 1,2 | 1 | 0,3 | 11 | 3,2 | 4 | 1,2 | 0 | 0,0 | 1 | 0,3 |
| | вработени во органот | 434 | 390 | 89,9 | 21 | 4,8 | 4 | 0,9 | 1 | 0,2 | 11 | 2,5 | 6 | 1,4 | 0 | 0,0 | 1 | 0,2 |
| Државна изборна Комисија-стручна служба | раководни раб. места | 29 | 19 | 65,5 | 8 | 27,6 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 2 | 6,9 |
| | нераководни раб. места | 68 | 46 | 67,6 | 19 | 27,9 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 1,5 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 2 | 2,9 |
| | вработени во органот | 97 | 65 | 67,0 | 27 | 27,8 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 1,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 4 | 4,1 |
| Македонска акад. на науките и уметностите | раководни раб. места | 5 | 5 | 100,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 52 | 49 | 94,2 | 1 | 1,9 | 1 | 1,9 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 1,9 |
| | вработени во органот | 57 | 54 | 94,7 | 1 | 1,8 | 1 | 1,8 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 1,8 |
| Министерство за внатрешни работи | раководни раб. места | 214 | 168 | 78,5 | 28 | 13,1 | 0 | 0,0 | 3 | 1,4 | 8 | 3,7 | 2 | 0,9 | 0 | 0,0 | 5 | 2,3 |
| | нераководни раб. места | 11196 | 8814 | 78,7 | 1891 | 16,9 | 71 | 0,6 | 73 | 0,7 | 180 | 1,6 | 10 | 0,1 | 0 | 0,0 | 157 | 1,4 |
| | вработени во органот | 11410 | 8982 | 78,7 | 1919 | 16,8 | 71 | 0,6 | 76 | 0,7 | 188 | 1,6 | 12 | 0,1 | 0 | 0,0 | 162 | 1,4 |
| Министерство за економија | раководни раб. места | 84 | 62 | 73,8 | 19 | 22,6 | 1 | 1,2 | | 0,0 | 1 | 1,2 | | 0,0 | 1 | 1,2 | | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 371 | 255 | 68,7 | 98 | 26,4 | 3 | 0,8 | | 0,0 | 5 | 1,3 | 6 | 1,6 | 1 | 0,3 | 3 | 0,8 |
| | вработени во органот | 455 | 317 | 69,7 | 117 | 25,7 | 4 | 0,9 | 0 | 0,0 | 6 | 1,3 | 6 | 1,3 | 2 | 0,4 | 3 | 0,7 |
| Министерство за животна средина и прос. планирање | раководни раб. места | 48 | 40 | 83,3 | 4 | 8,3 | 1 | 2,1 | 0 | 0,0 | 2 | 4,2 | 1 | 2,1 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 144 | 83 | 57,6 | 56 | 38,9 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 2 | 1,4 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 3 | 2,1 |
| | вработени во органот | 192 | 123 | 64,1 | 60 | 31,3 | 1 | 0,5 | 0 | 0,0 | 4 | 2,1 | 1 | 0,5 | 0 | 0,0 | 3 | 1,6 |
| Министерство за здравство | раководни раб. места | 61 | 52 | 85,2 | 7 | 11,5 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | 2 | 3,3 |
| | нераководни раб. места | 140 | 52 | 37,1 | 81 | 57,9 | 2 | 1,4 | 1 | 0,7 | 2 | 1,4 | 1 | 0,7 | 1 | 0,7 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 201 | 104 | 51,7 | 88 | 43,8 | 2 | 1,0 | 1 | 0,5 | 2 | 1,0 | 1 | 0,5 | 1 | 0,5 | 2 | 1,0 |
| Министерство за зем. шум. и водостопанство | раководни раб. места | 160 | 146 | 91,3 | 11 | 6,9 | 1 | 0,6 | 0 | 0,0 | 1 | 0,6 | 1 | 0,6 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 815 | 646 | 79,3 | 126 | 15,5 | 10 | 1,2 | 2 | 0,2 | 20 | 2,5 | 3 | 0,4 | 4 | 0,5 | 4 | 0,5 |
| | вработени во органот | 975 | 792 | 81,2 | 137 | 14,1 | 11 | 1,1 | 2 | 0,2 | 21 | 2,2 | 4 | 0,4 | 4 | 0,4 | 4 | 0,4 |
| Министерство за инф. општество и администрација | раководни раб. места | 28 | 25 | 89,3 | 2 | 7,1 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 3,6 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 88 | 72 | 81,8 | 9 | 10,2 | 1 | 1,1 | 1 | 1,1 | 2 | 2,3 | 1 | 1,1 | 1 | 1,1 | 1 | 1,1 |
| | вработени во органот | 116 | 97 | 83,6 | 11 | 9,5 | 1 | 0,9 | 1 | 0,9 | 2 | 1,7 | 2 | 1,7 | 1 | 0,9 | 1 | 0,9 |
| Министерство за култура | раководни раб. места | 43 | 36 | 83,7 | 5 | 11,6 | 1 | 2,3 | 0 | 0,0 | 1 | 2,3 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 105 | 39 | 37,1 | 55 | 52,4 | 2 | 1,9 | 2 | 1,9 | 5 | 4,8 | 1 | 1,0 | 1 | 1,0 | 0 | 0,0 |
| | вработени во органот | 148 | 75 | 50,7 | 60 | 40,5 | 3 | 2,0 | 2 | 1,4 | 6 | 4,1 | 1 | 0,7 | 1 | 0,7 | 0 | 0,0 |
| Министерство за локална самоуправа | раководни раб. места | 18 | 13 | 72,2 | 4 | 22,2 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 5,6 |
| | нераководни раб. места | 25 | 9 | 36,0 | 16 | 64,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | вработени во органот | 43 | 22 | 51,2 | 20 | 46,5 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 2,3 |
| Министерство за надворешни работи | раководни раб. места | 117 | 100 | 85,5 | 14 | 12,0 | 1 | 0,9 | | 0,0 | 1 | 0,9 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 0,9 |
| | нераководни раб. места | 393 | 274 | 69,7 | 102 | 26,0 | 4 | 1,0 | 2 | 0,5 | 3 | 0,8 | 2 | 0,5 | 4 | 1,0 | 2 | 0,5 |
| | вработени во органот | 510 | 374 | 73,3 | 116 | 22,7 | 5 | 1,0 | 2 | 0,4 | 4 | 0,8 | 2 | 0,4 | 4 | 0,8 | 3 | 0,6 |
| Министерство за образование и наука | раководни раб. места | 28 | 20 | 71,4 | 6 | 21,4 | 1 | 3,6 | 1 | 3,6 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 250 | 154 | 61,6 | 79 | 31,6 | 5 | 2,0 | 1 | 0,4 | 7 | 2,8 | 1 | 0,4 | | 0,0 | 3 | 1,2 |
| | вработени во органот | 278 | 174 | 62,6 | 85 | 30,6 | 6 | 2,2 | 2 | 0,7 | 7 | 2,5 | 1 | 0,4 | 0 | 0,0 | 3 | 1,1 |
| Министерство за одбрана | раководни раб. места | 80 | 72 | 90,0 | 6 | 7,5 | | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 1,3 | 1 | 1,3 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 795 | 678 | 85,3 | 83 | 10,4 | 8 | 1,0 | 1 | 0,1 | 10 | 1,3 | 6 | 0,8 | 4 | 0,5 | 5 | 0,6 |
| | вработени во органот | 875 | 750 | 85,7 | 89 | 10,2 | 8 | 0,9 | 1 | 0,1 | 11 | 1,3 | 7 | 0,8 | 4 | 0,5 | 5 | 0,6 |
| Министерство за правда | раководни раб. места | 47 | 43 | 91,5 | 2 | 4,3 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 2,1 | | 0,0 | 1 | 2,1 | | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 203 | 122 | 60,1 | 63 | 31,0 | 6 | 3,0 | 4 | 2,0 | 4 | 2,0 | 2 | 1,0 | 1 | 0,5 | 1 | 0,5 |
| | вработени во органот | 250 | 165 | 66,0 | 65 | 26,0 | 6 | 2,4 | 4 | 1,6 | 5 | 2,0 | 2 | 0,8 | 2 | 0,8 | 1 | 0,4 |
| Министерство за транспорт и врски | раководни раб. места | 62 | 54 | 87,1 | 6 | 9,7 | 1 | 1,6 | 0 | 0,0 | 1 | 1,6 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 246 | 197 | 80,1 | 41 | 16,7 | 4 | 1,6 | 0 | 0,0 | 3 | 1,2 | 1 | 0,4 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | вработени во органот | 308 | 251 | 81,5 | 47 | 15,3 | 5 | 1,6 | 0 | 0,0 | 4 | 1,3 | 1 | 0,3 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Министерство за труд и социјална политика | раководни раб. места | 50 | 38 | 76,0 | 6 | 12,0 | 1 | 2,0 | 2 | 4,0 | 2 | 4,0 | 1 | 2,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 344 | 238 | 69,2 | 82 | 23,8 | 1 | 0,3 | 5 | 1,5 | 6 | 1,7 | 8 | 2,3 | 3 | 0,9 | 1 | 0,3 |
| | вработени во органот | 394 | 276 | 70,1 | 88 | 22,3 | 2 | 0,5 | 7 | 1,8 | 8 | 2,0 | 9 | 2,3 | 3 | 0,8 | 1 | 0,3 |
| Министерство за финансии | раководни раб. места | 0 | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | нераководни раб. места | 0 | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | вработени во органот | 0 | 0 | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 | | 0 | |
| Генерален секретаријат | раководни раб. места | 53 | 47 | 88,7 | 4 | 7,5 | 1 | 1,9 | 0 | 0,0 | 1 | 1,9 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 167 | 138 | 82,6 | 11 | 6,6 | 4 | 2,4 | 6 | 3,6 | 0 | 0,0 | 3 | 1,8 | 3 | 1,8 | 2 | 1,2 |
| | вработени во органот | 220 | 185 | 84,1 | 15 | 6,8 | 5 | 2,3 | 6 | 2,7 | 1 | 0,5 | 3 | 1,4 | 3 | 1,4 | 2 | 0,9 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Служба за општи и заеднички работи | раководни раб. места | 13 | 11 | 84,6 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 7,7 | 1 | 7,7 | | 0,0 | | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 363 | 319 | 87,9 | 22 | 6,1 | 5 | 1,4 | 5 | 1,4 | 6 | 1,7 | 2 | 0,6 | 3 | 0,8 | 1 | 0,3 |
| | вработени во органот | 376 | 330 | 87,8 | 22 | 5,9 | 5 | 1,3 | 5 | 1,3 | 7 | 1,9 | 3 | 0,8 | 3 | 0,8 | 1 | 0,3 |
| Секретаријат за законодавство | раководни раб. места | 13 | 11 | 84,6 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 7,7 | | 0,0 | 1 | 7,7 |
| | нераководни раб. места | 11 | 8 | 72,7 | 2 | 18,2 | 1 | 9,1 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | вработени во органот | 24 | 19 | 79,2 | 2 | 8,3 | 1 | 4,2 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 4,2 | 0 | 0,0 | 1 | 4,2 |
| Секретаријат за европски прашања | раководни раб. места | 17 | 15 | 88,2 | 0 | 0,0 | 1 | 5,9 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 5,9 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 73 | 60 | 82,2 | 4 | 5,5 | 2 | 2,7 | 1 | 1,4 | 2 | 2,7 | 2 | 2,7 | 1 | 1,4 | 1 | 1,4 |
| | вработени во органот | 90 | 75 | 83,3 | 4 | 4,4 | 3 | 3,3 | 1 | 1,1 | 2 | 2,2 | 3 | 3,3 | 1 | 1,1 | 1 | 1,1 |
| Секретаријат за спров. Рамковниот договор* | раководни раб. места | 37 | 1 | 2,7 | 34 | 91,9 | 1 | 2,7 | | 0,0 | | 0,0 | | 0,0 | 1 | 2,7 | | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 1312 | 14 | 1,1 | 1019 | 77,7 | 153 | 11,7 | 82 | 6,3 | 10 | 0,8 | 8 | 0,6 | 26 | 2,0 | | 0,0 |
| | вработени во органот | 1349 | 15 | 1,1 | 1053 | 78,1 | 154 | 11,4 | 82 | 6,1 | 10 | 0,7 | 8 | 0,6 | 27 | 2,0 | 0 | 0,0 |
| Виши јавни обвинителства | раководни раб. места | 30 | 23 | 76,7 | 6 | 20,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 3,3 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 32 | 31 | 96,9 | 1 | 3,1 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | вработени во органот | 62 | 54 | 87,1 | 7 | 11,3 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 1,6 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| Основни јавни обвинителства | раководни раб. места | 205 | 177 | 86,3 | 20 | 9,8 | 2 | 1,0 | 0 | 0,0 | 2 | 1,0 | 1 | 0,5 | 1 | 0,5 | 2 | 1,0 |
| | нераководни раб. места | 213 | 173 | 81,2 | 23 | 10,8 | 3 | 1,4 | 1 | 0,5 | 3 | 1,4 | 7 | 3,3 | 1 | 0,5 | 2 | 0,9 |
| | вработени во органот | 418 | 350 | 83,7 | 43 | 10,3 | 5 | 1,2 | 1 | 0,2 | 5 | 1,2 | 8 | 1,9 | 2 | 0,5 | 4 | 1,0 |
| Апелациони судови | раководни раб. места | 111 | 83 | 74,8 | 21 | 18,9 | 1 | 0,9 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 3 | 2,7 | 0 | 0,0 | 3 | 2,7 |
| | нераководни раб. места | 216 | 178 | 82,4 | 21 | 9,7 | 2 | 0,9 | 1 | 0,5 | 2 | 0,9 | 9 | 4,2 | 2 | 0,9 | 1 | 0,5 |
| | вработени во органот | 327 | 261 | 79,8 | 42 | 12,8 | 3 | 0,9 | 1 | 0,3 | 2 | 0,6 | 12 | 3,7 | 2 | 0,6 | 4 | 1,2 |
| Основни судови | раководни раб. места | 547 | 466 | 85,2 | 56 | 10,2 | 2 | 0,4 | 0 | 0,0 | 9 | 1,6 | 9 | 1,6 | 3 | 0,5 | 2 | 0,4 |
| | нераководни раб. места | 1921 | 1636 | 85,2 | 178 | 9,3 | 25 | 1,3 | 25 | 1,3 | 16 | 0,8 | 28 | 1,5 | 6 | 0,3 | 7 | 0,4 |
| | вработени во органот | 2468 | 2102 | 85,2 | 234 | 9,5 | 27 | 1,1 | 25 | 1,0 | 25 | 1,0 | 37 | 1,5 | 9 | 0,4 | 9 | 0,4 |
| Фондови | раководни раб. места | 162 | 131 | 80,9 | 28 | 17,3 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 2 | 1,2 | 1 | 0,6 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 1408 | 1166 | 82,8 | 183 | 13,0 | 2 | 0,1 | 4 | 0,3 | 21 | 1,5 | 23 | 1,6 | 1 | 0,1 | 8 | 0,6 |
| | вработени во органот | 1570 | 1297 | 82,6 | 211 | 13,4 | 2 | 0,1 | 4 | 0,3 | 23 | 1,5 | 24 | 1,5 | 1 | 0,1 | 8 | 0,5 |
| Центри за социјална работа | раководни раб. места | 88 | 67 | 76,1 | 18 | 20,5 | 1 | 1,1 | 1 | 1,1 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 1,1 |
| | нераководни раб. места | 911 | 710 | 77,9 | 138 | 15,1 | 12 | 1,3 | 16 | 1,8 | 12 | 1,3 | 10 | 1,1 | 4 | 0,4 | 9 | 1,0 |
| | вработени во органот | 999 | 777 | 77,8 | 156 | 15,6 | 13 | 1,3 | 17 | 1,7 | 12 | 1,2 | 10 | 1,0 | 4 | 0,4 | 10 | 1,0 |
| Единици на локална самоуправа | раководни раб. места | 578 | 461 | 79,8 | 83 | 14,4 | 10 | 1,7 | 2 | 0,3 | 7 | 1,2 | 5 | 0,9 | 1 | 0,2 | 9 | 1,6 |
| | нераководни раб. места | 3830 | 3080 | 80,4 | 534 | 13,9 | 72 | 1,9 | 34 | 0,9 | 55 | 1,4 | 25 | 0,7 | 7 | 0,2 | 23 | 0,6 |
| | вработени во органот | 4408 | 3541 | 80,3 | 617 | 14,0 | 82 | 1,9 | 36 | 0,8 | 62 | 1,4 | 30 | 0,7 | 8 | 0,2 | 32 | 0,7 |
| Казнено-поправни и воспитно-поп. установи | раководни раб. места | 47 | 36 | 76,6 | 10 | 21,3 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 2,1 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| | нераководни раб. места | 731 | 623 | 85,2 | 90 | 12,3 | 0 | 0,0 | 3 | 0,4 | 5 | 0,7 | 9 | 1,2 | 0 | 0,0 | 1 | 0,1 |
| | вработени во органот | 778 | 659 | 84,7 | 100 | 12,9 | 0 | 0,0 | 3 | 0,4 | 6 | 0,8 | 9 | 1,2 | 0 | 0,0 | 1 | 0,1 |
| Самостојни државни органи | раководни раб. места | 1006 | 823 | 81,8 | 132 | 13,1 | 5 | 0,5 | 3 | 0,3 | 13 | 1,3 | 14 | 1,4 | 7 | 0,7 | 9 | 0,9 |
| | нераководни раб. места | 6520 | 5344 | 82,0 | 839 | 12,9 | 76 | 1,2 | 58 | 0,9 | 98 | 1,5 | 52 | 0,8 | 20 | 0,3 | 33 | 0,5 |
| | вработени во органот | 7526 | 6167 | 81,9 | 971 | 12,9 | 81 | 1,1 | 61 | 0,8 | 111 | 1,5 | 66 | 0,9 | 27 | 0,4 | 42 | 0,6 |
| Јавни претпријатија | раководни раб. места | 1006 | 838 | 83,3 | 121 | 12,0 | 12 | 1,2 | 2 | 0,2 | 15 | 1,5 | 4 | 0,4 | 5 | 0,5 | 9 | 0,9 |
| | нераководни раб. места | 15354 | 11891 | 77,4 | 1871 | 12,2 | 302 | 2,0 | 671 | 4,4 | 284 | 1,8 | 94 | 0,6 | 83 | 0,5 | 158 | 1,0 |
| | вработени во органот | 16360 | 12729 | 77,8 | 1992 | 12,2 | 314 | 1,9 | 673 | 4,1 | 299 | 1,8 | 98 | 0,6 | 88 | 0,5 | 167 | 1,0 |
| Јавно здравство | раководни раб. места | 2398 | 1999 | 83,4 | 244 | 10,2 | 29 | 1,2 | 1 | 0,0 | 62 | 2,6 | 26 | 1,1 | 14 | 0,6 | 23 | 1,0 |
| | нераководни раб. места | 12672 | 10421 | 82,2 | 1431 | 11,3 | 164 | 1,3 | 147 | 1,2 | 253 | 2,0 | 81 | 0,6 | 53 | 0,4 | 122 | 1,0 |
| | вработени во органот | 15070 | 12420 | 82,4 | 1675 | 11,1 | 193 | 1,3 | 148 | 1,0 | 315 | 2,1 | 107 | 0,7 | 67 | 0,4 | 145 | 1,0 |
| Основно образование | раководни раб. места | 378 | 221 | 58,5 | 118 | 31,2 | 19 | 5,0 | 0 | 0,0 | 10 | 2,6 | 4 | 1,1 | 2 | 0,5 | 4 | 1,1 |
| | нераководни раб. места | 16114 | 10439 | 64,8 | 4672 | 29,0 | 445 | 2,8 | 68 | 0,4 | 193 | 1,2 | 64 | 0,4 | 72 | 0,4 | 161 | 1,0 |
| | вработени во органот | 16492 | 10660 | 64,6 | 4790 | 29,0 | 464 | 2,8 | 68 | 0,4 | 203 | 1,2 | 68 | 0,4 | 74 | 0,4 | 165 | 1,0 |
| Средно образование | раководни раб. места | 201 | 148 | 73,6 | 42 | 20,9 | 3 | 1,5 | 0 | 0,0 | 4 | 2,0 | 3 | 1,5 | 0 | 0,0 | 1 | 0,5 |
| | нераководни раб. места | 7721 | 5787 | 75,0 | 1598 | 20,7 | 103 | 1,3 | 25 | 0,3 | 114 | 1,5 | 49 | 0,6 | 17 | 0,2 | 28 | 0,4 |
| | вработени во органот | 7922 | 5935 | 74,9 | 1640 | 20,7 | 106 | 1,3 | 25 | 0,3 | 118 | 1,5 | 52 | 0,7 | 17 | 0,2 | 29 | 0,4 |
| Високо образование | раководни раб. места | 234 | 157 | 67,1 | 62 | 26,5 | 3 | 1,3 | 0 | 0,0 | 8 | 3,4 | 4 | 1,7 | 2 | 0,9 | 2 | 0,9 |
| | нераководни раб. места | 1983 | 1551 | 78,2 | 341 | 17,2 | 11 | 0,6 | 4 | 0,2 | 24 | 1,2 | 16 | 0,8 | 5 | 0,3 | 31 | 1,6 |
| | вработени во органот | 2217 | 1708 | 77,0 | 403 | 18,2 | 14 | 0,6 | 4 | 0,2 | 32 | 1,4 | 20 | 0,9 | 7 | 0,3 | 33 | 1,5 |
| Установи со различни дејности | раководни раб. места | 245 | 207 | 84,5 | 26 | 10,6 | 1 | 0,4 | 0 | 0,0 | 5 | 2,0 | 2 | 0,8 | 0 | 0,0 | 4 | 1,6 |
| | нераководни раб. места | 5659 | 4794 | 84,7 | 509 | 9,0 | 75 | 1,3 | 40 | 0,7 | 124 | 2,2 | 53 | 0,9 | 20 | 0,4 | 44 | 0,8 |
| | вработени во органот | 5904 | 5001 | 84,7 | 535 | 9,1 | 76 | 1,3 | 40 | 0,7 | 129 | 2,2 | 55 | 0,9 | 20 | 0,3 | 48 | 0,8 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО | раководни раб. места | 8843 | 7128 | 80,6 | 1210 | 13,7 | 105 | 1,2 | 16 | 0,2 | 168 | 1,9 | 93 | 1,1 | 40 | 0,5 | 83 | 0,9 |
| | нераководни раб. места | 93260 | 70751 | 75,9 | 16388 | 17,6 | 1586 | 1,7 | 1288 | 1,4 | 1497 | 1,6 | 585 | 0,6 | 347 | 0,4 | 818 | 0,9 |
| | вработени во органот | 102103 | 77879 | 76,3 | 17598 | 17,2 | 1691 | 1,7 | 1304 | 1,3 | 1665 | 1,6 | 678 | 0,7 | 387 | 0,4 | 901 | 0,9 |
| Споредбени податоци | 2010 | 82555 | 63761 | 77,2 | 13966 | 16,9 | 1340 | 1,6 | 574 | 0,7 | 1315 | 1,6 | 570 | 0,7 | 256 | 0,3 | 773 | 0,9 |
| | 2011 | 102103 | 77879 | 76,3 | 17598 | 17,2 | 1691 | 1,7 | 1304 | 1,3 | 1665 | 1,6 | 678 | 0,7 | 387 | 0,4 | 901 | 0,9 |

Напомена: Од 972 институции кои доставиле податоци, во 845 нема вработено припадник на бошњачката заедница, во 737 ниту еден припадник на ромската заедница, во 730 ниту еден припадник на влашката заедница, во 676 ниту еден припадник на турската заедница, во 622 ниту еден припадник на српската заедница, во 495 ниту еден припадник на албанската заедница и во 32 институции не е вработен ниту еден Македонец. Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор достави вкупни податоци во кои е содржан и дел од вработените по спроведените конкурси.

Податоците добиени од високото образование доставени се збирно на ниво на универзитети.

**Констатации**

*Иако, генерално гледано, напредок постои, застапеноста на припадниците на сите заедници се уште не е на потребното ниво. Ова особено се однесува на припадниците на немнозинските заедници.*

*Принципот на соодветна и правична застапеност не се применува доследно кај раководните работни места.*

**Препораки**

*Целосно и доследно почитување на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на сите заедници, особено во јавните претпријатија.*

*Зајакнување на активностите за имплементација на начелото на соодветна и правична застапеност и за раководните места во органите на централно и локално ниво.*

# ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ

Следењето и надзорот над постапувањето на полициските службеници во извршувањето на нивните работни обврски како припадници на Министерството за внатрешни работи, а со тоа и на полицијата како негов составен дел, за Народниот правобранител како заштитник на основните човекови слободи и права секогаш претставува област од особено значење. Секако, тоа претставува резултат на фактот дека поради природата на работата која ја извршуваат на полициските службеници им се дадени овластувања кои, доколку бидат пречекорени, доведуваат до сурово кршење на основните слободи и права на граѓаните.

За жал, речиси нема година во која јавноста не била вознемирена од настан во кој бил инволвиран припадник на полицијата. И во извештајната година бевме сведоци на настан во кој на едно лице му беше одземен животот токму од полициски службеник што, уште еднаш, ги илустрираше се уште постоечките слабости од аспект на професионализмот и свесноста за човековите права во работата на полициските службеници.

Со тоа, фактот дека бројот на претставки кои се однесуваат на работата на поли-

циските службеници во извештајната година беше намален, не доведе до тоа Народниот правобранител да оцени дека постои подобрување во овој сегмент од аспект на човековите слободи и права. Откако беше информиран за настанот, Народниот правобранител со соопштение преку средствата за информирање и својата вебстраница го осуди убиството на младото момче потенцирајќи дека иако станува збор за индивидуален чин, сепак, не треба да се занемари дека последицата е резултат на непрофесионално и неодговорно постапување на полициски службеник и дека во изминатиот период континуирано е укажувано на овој проблем.




За професионализмот на полициските службеници, што покрај другото подразбира стручност, одговорност и чувство на праведност, психичка стабилност и правилно расудување при вршењето на полициските работи, потребно е да се посветува особено внимание во сите фази почнувајќи од постапката за прием на полициски службеници и понатаму, во текот на целиот нивен работен ангажман во Министерството. Се додека ваквите принципи не бидат во целост почитувани, постои ризик нашето општество да го потресуваат настани од овој вид со што само се продлабочува недовербата на граѓаните кон институциите на системот.

Во извештајниот период, исто така, бевме сведоци на спектакуларно апсење на лидер на политичка партија кое беше изведено на начин кој директно го повредува принципот на пресумпција на невиност, постапување за кое Народниот правобранител со години station наназад укажува дека е недозволено. Несомнено е дека откривањето на сторителите на казниви дела, нивното лишување од слобода, обезбедувањето докази и изведувањето пред истражен судија се дел од основните функции на полицијата. Меѓутоа полициските дејствија преземени при самиот чин на лишување од слобода, особено нивната транспарентност со нагласено медиумско презентирање, се непотребни и оставаат простор за сомневање дека постои тенденциозност во случаите од ваков вид.

Оттука, Народниот правобранител чувствува за потребно уште еднаш да укаже дека при лишување од слобода и преземање какви било други дејствија, полициските службеници треба макси-мално да го почитуваат физичкиот и психичкиот интегритет на луѓето, а да му остават на судот да ја утврдува нивната одговорност кога постои сомнение за сторено кривично дело.

Она што исто така ја карактеризираше извештајната година беше и појавата на злоупотреба на визната либерализација од страна на граѓани на Република Македонија кои, заминувајќи во земји членки на Шенгенскиот договор, бараа азил од тамошните власти. Поради масовноста на појавата Република Македонија беше сериозно предупредена за можноста за повторно ставање на „црната" листа, поради што се пристапи кон измени во законската регулатива со која се регулира граничната контрола. Зајакнатото спроведување на граничната контрола доведе одреден број граѓани да се пожалат кај Народниот правобранител дека им е повредено правото на премин преку државната



граница. Постапката за проверка на наводите преку надлежните служби на Министерството за внатрешни работи е во тек, а во еден случај за кој постапката беше спроведена во целост констатирано е дека подносителот на претставката во претходниот период веќе го злоупотребил безвизниот режим затоа што во земја членка на Шенгенскиот договор престојувал повеќе од 90 дена, со што ги загрозил меѓународните односи на Република Македонија со земјите членки на Европската унија. Во конкретниот случај Народниот правобранител го извести подносителот на претставката дека одлуката на властите за забрана на излез за него и неговото петчлено семејство од земјата е легитимна бидејќи има поткрепа во Законот за гранична контрола.

Во останатиот сегмент од постапувањето на Народниот правобранител во однос на полициското постапување, карактеристично е дека значително е намален бројот на претставки што се однесуваат на злоупотреба на физичка сила и средства за присилба при преземање полициски овластувања. За сметка на тоа, зголемен е бројот на претставки што се однесуваат на некоректен однос на полициски службеници кон граѓани, неоправдано издаден платен налог од полициски службеник за глоба поради наводно сторени сообраќајни прекршоци и особено непреземање законски мерки по пријави од граѓани за побарана заштита на личен и физички интегритет од други лица.

Меѓутоа, имајќи предвид дека се уште се случуваат настани во кои се загрозува физичкиот и психичкиот интегритет на граѓаните од страна на полицијата, Народниот правобранител уште еднаш ја потенцира потребата за професионализам во работата на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди при истражување случаи на злоупотреба или пречекорување полициски овластувања од полициски службеници.

**Констатации**

*Пропустите во постапката за прием на полициски службеници и нивната неквалитетна едукација во текот на работниот однос се причини за повреди на човековите слободи и права на граѓаните.*

*При полициското постапување, особено во постапката за лишување од слобода, се уште има случаи на повреда на принципот на пресумпција на невиност.*

*Во работата на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди се забележуваат слабости во постапките кон полициските службеници за повреди на човековите слободи и права со пречекорување на службените овластувања.*

**Препораки**

*Зајакнување на критериумите за вработување полициски службеници кои редовно се ангажираат во специјалните полициски единици.*

*Детектирање на пропустите и недостатоците на континуираната обука и преземање мерки за нивно отстранување со цел полициските службеници доверените задачи да ги извршуваат стручно и професионално со почитување на човековите слободи и права.*

*Министерството за внатрешни работи да ги информира подносителите на пријави дали по поднесоците презело дејствија од негова надлежност или дека нема законски основ за преземање полициски дејствија и да ги поучува граѓаните за нивните законски права.*

*Да продолжи воспоставената соработка со Народниот правобранител, Секторот за внатрешна контрола да го продлабочи истражувањето на конкретните случаи на повреда на човековите права, а одлуките да ги носи објективно, непристрасно и согласно принципите на законитост и справедливост внимавајќи секој виновен да биде казнет согласно тежината на делото и одговорноста.*

# ГРАЃАНСКИ СОСТОЈБИ И ДРУГИ ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Остварувањето на правата на граѓаните од областа на граѓанските состојби има особено значење за личниот и општествениот статус на секој граѓанин и претставува индикатор како државата ги остварува обврските кон своите граѓани.




Народниот правобранител во континуитет ги следи постапките за остварување на фундаменталните слободи и права на граѓаните како што се: постапување по предмети поврзани со државјанскиот статус, издавање јавни исправи (патни исправи, лични карти, изводи од матична евиденција, живеалиште и престојувалиште), одземање и враќање предмети и сите други постапки на чие одолжување укажуваа граѓаните кои претходно се обратиле до надлежните органи.

Генерална констатација е дека се намалува бројот на претставките од оваа област што упатува на подобрување на работата на органите како јавен сервис на секојдневните потреби на граѓаните со издавање исправи за утврдување најразлични статусни состојби.

Податоците од извештајната година укажуваат на одолжување на постапките за остварување на правата поврзани со регулирање на државјанскиот статус, живеалиштето или престојувалиштето, издавањето јавни исправи (патни исправи, лични карти, изводи од матичната евиденција) и други управни постапки по претходно доставени барања во Министерството за внатрешни работи или кај други органи со јавни овластувања.



Како резултат на континуираните активности и непречената соработка со Одделот за граѓански работи при Министерството за внатрешни работи, особено со Секторот за управно-надзорни работи, Народниот правобранител констатира дека постапките за стекнување државјанство на Република Македонија се со зголемен број позитивни решенија за барате-

лите. Сепак, во определени предмети Народниот правобранител констатира одолжување на овие постапки поради недоволна координација на органите на Министерството (орган за државјанство, орган за безбедност, орган за странци, подрачни полициски служби) во постапките за натурализација на барателите. За поединечни предмети Народниот правобранител доставуваше писмени мислења и укажувања, а за други предмети подрачните канцеларии на Народниот правобранител со сите расположливи средства контактираа со Секторот за управно-надзорни работи и со Одделението за државјанство, без оглед на видот и степенот на постапката што беше во тек.

Народниот правобранител смета дека со напуштање на правото на жалба и можноста незадоволната странка веднаш да поведе управен спор, измените треба да бидат и во правец на предвидување олеснувачки услови за некои категории граѓани кои се вклопуваат во начелата на Европската конвенција за државјанството, како почитување на општо прифатените норми на меѓународното право.

Во врска со издавањето на т.н. биометриски јавни исправи (пасоши, лични карти, возачки дозволи) од страна на Министерството за внатрешни работи, се потврди констатацијата на Народниот правобранител од претходниот извештај дека со одолжувањето (неиздавање



во законскиот рок) граѓаните се ограничуваат во секојдневното остварување на нивните слободи и права гарантирани со Уставот и законите. Иако Министерството за внатрешни работи презеде повеќе мерки за надминување на овој проблем во државата, останува проблемот со неможноста за издавање патни исправи во дипломатско-конзуларните претставништва на државата на државјаните кои во странство престојуваат непрекинато повеќе од шест месеци.

Во однос на слободата на движење и избирање место на живеење во Република Македонија, Народниот правобранител смета дека постоечкиот Закон за пријавување на живеалиште и престојувалиште, има одредби кои не им овозможуваат на граѓаните сосема да ги уживаат овие слободи и дека Законот треба да се измени во насока на отстранување на постоечкиот ограничувачки карактер. Во однос на правото на напуштање на територијата на Републиката и враќање во Републиката, Народниот правобранител ги поздравува чекорите на извршната власт за либерализација на ова право преку безвизен режим на патување и патување во странство само со лична карта.

И оваа година Народниот правобранител имаше добра соработка со Управата за водење на матичните книги во остварување на правото на граѓаните од областа на матичната евиденција. Работата на овој орган е подобрена во поглед на брзо сервисирање на граѓаните со потребните изводи од матичната евиденција и спроведување на законските решенија за нови матични подрачја и матични книги што ќе ги задоволуваат потребите на граѓаните од различни етнички заедници.

За разлика од горенаведените органи, Народниот правобранител повторно не наиде на соодветна соработка со органот надлежен за странци т.е. Секторот за гранични работи и миграции во рамките на Министерството за внатрешни работи.

Исто така, продолжи постапувањето на Народниот правобранител по барања од омбудсман институции во соседните држави за остварување најчесто права од матична евиденција за лица родени на територија на Република Македонија, кои не се во можност сами да ги остварат тие права.

**Констатации**

*Статусните права во надлежност на Министерството за внатрешни работи граѓаните се уште ги остваруваат со потешкотии, а особено во поглед на траење на постапката.*

*Секторот за гранични работи и миграции продолжи да ја попречува работата на Народниот правобранител, со што последиците беа на товар на граѓаните.*

**Препораки**

*Преземање континуирани мерки за подобрување и забрзување на постапките за добивање статусни права на граѓаните.*

*Министерството за внатрешни работи и Владата на Република Македонија да преземат мерки со цел Секторот за гранични работи и миграции да постапува согласно законските прописи и да не ја попречува работата на Народниот правобранител.*

# ПРАВОСУДСТВО

Степенот на демократскиот развој на едно општество не се оценува само од правните гаранции што државата ги обезбедува на граѓаните за остварување на нивните основни човекови слободи и права, туку и од функционирањето на механизмите на заштита на овие права во разумен рок, особено пред независни и непристрасни судски органи.

Во меѓународното право, пра-вото на правично судење и правото на судење во разумен рок се пред-видени во повеќе меѓународни документи меѓу кои е Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, каде е наведено дека секое лице има право на правично и јавно судење пред надлежен и непристрасен суд, основан врз основа на закон. Натаму, Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, преку Европскиот суд за човекови права го гарантира и штити правото на правично и јавно судење и предвидува секое лице да има право на судење во разумен рок, пред независен и непристрасен суд, востановен врз основа на закон.



Со Законот за народниот правобранител, Народниот право-бранител освен што ги штити уставните и законските права на граѓаните, покрај другото, презема дејствија и мерки и за заштита од

неоправдано одолжување на судските постапки или несовесно и неодговорно вршење на работите на судските служби без да ги повреди принципите на самостојност и независност на судската власт. Ваквите законски овластувања Народнот правобранител ги применува и на другите органи и служби што претставуваат дел од севкупниот правосуден систем како што се: Јавното обвинителство, Државниот правобранител, адвокатурата, извршителите, нотаријатот и тн.

И покрај преземените обемни реформи во правосудниот систем, како на легислативен така и на организациски план, со што во голема мера е создадена основа за поефикасен и полесен пристап до правдата, граѓаните и другите правни субјекти и натаму се соочени со долготрајни судски постапки со што правото на судење во разумен рок се уште отежнато го остваруваат. Впрочем, за ова говори и фактот дека секоја година бројот на претставки доставени до Народниот правобранител што се однесуваат на работата на судовите е најголем.




Од содржината на претставките доставени до Народниот правобранител, како и од резултатите од спроведените постапки произлегува дека најголемиот број или повеќе од 50% се однесуваат токму на неоправдано одолжување на судските постапки, пред се пред првостепените граѓански судови, потоа на постапките пред Управниот суд на Република Македонија, по што следат претставки за одолжување постапки пред Врховниот суд на Република Македонија, јавните обвинителства и другите институции на правосудниот систем.

Податоците од предметното работење покажуваат дека постапките пред првостепените граѓански судови се уште траат по повеќе години, дека во Управниот суд предметите се задржуваат 2 до 3 години, иако тој не одлучува во контрадикторна постапка и дека Врховниот суд често одлучува во рокови подолги и од една година.

Најчесто оправдување на носителите на судиската функција за ваквата состојба, изнесувани не само во формалните известувања до Народниот правобранител, туку и при неформални средби и разговори, се дека по предметите се постапува редовно, според правилата пропишани во процесните закони и одредбите на Судскиот деловник, а основната причина се лоцира во недоволниот број судии и особено во недоволниот број стручни судски работници и друг помошен судски персонал. Дополнителна причина за одолжување на постапката пред Управниот суд е проблемот со недоставување на списите од органите или телата на извршната власт. Притоа, одговорноста најчесто се префрла на органите и телата чии управни акти се оспорени со тужба, а најчесто се посочени органите во состав на Министерството за труд и социјална политика и комисиите што одлучуваат во постапката за денационализација.

Слични оправдувања за одолжувања на постапките доаѓаат и од јавните обвинителства кои, исто така, одговорноста за одолжувањето на јавнообвинителското постапување често ја лоцираат во недоставување одговор на бараните известувања или докази од органите до кои се обратиле, најчесто органите во состав на Министерството за внатрешни работи, а како посебна причина се потенцира недостигот од човечки ресурси.

Без оглед на причините и дали тие се само од објективна природа, состојбата со почитувањето на принципот на судење во разумен рок, а со тоа и пристапот до правдата,

останува еден од основните проблеми за уживање на уставните и законските права на граѓаните на Република Македонија, што е причина за постојано зголемување на бројот на барања за заштита на правото на судење во разумен рок, како до Врховниот суд на Република Македонија така и до Судот за човекови права во Стразбур.



Што се однесува до повреди на правата на граѓаните од страна на носителите на другите институции или служби на правосудниот систем, во текот на годината регистрирани се мал број случаи во кои граѓаните се поплакуваа на непрофесионален однос на адвокатите како полномошници на нивните права и интереси, но Народниот правобранител и тука констатира одолжување на постапките од страна на дисциплинските органи на Адвокатската комора, како и пристрасност и заштитнички однос при донесување на одлуките против членовите на нејзината асоцијација.

Во извештајната година до Народниот правобранител не беа поднесени претставки за работата на државниот правобранител, против нотари и медијатори, но зголемен беше бројот на предмети со кои граѓаните и покрај правото за приговор до претседателот на судот (за неправилности во постапката, за присилно извршување правосилни судски одлуки), против актите и дејствијата на извршителите се жалеа и бараа заштита од Народниот правобранител. Подносителите на претставки до Народниот правобранител најчесто имаа статус на должници во постапката, а најчеста причина за нивното обраќање беше непочитување или недоследна примена на одредбите од Законот за извршување, со кој е заштитен нивниот егзистенцијален минимум или поточно поради тоа што присилното извршување извршителите го спроведуваа на целокупниот прилив на средства на трансакциските сметки на граѓаните со што се доведуваше во прашање нивната животна егзистенција.

Во текот на постапките Народниот правобранител во повеќе случаи утврди дека барањата на подносителите биле основани, поради што до задолжените извршители достави повеќе препораки во кои инсистираше на доследна примена на одредбите од Законот за извршување, според кои извршувањето може да биде ограничено најмногу до 1/3 од месечните примања на должникот, освен во случај кога се работи за обврски поврзани со законско издржување. Благодарение на веќе воспоставената добра соработка во минатите години, што беше истакната и во претходниот годишен извештај, во најголем број случаи препораките на Народниот правобранител беа испочитувани и неправилностите беа отстранети.

### Констатации

*На граѓаните и понатаму им е отежнат пристапот до правдата пред првостепените судови и јавните обвинителства, а особено пред Управниот суд со што им се повредува правото на судење во разумен рок, гарантирано со меѓународната и домашната легислатива.*

*Една од причините за повреда на правото на судење во разумен рок е недоволниот број на човечки ресурси, како и несоодветните услови за работа во одделни судски органи особено во: двата основни суда во Скопје, Основното јавно обвинителство во Скопје, како и во Управниот суд.*

### Препораки

*Надлежните државни институции да направат детални согледувања за состојбата и потребите за зајакнување на кадровските капацитети и подобрување на условите за работа по што да преземат мерки за надминување на констатираните состојби. Само на тој начин може да се подобри состојбата со остварување на правото на судење во разумен рок и на граѓаните ќе им се овозможи лесен пристап до правдата.*

*Носителите на јавните функции на државната управа, како и раководните лица на Управниот суд и Јавното обвинителство да вложат напори за подобрување на меѓусебниот однос со цел да им се овозможи непречено вршење на функцијата и граѓаните да добијат ефикасна судска заштита.*

*Извршителите, како вршители на јавна служба, да ја подобрат меѓусебната комуникација заради запазување на редот при спроведувањето присилна наплата, со цел законска заштита на правата на должниците - особено нивниот егзистенцијален минимум и со тоа намалување на бројот на приговори до судските органи.*

## КАЗНЕНО-ПОПРАВНИ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИ УСТАНОВИ

Народниот правобранител и во текот на оваа извештајна година ги штитеше правата на осудените и притворените лица во казнено-поправните установи постапувајќи по поднесени претставки, но и во постапки покренати по сопствена иницијатива. Притоа Народниот правобранител преземаше мерки во правец на доследна примена на законската регулатива за извршување на казната затвор, како и за непречено остварување на правата на лицата кои престојуваат во казнено-поправните установи.

Постапувањето по претставки покажа дека најголем број претставки беа поднесени

за остварување на правото на здравствена заштита на осудените и притворените лица. Притоа поплаките во најголем дел се однесуваа на несоодветните услови во затворските амбуланти за давање соодветна здравствена заштита, како и за неупатување или ненавремено упатување на осудените лица во специјализирани клиники заради вршење специјалистички прегледи. Во ваквите случаи Народниот правобранител на управата на казнено-поправната установа редовно и укажуваше на обврската за доследна примена на одредбите од домашните прописи и прифатените европски стандарди во областа на здравствената заштита на овие лица.




Пренатрупаноста во затворите и натаму се провлекува како проблем кој резултира и со други негативни појави особено по однос на: хигиенските, сместувачките и безбедносните услови. Во таа насока, Народниот правобранител во повеќе наврати им ја укажуваше на надлежните институции неопходната потреба за континуирано преземање мерки за елиминирање на оваа појава и намалување на пренатрупаноста преку изградба на нови објекти или евентуално разместување на осудените лица во други установи. Овој проблем е особено изразен во Казнено-поправната установа Идризово каде, и покрај мерките што се презедоа во минатото, проблемот со пренатрупаноста и натаму се провлекува.

Неподносливите услови во кои претстојуваат осудените лица од Затвореното одделение на Казнено-поправната установа Идризово генерираше со штрајк на група осудени лица. Препораките на Народниот правобранител за преземање мерки за што поитно надминување на ваквата состојба, доставени во информација до министерот за правда, резултираа со итно преземање мерки по однос на забрзување и завршување на градежните работи, намалување на пренатрупаноста преку разместување на осудените лица во други одделенија и зголемување на грижата за здравствена заштита, особено за време на штрајкот. Овие активности доведоа до прекин на штрајкот.

Во казнено-поправните установи и оваа извештајна година имаше случаи на обиди за самоубиство и самоубиство што, меѓу другото, укажува дека затајува и контролниот механизам од страна на службите. Како карактеристика со негативна конотација во вакви случаи се наметна и фактот дека надлежните институции, како што се полицијата и други надлежни органи, за случаите на самоубиство се известуваат само усно, односно телефонски, но не и по писмен пат што при постапување на надлежните органи по конкретни случаи би можело да доведе до контрадикторности во утврдувањето на фактичката состојба, како и ненавремено преземање дејствија за утврдување на причините. Во таа смисла, а заради елиминирање на вакви негативни појави, Народниот правобранител препорача во ваквите случаи задолжително писмено да се известуваат надлежните органи и институции.



За разлика од претходните извештајни години,



во извештајниот период беше зголемен бројот на постапки покренати по сопствена иницијатива кои се однесуваа на нарушени односи меѓу осудените лица што се карактеризираа со голем број конфликтни ситуации. Оваа состојба е карактеристична за Казнено - поправната установа Идризово. Неспорен е фактот дека е недоволна ангажираноста на Службата за обезбедување од аспект на целосна и континуирана заштита како на осудените лица, така и на Установата. Особено загрижува што во одделни случаи конфликтите и расправиите меѓу осудениците резултираа со тешки телесни повреди. Ова предизвика голем број осудени лица поради безбедносни причини да бараат преместување во други затвори.

И покрај тоа што во извештајниот период беа преземени одредени мерки за кадровско доекипирање на овие установи, особено во делот на службите за обезбедување и службите за ресоцијализација, недоволната бројност на вработените се уште претставува сериозен проблем во системот на извршување на казната затвор.

Понатаму, недоволната стручност, професионалност и едуцираност на затворскиот персонал повторно доведе до случаи на тортура врз осудени лица, како што беше случајот во Казнено-поправната установа Идризово. Народниот правобранител постапувајќи по случајот, поради постоење сомнение дека лица од обезбедувањето на Казнено-поправната установа примениле прекумерна физичка сила над осудено лице, со што му нанеле сериозни физички повреди, до Основното јавно обвинителство достави барање за покренување постапка за утврдување казнена одговорност. Во поткрепа на констатацијата за недоволната стручност и едукација на службените лица, а во тој контекст и на нечовечко и понижувачко постапување, говори и постапувањето во предметот за претрес на притворени лица во Затворот Скопје. При постапувањето во овој случај беа констатирани пропусти во самата постапка, односно различен и нееднаков третман на притворените лица, што предизвика недоверба и лична несигурност кај лицата лишени од слобода. При ваква констатација, Народниот правобранител до Управата за извршување на санкциите и до директорот на Затворот Скопје достави мислење во кое потенцираше дека при преземање мерки за вршење претрес или при други дејства за одржување на редот и дисциплината, треба да се внимава и да се штити достоинството и моралниот и психофизички интегритет на притворените лица.

Покрај многуте недостататоци кои преовладуваат во казнено-поправните установи од аспект на сместувачките услови, беше забележано и дека не постои соодветно затоплување на просториите, особено во Затворот Скопје. Оваа состојба веќе години наназад се забележува во зимскиот период кога надворешните теператури се ниски. Во таа смисла, по барање на Народниот правобранител беше донесен посебен Правилник за динамика на затоплување, но со оглед што тој е решение само за оваа установа, Народниот правобранител препорача донесување сеопфатна регулатива со што би се воспоставиле одредени стандарди за затоплување на просториите, пред се заради обезбедување хуман пристап во грижата за здравјето на лицата лишени од слобода.

Недостаток во изминатите години беше и незаокружената правна рамка за постапувањето со притворените лица, за што Народниот правобранител редовно укажуваше. Така, во текот на извештајната година конечно беше донесен Правилникот за куќниот ред за извршување на мерката притвор во притворските одделенија на затворите. Исто така, беше донесен и Правилник за начинот на користењето на погодностите на осудените лица, за чија потреба Народниот правобранител во континуитет и укажуваше на Управата за извршување



на санкциите.

Во извештајниот период беше постапувано и по неколку предмети за остварување на правото на здравствена заштита на малолетните лица кои престојуваат во Воспитно-поправниот дом Тетово. Во овие случаи редовно беше укажувано на неопходноста за адекватна здравствена заштита со упатување на малолетниците на специјалистички здраствени прегледи. Укажувањата беа прифаќани од страна на затворскиот лекар, но од неколкуте посети на оваа установа која е лоцирана во Велес беше констатaтирано дека условите за сместување се несоодветни и не се во согласност со законските и меѓународно прифатените стандарди за оваа категорија лица. Исто така, загрижува и констатацијата дека образовниот процес во оваа установа не функционира, како и другите видови на оспособување на малолетниците - активности без кои не може ниту да се очекува успех на планот на ресоцијализација на оваа категорија лица лишени од слобода.

Народниот правобранител постапуваше и по предмети кои се однесуваа на трансфер на осудени лица. Сите претставки доставени до оваа институција беа поднесени со цел за забрзување на постапките кои се водеа пред државен орган надлежен за одлучување за трансферите. Во постапувањето по оваа проблематика, Народниот правобранител укажуваше надлежниот орган доследно да ги применува одредбите од Европската конвенција за трансфер на осудени лица и Законот за кривичната постапка. Интервенциите резултираа со донесување соодветни одлуки и реализирање на барањата за трансфер за натамошно издржување казна затвор.

### Констатации

*Условите за сместување како на осудените, така и на притворените лица и понатаму се под стандардите предвидени со домашното и меѓународното законодавство.*

*Недоволна екипираност со соодветни кадри во установите во сите сегменти, а особено во Службата за превоспитување. Процесот на ресоцијализација не дава резултати како резултат на ниското ниво на стручност и професионалност на службите за ресоцијализација и обезбедување.*

*Безбедносната функција во затворските установи не функционира соодветно што резултира со зачестени физички насилства и пресметки меѓу осудените лица.*

*Малолетните лица во Воспитно-поправниот дом Тетово и понатаму престојуваат во несоодветни услови и не се вклучени во образовниот процес.*

### Препораки

*Преземање конкретни мерки и активности за изградба на нови сместувачки капацитети кои ќе ги исполнуваат стандардите предвидени со домашното и со меѓународното право.*

*Кадровско доекипирање и стручно доусовршување на вработените во службите во овие установи со цел професионално и стручно извршување на работните обврски.*

*Преземање мерки за зајакнување на безбедносниот систем заради превенирање и соодветно справување со случаите на физичко насилство над и меѓу притворените и осудените лица.*

*Преземање конкретни мерки и активности за надградба на системот за извршување на притворот и казната затвор со вградување на Европските затворски правила.*

# ИМОТНО-ПРАВНИ ОДНОСИ

Имајќи ги предвид сите заложби на Владата на Република Македонија, во текот на 2011 година се очекуваше да заврши процесот на денационализација, но од работата на Народниот правобранител произлезе сосема друга констатација.

Имено, како и многу години наназад, така и во извештајната година, повторно поголемиот дел од претставките од имотно-правната област се однесуваа на остварување права на граѓаните по основ на денационализација. Оттука, за овој сегмент од остварувањето на правата на граѓаните не останува ништо друго освен уште еднаш да се повтори, досега многупати изречената констатација, дека денационализацијата бескрајно се одолжува и континуирано се спроведува нееднакво, селективно и без објективна примена на законите и другите прописи, дека дополнително ќе се одолжува и не може со сигурност да се каже кога конечно ќе заврши. Ова особено ако се има предвид околноста дека за не мал број предмети, граѓаните од Народниот правобранител се уште бараат да интервенира во постапката во прв степен.




Причините за ваквата состојба произлегуваат од фактот дека по одредени предмети подолг временски период воопшто не се постапувало, а утврдувањето одредени факти и изведувањето докази трае со години без објективни причини и сосема неоправдано. Исто така, со години не се извршуваат и решенијата со кои е определено на странките да им се даде надомест (реален, од друг вид и сл.). За илустрација може да послужат следните примери кои не се единствени:

На Комисијата за одлучување по барањата за денационализација со седиште во Општина Кисела Вода, ни седум години не и се доволни да ги изведе потребните докази и да одлучи по предмети за денационализација со оглед на тоа што по интервенција на Народниот правобранител по претставка поднесена од баратели за денационализација, не презела ниту едно дејство за утврдување на фактичката состојба и обезбедување на потребните докази.

Со решение донесено од министерот за финансии, преку Комисијата за одлучување по барањата за денационализација со седиште во Општина Прилеп, во текот на 2007 година, кое е правосилно и извршно, на странките им е признато правото на акции, сопственост на Република Македонија. Сепак, ова стекнато право, предметните акции да им бидат пренесени во сопственост и да се изврши нивно запишување во Централниот депозитар за хартии од вредност, се уште не е реализирано со изговор дека е потребно дополнително утврдување одредени факти, докази и слично.



Натаму, во делот од имотно-правните односи кој се однесува на остварувањето на правото на приватизација на градежното земјиште, неспорно е дека со направените измени на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, се поедностави постапката за приватизација на градежното земјиште во државна сопственост и се намалија трошоците за барателите. Меѓутоа, освен ваквото формално подобрување на условите за остварување на ова право, во секојдневното реализирање на поединечните барања граѓаните и натаму се судруваат со безброј бирократски лавиринти што, пак, резултира со крајно одолжување на ваквите постапки првенствено од Управата за имотно-правни работи и нејзините подрачни одделенија низ Републиката, кои постапуваат и одлучуваат во прв степен. Аналогно на тоа, граѓаните незадоволни од долготрајноста на постапката за откуп на дворните места, во голем број поднесуваа претставки до Народниот правобранител.

Надлежниот орган – Управата за имотно-правни работи во Министерството за финансии (вклучително и нејзините организациски единици), соочувајќи се со голем број вакви барања, воопшто не успеа да го подигне квалитетот на работењето, па неспорна е констатацијата дека воопшто не го почитува законски определениот рок во кој треба да постапи и да одлучи по секое поеднечно барање. Конкретно, за сите вакви предмети Народниот правобранител утврди дека практика е постапката да трае со години, а исклучок е навремено, екомично и ефикасно постапување иако, согласно правилата на управната постапка, треба да биде обратно.

Впрочем, доста чести се одговорите, односно изговорите дека кадровска неекипираност и други субјективни причини по одредени предмети биле причина со години воопшто да не се постапува. Притоа, никој од раководните лица не презел мерки за надминување на таквата состојба ниту пак, го санкционирал неработењето. Покрај ова, особено загрижува што постапката не се ажурира ниту по интервенција на Народниот правобранител. Во овој сегмент огромен проблем, како за граѓаните така и за надлежните органи, претставува состојбата кога за време на постапката бил воспоставен и стапил во сила нов катастар на недвижности поради што земјиштето, предмет на приватизација, добило нови катастарски броеви, запишано е во друг имотен лист и за друга катастарска општина, а органот за имотно-правни работи во решението користел стари податоци.

Резултат од ваквото работење е неможноста правосилното решение за приватизација да се спроведе во катастарската евиденција и непотребното изложување на граѓаните на други дополнителни, не мали финансиски трошоци. Ова, се разбира, е предизвикано исклучиво по вина на органите на државата кои, и покрај тоа што согласно одредбите од Законот за катастар на недвижности, се должни при донесување на одлуките да ги користат податоците од катастарот на недвижностите не го правеле тоа. Поради ваквите пропусти и недоследности во имплементирањето на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, оправдано може да се доведе во прашање прокламираната цел, овој процес, кој има историски размер и димензии, да биде што поуспешен, да помогне граѓаните со помалку напор и помалку средства да извршат приватизација на дворните места и да заврши во предвидениот рок.

Едновремено, мора да се укаже и дека голем број граѓани, како и други лица, се уште се спречени да поднесуваат комплетни барања за приватизација на градежното земјиште затоа што однапред им е блокирана можноста за откуп. Причина за тоа е околноста што голем дел од општините немаат донесено детални урбанистички планови, а без нив не може да се утврди

дали е впишан објектот за кој се бара да се купи градежното земјиште, ниту да се измери неговата површина. Следствено, од не мало значење е и што процесот на денационализација се уште не е завршен, што земјиштето не е впишано во катастарот, односно не е изложено и не се утврдени носителите на правото на користење, како и постоењето други административни пречки.

Покрај ова, мора да се укаже дека Управата за имотно-правни работи, заедно со нејзините организациски единици, и понатаму многу тешко или воопшто не соработува со Народниот правобранител, односно не доставува во определениот рок известувања за преземени мерки за спроведување на доставените барања, предлози, мислења, препораки или укажувања. Во таа насока, не е ништо ново ако повторно се истакне дека одделенијата за управна постапка на Управата за имотно-правни работи во Кисела Вода и во Чаир со години не постапуваат по интервенциите на Народниот правобранител.

Во извештајната година значителен број од претставките се однесуваа и на работењето на Агенцијата за катастар на недвижности и нејзините организациски единици во Скопје и Републиката. Притоа граѓаните најчесто искажуваа незадоволство од содржината на потврдите со кои им се одбиваат пријавите за запишување промена во катастарот на недвижностите или барањето за исправка на грешка кои, пак, се издадени во согласност со овластувањата на Агенцијата со одредбите од Законот за катастар на недвижности и соодветните подзаконски акти.

Инаку, треба да се истакне дека Агенцијата, Центарот за катастар на недвижности Скопје и соодветните одделенија низ Републиката по барањата на Народниот правобранител по правило соодветно и навремено постапува и дека соработката со Секторот за внатрешна контрола е на завидно ниво. Впрочем, овој сектор соодветно постапува по сите барања на Народниот правобранител за преземање дејства за увид и контрола на законитоста во постапувањето, во контекст на одредени поединечни предмети и секогаш е сервисно ориентиран кон потребите на граѓаните нудејќи им објаснување за начинот и постапката како може да остварат одредено поединечно право.

Во делот што претставува обезбедување квалитет на услугите на граѓаните и другите лица, Народниот правобранител освен во одредени случаи неможноста за ефикасно справување со големите гужви на шалтерите, не утврди други посериозни забелешки во работењето на Агенцијата и нејзините организациски единици. Впрочем, потребните документи од катастарот граѓаните ги добиваат во определениот рок, се разбира со потврда за платена административна такса и надомест за услугата.

Од друга страна, Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на премерот, катастарот и запишувањето на правата на недвижностите, како и претходните, така и во 2011 година сите доставени интервенции на Народниот правобранител ги игнорираше и по ниту еден предмет нема доставено известување за преземените мерки за спроведување на: поединечните барања, предлози, мислења, препораки или укажувања. Ваквата состојба претставува грубо попречување на работењето на Народниот правобранител и оневозможување на остварувањето на правата на граѓаните.



**Констатации**

*Имотно-правните односи остануваат проблем за гараѓаните при остварување на нивните права како резултат на лавиринтот на постапките за: денационализација, приватизација, експропријација и др.*

*Денационализацијата бескрајно се одолжува и континуирано се спроведува нееднакво, селективно и без објективна примена на законите и другите прописи.*

*Управата за имотно-правни работи и нејзините организациски единици во решавањето на управните работи не се сервисно ориентирани кон остварувањето на правата и интересите на странките и не покажуваат квалитет во работењето.*

*Комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен, за одделни управни работи престанаа со работа иако не ја исполнија законската обврска постапката по започнатите предмети да ја завршат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на Законот за основање државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.*

*Приватизацијата на градежното земјиште, покрај останатото, ја блокира и Државната комисија за спречување на корупцијата барајќи да не се постапува по барањата за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост за периодот додека трае изборниот процес.*

*Неусогласеноста на фактичката со правната состојба и натаму е пречка голем број граѓани да извршат приватизација на градежно земјиште кое фактички го користат подолг временски период.*

*Агенцијата за катастар на недвижности е позитивен пример за соработка со Народниот правобранител.*

*Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на премерот, катастарот и запишувањето на правата на недвижностите и натаму не постапува по интервенциите на Народниот правобранител, има слаб квалитет во работењето кон потребите на граѓаните и бескрајно ги надминува законски предвидените рокови за решавање на предметите.*

**Препораки**

*Преземање неопходни мерки за завршување на процесот на денационализација со цел да може непречено да се спроведе и процесот на приватизација на градежното земјиште.*

*Да се подигне квалитетот во работењето, да се направи реорганизација и доекипирање на Управата за имотно-правни работи и нејзините организациски единици, со цел ефикасно и навремено да одговори на барањата од граѓаните.*

*Постапката за приватизација на градежното земјиште максимално да се олесни и упрости во интерес на граѓаните.*

*Итно да се реши настанатиот правен вакуум со нерешените предмети од комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен за одделни управни работи кои престанаа со работа, а не ја исполнија законската обврска постапката по започнатите предмети да да ја завршат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на Законот за основање државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.*

*Со доследна примена на принципите за еднаквост и недискриминација да се разреши проблемот на приватизација на градежното земјиште за физичките и правните лица кои во катастарската евиденција не се запишани како носители на правото на користење, иако непосредно и фактички го владеат долг временски период, а го стекнале со договор склучен со поранешните сопственици, кој не е соодветно заверен.*

# УРБАНИЗАМ И ГРАДБА




Урбанизмот и градењето претставуваат област од суштинско значење не само за граѓаните на Република Македонија, туку и за општеството во целина, па затоа основна цел на уредувањето и хуманизацијата на просторот е да се обезбедат стандарди и услови за подобро живеење, работење и функционирање на сите општествени субјекти како основен предуслов за подигање здрава семејна заедница, урбано живеење, уредени сопственичко-правни односи и општествен просперитет.

Правната регулатива со која непосредно се уредуваат односите на субјектите при планирање на просторот и градбата е во тесна врска и во корелација со други правни регулативи со кои се регулираат облигационите и други имотно-правни односи, односите во комуналната и сообраќајната инфраструктура, животната средина и тн., така што тоа е една од причините за нејзини чести измени и дополнувања. Честите измени на законската регулатива, иако имаат за цел подобрување на состојбите во сферата што се регулира, сепак создаваат потешкотии при нејзината практична примена не само кај вработените во органите кои го применуваат законот, туку и кај граѓаните кои не се во состојба лесно да ги следат нејзините измени и дополнувања, па тоа влијае на ефикасноста во остварувањето на правата на граѓаните во сферата на градењето.

За остварување на индивидуалните права во областа на урбанизмот и градбата граѓаните најчесто се во комуникација со органите на локалната власт, иако не е исклучено дека за тоа им се потребни и услуги од органи на централната власт, јавни претпријатија, други органи и организации и одредени јавни служби. Токму поради ова, најголемиот број од претставките се однесуваат на органите на локалната самоуправа за: права поврзани со постапката за добивање одобрение за градба, за отстранување бесправно изградени објекти кои засегаат во нивните интереси или пак, за ставање вон сила решенија за отстранување бесправни градби или објекти од времен карактер кога подносителите на претставките се нивни сопственици или корисници.

Во извештајната година беа регистрирани и случаи кога поради незаконско постапување на органите на локалната власт заради заштита на интересите граѓаните побарале помош и од органите на централната власт кои се задолжени да ја ценат законитоста на

одлуките на пониските органи или да вршат надзор над нивното работење, но и таму наишле на молк. Во секој случај, изминатата година во споредба со претходните беше карактеристична по значително намалениот број на претставки поднесени против постапувањата или непостапувањата на органите задолжени за спроведување на прописите од областа на урбанизмот и градбата.

На ваквата состојба секако дека одредено влијание имаат структурните реформи во законската регулатива, направени најмногу во правец на забрзување на постапките, одредени организациски реформи пред се во катастарот на недвижностите и електронското поврзување на институциите, но сепак, впечаток на Народниот правобранител е дека најголемата причина е во донесувањето и стапувањето во сила на Законот за постапување со бесправно изградените објекти.

Донесувањето на овој закон и можноста со симболичен надоместок за уредување градежно земјиште граѓаните да ги легализираат бесправните градби кои можат да се вклопат во урбанистичкиот план, според Народниот правобранител претставува значаен чекор во регулирањето на голем број наталожени проблеми од имотно-правен и комунален карактер, па дури и проблеми поврзани со јавниот ред и мир, со оглед дека во минатото токму бесправните објекти биле причина за негово нарушување, за судски постапки и тн. Исто така, со донесувањето на овој закон беа запрени од извршување голем број веќе донесени управни акти за уривање бесправно изградени објекти, што претставуваше дополнителна причина за намалување на бројот на претставките до Народниот правобранител.

Општ впечаток во сферата на урбанизмот и градењето, кога станува збор за остварување на индивидуалните права на граѓаните, за почитување на препораките на Народниот правобранител од органите на единиците на локалната самоуправа што одлучуваат за правата на граѓаните е дека се забележува извесно подобрување на состојбите.

Меѓутоа, иако станува збор за автономно право на општинските совети, Народниот правобранител не може во никој случај да прифати при донесувањето на деталните урбанистички планови примарниот интерес да му биде подреден на комерцијалниот. Ако дел од основните принципи на кои треба да се базира планирањето и урбанизацијата се уредувањето и хуманизацијата на просторот, тогаш секако дека треба да се внимава стамбените или комерцијалните објекти да бидат соодветно поставени и да не надвиснуваат над сообраќајниците, новите градби да не ја попречуваат циркулацијата на воздухот, а за граѓаните да се обезбеди простор за паркирање, за децата минимално катче за рекреација и секако зеленило. Со оглед дека сето ова не се почитува и не се внимава на хуманиот аспект во оваа област, Народниот правобранител апелира до советите на единиците на локалните самоуправи, заради јавниот интерес, во секоја фаза при донесувањето на деталните урбанистички планови да ги имаат предвид принципите на: хуманизација, правилно и функционално уредување на просторот и здрава животна средина.



**Констатации**

*Се уште се присутни случаи на незаконито и ненавремено постапување и одлучување на надлежните органи задолжени за спроведување на прописите од областа на урбанизмот и градбата.*

*Отсуствува превентивна активност на инспекциските служби и се реагира во подоцнежна фаза на нелегалните градежни активности.*

*Деталните урбанистички планови се изготвуваат без да се внимава на интересите на граѓаните, а предвид се има пред се комерцијалниот интерес.*

**Препораки**

*Надлежните органи доследно да ја спроведуваат законската регулатива како во поглед на роковите, така и во поглед на законитоста во одлучувањето.*

*Да се зголеми превентивната активност на одделенијата за инспекциски работи преку почести увиди на теренот со цел во почетна фаза да се спречат нелегалните градежни активности.*

*При изготвувањето и донесувањето на урбанистичките планови единиците на локалната самоуправа да ги имаат предвид реалните потреби на граѓаните не само заради рационално користење на просторот, туку и заради обезбедување услови за хумано живеење и работа на граѓаните.*

## ЖИВОТНА СРЕДИНА

Дефинирана како простор на сите живи организми и природни богатства, односно простор на природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој човекот живее и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучително и амбиенталниот воздух, почвата и водите, животната средина претставува исклучително комплексна област постојано изложена на разни влијанија од бројни општествени субјекти, пред се на човекот. Поради ова, не случајно заштитата и унапредувањето на животната средина и природата е утврдена како една од темелните вредности на уставниот поредок.

Несомнено е дека општествениот развој, како на глобален така и на микро план во границите на Република Македонија, не може и не треба да се спречи, но исто така е неспорно дека човековите дејствија во желбата за поголем профит и полагоден живот во голема мера негативно се одразуваат и прават ненадоместливи штети врз животната средина, што претставуваа сериозна закана за опстанокот на човекот. Според тоа, балансот помеѓу потребата за цивилизациски развој и за зачувување на животната средина е неопходно потребен, што секако оди во спрега со потребата за јакнење на свеста за граѓаните.

Ако ги погледнеме состојбите во Република Македонија, веднаш можеме да констатираме дека и покрај солидната законска регулатива со која е предвидена заштита и унапредување на сите сегменти на животната средина, сепак не може да се каже дека граѓаните дишат чист воздух, јадат здрава храна и пијат чиста вода.

Сакале да признаеме или не, резултатите од мерењата на амбиенталниот воздух во Скопје, иако состојбата сигурно не е многу поразлична и во другите градови во кои функционираат поголеми индустриски капацитети, покажува дека граѓаните дишат воздух со енормни концентрации на штетни материи, дека добар дел од храната што ја јадат е произведена на почва во која има недозволено големи концентрации на тешки метали или штетни хемиски супстанци и дека не ретко многу граѓани пијат хемиски или бактериолошки неисправна вода.




Оттука, не е доволно само нормативно уредување на заштитата и унапредувањето на животната средина, туку и нејзина имплементација во практиката и доследно спроведување на начелото на одржлив развој, што подразбира дека системот на заштита на животната средина треба да се заснова на усвојување и спроведување политики што обезбедуваат пропорционалност помеѓу потребите за развој од една и потребите за заштита на животната средина од друга страна. Меѓутоа, познато е дека најголемиот дел од големите загадувачи (металуршки комбинати, рудници и флотации и други преработувачки капацитети во примарната дејност) не се обезбедени со интегрирани еколошки дозволи и дека се до 2014 година мораат да бидат жртви на емисијата на разни штетни супстанци како резултат на нивната дејност, па така практичната имплементација на овие начела наспроти корист од профитот малку ќе ги засега нивните сопственици.

Впечаток е дека државните и институциите на локалната власт надлежни за имплементација на законската регулатива како да се повеќе заинтересирани само за нормативно регулирање, следење на состојбите со повремени акции за подигање на еколошката свест и регистрирање на состојбите. Меѓутоа, нема вложувања во инфраструктура, како и соодветно казнување на загадувачите, повратно вложување на прибраните средства за унапредување на животната средина, изградба на регионални санитарни депонии, подобрување на состојбите со прибирање комунален отпад и изградба на објекти за негово рециклирање, вложувања во подобрување на енергетската ефикасност на објекти од јавен карактер, нејзино стимулирање по пат на субвенционирање, зголемување на инспекцискиот надзор во превентивна функција, но и доследно, а не само декларативно прифаќање на препораките на Народниот правобранител.

Што се однесува до состојбата со заштитата и остварувањето на поединечни и повреди на права на поголеми групи граѓани во областа на животната средина во изминатата година, со исклучок на енергичната реакција на граѓаните на Велес против рестартирањето на Топилницата за олово и цинк „Злетово", за жал беа доставени исклучително мал број претставки.

Бројката од помалку од 30 претставки поднесени во текот на целата измината година заради загрозено право поради зголемено ниво на бучава, поради непријатна миризба од отпадни води или за пристап до информации во областа на животната средина, право што произлегува од Архуската конвенција и домашната законска регулатива, наспроти



вкупно регистрирани во институцијата, навистина е загрижувачки показател за исклучително ниската еколошка свест на граѓаните на Република Македонија или можеби за отсуство на свест за последиците по здравјето и животот во услови на енормни загадувања на: воздухот, водите и почвата. На ваквата неповолна состојба на еколошката свест неминовно е да влијаат пред се државните и институциите на локалната власт, но и останатите општествени субјекти.

**Констатации**

*Недостасуваат превентивни активности за спречување на ризиците за загадување на животната средина, како и санкционирање на загадувачите.*

*Отсуствуваат соодветни активности за едукација и информирање на граѓаните за нивното право на здрава животна средина, но и за обврската за нејзино зачувување.*

**Препораки**

*Зголемување на превентивната активност на инспекциските служби на централно и на локално ниво за детектирање на можните ризици за загадување на животната средина и соодветно санкционирање на загадувачите.*

*Преземање активности за едукација и информирање на граѓаните за правото на здрава животна средина и за нивната обврска да се грижат за животната средина.*

# ПРАВА ОД РАБОТЕН ОДНОС




Имајќи предвид дека остварувањето на правата од работен однос се од егзистенцијално значење за граѓаните, заштитата на овие права од страна на институцијата Народен правобранител придонесува кон обезбедување социјална и материјална сигурност на работниците. Како и претходните и во изминатата година добиени беа претставки со барање заштита на правата при остварувањето на правото на вработување, во постапките на распоредување, постапките на изрекување престанок на вработување, во постапките на донесување решенија за годишен одмор и во другите постапки за кои работниците сметаа дека им се повредуваат правата од работен однос. Во следењето на состојбите поврзани со остварувањето на овие права, неизбежно е да се заклучи дека продолжува трендот на самоволно и непрофесионално постапување на работодавачите спрема работниците кои трпат штетни последици само за да не ја нарушат својата материјална егзистенција.

Во извештајната година беше намален бројот на претставки во кои се бараше заштита во остварувањето на правото на вработување со статус на државен службеник, што се должи на транспаретната постапка која ја спроведува Агенцијата за администрација, како и на административната селекција што Агенцијата ја врши при пријавувањето на заинтересираните кандидати. Кога станува збор за распоредувањето на работни места, карактеристични беа претставките поднесени од вработени во општинската администрација кои укажуваа на повреди на права од работен однос поради одлуките кои ги носеа некои градоначалници.

Особено е карактеристичен случајот со Градоначалникот на една општина кој за еден од вработените донел овластување, сметајќи го како акт за распоредување, со кој вработениот го распоредил да врши работи и работни задачи во орган во состав на Општината целосно занемарувајќи го фактот дека вработениот има статус на државен службеник и дека не може да врши работи и работни задачи во тој орган. Со вршење работни задачи во органот во состав на Општината, незаконски би се променил статусот на вработениот, односно вработениот не можел да биде распореден во орган кој е јавно претпријатие. Исто така, распоредувањето не може да се врши со донесување овластување, туку со соодветен акт-решение за распоредување и со исполнети законски услови за распоредување. Народниот правобранител му ги укажа на градоначалникот пропустите при донесувањето на овластувањето со кое е повредено правото на распоредување на подносителот, по што градоначалникот укажувањето го прифати и донесе решение за поништување на овластувањето.

Сепак, и покрај тоа што градоначалникот ја отстрани претходно утврдената повреда, подоцна донесе наредба за вршење работни задачи за неколкумина вработени надвор од нивните работни задачи утврдени со актот за систематизација. Донесената наредба на градоначалникот се сметаше како за акт за распоредување. За овој случај беше поднесено барање до надлежниот инспектор за труд за преземање мерки и донесување решение за отстранување на недостатоците и пропустите. По извршениот надзор инспекторот констатирал повреди на правата на неколкумина вработени во општинската администрација со донесувањето на наредбата и донел решение со кое го задолжил градоначалникот да донесе одлука за поништување на наредбата. Градоначалникот постапи по донесеното решение на инспекторот.

Од друга страна, истиот градоначалник сторил пропусти и при донесување решенија за плата на вработените во територијалната противпожарна единица на општината бидејќи во поединечните решенија за плата се повикал на Законот за јавните службеници кој се уште не се применуваше во тој период и на сите вработени им утврдил ист коефициент на сложеност без оглед кои работни задачи ги вршат, без да определи основна плата и соодветен процент за работа во неделен одмор (викенд). Народниот правобранител на градоначалникот му укажа на пропустите и побара преземање мерки за повлекување на донесените незаконски решенија. Како резултат на укажаните пропусти, градоначалникот не постапи по новите решенија, односно го примени дотогашниот начин на исплата на плата.

Незаконско постапување беше констатирано и спрема вработени во општинската администрација кај градоначалници во постапки за донесување решенија за парична казна за сторен дисциплински престап, без спроведување на пропишаната постапка за утврдување дисциплински престап. Народниот правобранител и во овие случаи укажа дека за да се донесе решение за утврдување дисциплинска одговорност, односно дисциплински престап, согласно одредбите од Законот за државните службеници и Правилникот за начинот на водење дисциплинска постапка за утврдување дисциплински престап, потребно е да се формира комисија за водење дисциплинска постапка, а комисијата се формира кога се доставува предлог за покренување дисциплински престап. Понатаму, да се спроведе пропишаната постапка се информира државниот службеник против кој е доставен предлог за поведување дисциплинска постапка со цел да му се даде право да се изјасни и се преземаат други дејствија за да се утврди дали дисциплинска постапка ќе се поведе или не. Во конкретните случаи градоначалниците воопшто не ја спровеле пропишаната постапка за покренување и водење дисциплинска постапка, туку веднаш донеле решенија за парична казна за дисциплински престап, што е спротивно на Законот, а со тоа и донесените решенија се сметаат за незаконски. Укажувањата на Народниот правобранител беа прифатени од градоначалниците, донесените решенија за парична казна заради сторен дисциплински престап се поништија и спрема вработените не беа поведени нови постапки за сторен дисциплински престап поради непостоење причини за поведување таква постапка.

Постапувањата на градоначалникот беа карактеристични и поради донесување решенија за годишен одмор спрема неколку вработени во општинската администрација заради потребите на работниот процес со целосно занемарување на нивното право да користат годишен одмор согласно нивните семејни обврски. Според градоначалникот, заради работниот процес неколку вработени требало да користат годишен одмор во период кога тој сметал дека треба да користат без да внимава на законските одредби. На градоначалникот му се укажа дека врши повреда на правото на користење годишен одмор спрема вработените поради што потребно е поништување на донесените решенија за годишен одмор. Укажувањето



на Народниот правобранител беше почитувано и донесените решенија поништени.



Исто така, беше забележан случај и на донесено решение за престанок на вработување за вработен во општинската администрација во кое повторно истиот градоначалник извршил погрешна примена на материјалниот закон при донесување на решението, односно се повикал на одредби од Законот за работните односи, наместо на одредби од Законот за државните службеници. Народниот правобранител достави укажување до надлежната комисија при Агенцијата за администрација за донесување одлука за уважување на жалбата заради донесеното незаконско решение по што откако Комисијата го прифати укажувањето и ја уважи жалбата, градоначалникот донесе одлука за поништување на решението за престанок на вработувањето и донесе решение за распоредување на соодветно работно место според стекнатото звање.

Оваа извештајна година карактеристично беше и што Народниот правобранител интервенираше до Управата за извршување на санкции заради примена на одредбите од Законот за државните службеници и одредбите од Законот за извршување на санкции во поглед на ажурирање на постапката за стекнување со статус на државни службеници за вработените во Секторот за ресоцијализација при Казнено-поправната установа Идризово, со оглед дека од донесување на законските решенија до нивното спроведување измина подолг временски период. По доставувањето на барањето до Управата, Народниот правобранител доби известување дека е започната постапката за донесување решенија за распоредување на вработените во Секторот за ресоцијализација при Казнено-поправната установа Идризово и тие по доставеното барање се стекнаа со статус на државни службеници.

Важно е да се напомене дека во оваа извештајна година поголем беше бројот на уважени барања и укажувања што Народниот правобранител ги достави до надлежната комисија при Агенцијата за администрација во насока на заштита на правата од работен однос на подносителите во која било постапка, за разлика од изминатите години кога укажувањата на Народниот правобранител не беа прифаќани.

Од аспект на спроведување постапки согласно Законот за работните односи, имаше неколку карактеристични случаи. Така, Народниот правобранител интервенираше до Министерството за внатрешни работи кое не ја имаше исполнето обврската да ги вработи лицата кои биле упатени на школување на Факултетот за безбедносни науки при Полициската Академија во Анкара, Република Турција и кои во предвидениот рок успешно ги завршиле редовните студии за што имаа потпишано договори. Народниот правобранител побара од Министерството за внатрешни работи да ја исполни обврската со оглед дека беше изминат подолг временски период, по што овие лица го остварија правото на вработување.

Правото на вработување по интервенција на Народниот правобранител го оствари и граѓанин кој по спроведена законска постапка за вработување бил избран да врши работи и работни задачи во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, но од непознати причини три месеци не бил пријавен во осигурување со што не можеше да остварува права од работен однос. Народниот правобранител до Дирекцијата и до Центарот за вработување во Скопје достави барања за утврдување на причините кои всушност не постоеја и подносителот веднаш да се пријави. Доставените барања беа прифатени и подносителот го оствари правото на вработување кое три месеци, без негова вина, не можеше да го оствари.

Беше евидентиран и случај на приправник вработен во Здравствениот дом во Скопје кому по создавањето услови за стекнување својство на вработено лице на работното место

на кое бил распореден, наместо да му се донесе соодветно решение, 10 месеци се водел како приправник за кој период му се исплатувала помала плата. Поради исполнетите законски услови Народниот правобранител укажа да се донесе решение, но директорот укажувањето првин не го прифати со образложение дека органот нема финансиски средства. Народниот правобранител укажа дека не може да се дозволи бесконечно својство на приправник заради немање финансиски средства, по што директорот донесе соодветно решение.

Во постапките на распоредување на работни места, оваа извештајна година беа поднесени неколку претставки од вработени во Министерството за внатрешни работи, кои сметаа дека се незаконски распоредени поради немање причина за направено распоредување или затоа што биле распоредени на пониски работни места за кои се исплаќа помала плата. На дописите за утврдување на наводите во претставките Министерството за внатрешни работи одговори дека распоредувањата се спроведени согласно законските прописи, па со оглед дека Народниот правобранител не носи мериторни одлуки подносителите беа упатувани да поведат постапки пред надлежен суд.

Претставка беше поднесена и од вработени актери и сценски работници при Албанскиот театар во Скопје кои искажаа незадоволство поради нееднаков пристап во однос на исплата на плата на нивните колеги во Македонскиот народен театар и Турскиот театар иако вршат исти работни задачи. Народниот правобранител утврди дека Албанскиот театар нема свој поединечен колективен договор, иако бил обврзан согласно одредбите од Колективниот договор за културата, врз основа на што не би постоела можност за нееднаков пристап во исплатата на плата на актерите и сценските работници на ниво на Републиката. Народниот правобранител достави укажување до директорот на Театарот да се донесе поединечен колективен договор што беше прифатено и до Министерството за култура се достави предлог-текст за колективен договор.

Народниот правобранител постапуваше и по претставка на невработено лице на кое Центарот за вработување Скопје му понудил работно место несоодветно на стекнатото образование. Понудените работни места беа соодветни за лица со завршено средно образование, но не и за лица со завршено високо образование и стекнато звање дипломиран историчар на уметноста. Народниот правобранител укажа на одредбите од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, во кој децидно е наведено дека органот кој врши посредување при вработувањето е должен, меѓу другото, да се раководи особено и од образованието и поранешната работа во занимањето, знаењата, способностите, желбите, психо-физичките можности на невработените лица, како и потребите, карактерот и особеностите на работното место. По доставеното укажување органот за посредување при вработување извести дека е направена грешка, која по доставеното укажување е исправена.

Кога станува збор за заштита на правата од работен однос значајно е да се напомене дека оваа година беше намален бројот на поднесени претставки од наставен кадар за остварување на правото на трансформација на работниот однос. Тоа пред се се должи на активностите кои ги презема Министерството за образование и наука и локалната самоуправа во насока на обезбедување средства за вработување на наставниот кадар на неопределено време кој повеќе од пет години врши работни задачи на определено време, а со тоа ги исполнува и законските услови за трансформација на работниот однос. Со преземањето на овие активности всушност се спречи појавата на вработување по желба на директорите на училиштата, со што беше занемарено правото на вработување како едно од основните човекови права.

Потребно е да се споменат и неколкуте претставки од граѓани кои бараа заштита на правата од работен однос заради психичко вознемирување. До сите работодавачи на државните органи кои беа посочени во претставките како лица кои вршеле мобинг, Народниот правобранител достави укажувања дека психичкото вознемирување на работно место претставува дискриминација и дека таквото постапување е забрането. Сите работодавачи ги негираа наводите, но за да се докаже вистината во Република Македонија освен неколкуте одредби што е мобинг и за заштитата на работникот доколку поведе постапка за правна заштита пред надлежен суд, не постои друга законска регулатива. Од овие причини Народниот правобранител смета дека е потребно оваа материја да се уреди со правна рамка.

И покрај што до Народниот правобранител не беа доставени претставки за заштита

на права на јавни службеници, Народниот правобранител доби сознанија дека донесениот Закон за јавните службеници, се уште не може да се примени во практиката поради непостапување на некои од институциите и јавната служба, предвидена со овој закон, во правец на усогласување на актите за систематизација со Законот за јавните службеници. Со неусогласувањето на актите за систематизација, некои од институциите и јавните служби всушност се уште немаат донесено поединечни акти на вработените за стекнување со статус јавни службеници, а со тоа вработените не можат да бараат заштита на своите права согласно Законот. Токму затоа, Народниот правобранител препорачува институциите и јавните служби што побрзо да ги усогласат актите за систематизација за да можат вработените со статус на јавни службеници непречено да ги остваруваат своите права.

Како и секоја и оваа извештајна година Народниот правобранител имаше добра соработка со Секторот за труд при Министерството за труд и социјална политика кои по доставените барања за ажурирање на постапката за донесување решение постапуваа веднаш по барањата на Народниот правобранител. Меѓутоа треба да се спомене и дека Комисијата за решавање во втор степен од областа на работните односи при Владата на Република Македонија, во извештајната година немаше доставено известување за начин на одлучување по поднесена жалба или приговор, по ниту едно барање на Народниот правобранител. Обврска на Комисија е да ги реши сите доставени предмети, без оглед на постоењето на новата државна комисија бидејќи штетни последици од одолжувањето трпат граѓаните, подносители на претставки.

### Констатации

*Погрешна примена на законските прописи од работодавачите заради нивна субјективност со што вработените беа доведени во нееднаква положба.*

*Недоследно почитување на правото на вработување поради што се нарушува социјалната сигурност на кандидатот за вработување.*

### Препораки

*При водење постапки за вработување и остварување на правата кои произлегуваат од работен однос доследно да се почитува и спроведува правната регулатива.*

*Усогласување на актите за систематизација од институциите и јавната служба определени во Законот за јавни службеници и донесување поединечни решенија за стекнат статус на јавен службеник.*

# СТАНБЕНИ ОДНОСИ

Во однос на претходната, во оваа извештајна година бројот на претставки доставени до Народниот правобранител од станбената област е незначително намален. И покрај тоа, не може да се констатира значително подобрување на општите состојби во сферата на домување и во остварувањето и заштитата на правата на граѓаните. Гаранциите што државата преку законската регулатива ги предвидува и со кои, во крајна линија, на граѓаните треба да им обезбеди ефикасно и ефективно остварување и заштита на правото на домување и на другите права од станбената област, не секогаш соодветствуваат со фактичката состојба. Констатациите на Народниот правобранител изнесени во минатогодишниот извештај дека Законот за домување во практиката покажа бројни недостатоци и непрецизности, поради што во одредени сегменти е неприменлив, остануваат и во третата година по неговото донесување.




Во текот на годината беа донесени нови измени на Законот за домување и беше донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за продажба на станови во општествена сопственост, а конечно беше извршена и трансформацијата на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, од која произлегоа, односно се формираа две акционерски друштва. Со оглед на фактот што не беа навремено запознати со бројните измени во законската регулатива, граѓаните во одредени случаи ги пропуштија роковите за поднесување барања или не знаеја која документација е неопходна за започнување или позитивно решавање на нивните барања или пак, често поради неупатеност барањата ги доставуваа до ненадлежен орган или институција. Промените во законската регулатива предизвика нееднаквост во постапувањето на надлежните органи и институции, што во краен случај донесе правна несигурност кај граѓаните и нееднаков пристап во решавање на поединечните барања.

Но во практиката остварувањето на правото на домување и другите права што произлегуваат од станбената област, скоро без исклучок се остваруваат во постапки кои траат долго, во некои случаи и по неколку години, така што до Народниот правобранител и оваа извештајна година беа поднесени претставки во кои граѓаните бараа интервенција поради неоправдано одолжување и неправилности во постапките за закуп и откуп на стано-ви во државна сопственост. Дел од овие претставки се однесуваа на работата на Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Македонија бидејќи подносителите се жалеа дека не можат да го регулираат правниот статус на становите што ги користат години наназад и на фактот што Комисијата не доставува одговори на барањата за доделување стан под закуп, особено кога се работи за лица со социјален ризик и други ранливи групи, на кои, според Законот за домување, може да им се додели стан со непрофитна, односно субвенционирана закупнина.  Комисијата до подносителите и до Народ-ниот правобранител доставуваше идентични одговори дека државата не располага со доволен број станови за

оваа категорија лица и граѓа-ните беа упатувани да конкурираат на огласите за распределба на станови што се издават на лица со ниски приходи, што Министерството за транспорт и врски ги распишуваше во текот на годината.



Ваквите одговори претставуваа само префрлање на одговорноста на друг орган, во случајот Министерството за транспорт и врски, кое преку објавените огласи врши распределба на станови во државна сопственост, но само на определени категории лица во кои не спаѓаат лицата без материјални средства кои бараат државата да им додели стан, но и да ги ослободи од плаќање закупнина.

Граѓаните и оваа година се жалеа на работата на Министерството за транспорт и врски, на неможноста да склучат договори за купопродажба на становите кои долги години наназад ги користеле, несклучување анекс кон договорите за купопродажба на стан, непренесување на правото на користење и откуп на стан од починат родител, на неизготвена пресметка на вредноста на станот и на други неправилности во врска со откупот на становите во сопственост на државата. Карактеристичен е случајот кога поради некоординираност на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката, постапката за откуп на стан траеше повеќе од една година. Конкретно, за да склучи договор за купопродажба на стан во државна сопственост, Министерството за транспорт и врски треба да добие најнова пресметка на вредноста на предметниот стан, што ја изготвува Акционерското друштво. Со оглед дека двата органи постојано даваа неосновани образложенија зошто пресметката не е подготвена, Народниот правобранител до обата органи достави укажување дека е потребно меѓусебно да соработуваат и да ги разменат неопходните информации за да се реализира договорот за купопродажба, така што по интервенцијата договорот за купопродажба беше склучен.

Уште една промена во законската регулатива предизвика негативна реакција на граѓаните. Законот за изменување и дополнување на Законот за продажба на станови во општествена сопственост, предвиде деловните банки со писмен допис да ги известат купувачите, но и Државното правобранителство доколку купувачот на станот, кој склучил договор за откуп на стан со одложено плаќање, нема платено шест последователни месечни рати за отплата на станот. Во таквите случаи, Законот предвидува Државното правобранителство до купувачите да достави опомена пред утужување со напомена дека заостанатиот долг (заостанатите рати), мора да бидат исплатени во целост, а доколку тоа не го сторат ќе бидат покренати судски постапки за еднострано раскинување на договорите за купопродажба.

До Народниот правобранител беа доставени претставки во кои граѓаните бараа образложение што значат известувањата што деловните банки, односно Државното правобранителство им ги доставиле, односно бараа Народниот правобранител да го спречи започнувањето на судските постапки за раскинување на договорите. Народниот правобранител во таквите случаи единствено можеше да ги информира подносителите дека законската регулатива е изменета, да им го објасни текот на постапката, да ги посоветува да постапат согласно одредбите на Законот и во таа смисла да ги исплатат заостанатите рати во целост, доколку не сакаат да сносат несакани последици, односно да им бидат раскинати договорите за купопродажба.

Во текот на извештајната година соработката на Народниот правобранител со Акцио-нерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен

простор од значење за Републиката, значително е подобрена. Освен во неколку случаи, Акционерското друштво покажа подготвеност навремено да постапува по барањата на граѓаните и истовремено во законски предвидениот рок да одговора на барањата, сугестиите и укажувањата што Народниот правобранител ги достави по повод основаните барања, така што поголем дел од предметите беа позитивно решени. Единствено во случаите за иселување бесправно вселени лица во станови што државата ги доделила на користење, постапките за иселување беа неоправдано одолжувани, за што Народниот правобранител навремено реагираше и со писмени дописи побара итно преземање мерки со цел продолжување на започнатите постапки. И во овие случаи, Акционерското друштво постапи по барањата на Народниот правобранител и во таа смисла становите беа испразнети од бесправно вселените лица и предадени во владение на корисниците.



**Констатации**

*Честите промени во законската регулатива што ја третира станбената област предизвикаа нееднаквост во постапувањето и решавањето на поединечните барања од надлежните органи и институции и правна несигурност кај граѓаните.*

*Некоординираноста и несоработката на надлежните органи и институциите доведува до непотребно одолжување на постапките, а со тоа и до повреда на правата на граѓаните.*

**Препораки**

*Поголема транспарентност при подготовката и донесувањето на законите и законските измени со цел вклучување на пошироката јавност, како и навремено информирање на граѓаните за новите законски решенија.*

*Поефективна комуникација и соработка на органите и институциите заради забрзување на постапките по поднесените барања на граѓаните.*

## СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ И ЗАШТИТА

Република Македонија како социјална држава има обврска на граѓаните да им обезбеди социјална заштита преку систем на мерки и активности и да креира политики за спречување и надминување на социјалниот ризик во општеството кој засега голема категорија на граѓани. Меѓутоа, со оглед на состојбите во оваа сфера, Народниот правобранител смета дека системот на социјална заштита е креиран и функционира на начин кој не може да им обезбеди соодветна грижа и заштита на граѓаните кои се изложени на социјален ризик.




Ваквата констатација се должи пред се на неблаговременото постапување на надлежните органи по барањата на граѓаните, неправилното утврдување на фактичката состојба и незаконското одбивање на барањата за остварување одреден вид социјална помош и заштита. Тука секако не треба да се занемари и фактот дека ниският износ на сите видови социјална помош не овозможува ниту минимални услови за нормален живот на социјално загрозените лица.

Особено ранлива категорија се лицата чија здравствена состојба е нарушена и немаат можност сами да се грижат за себе, на што дополнително влијае и фактот дека по барањата за остварување надоместок за помош и нега од друго лице не се одлучува подолг период. Ова пред се се должи на неажурноста на комисиите за оценка на потребата за помош и нега од друго лице, кои во одделни случаи не вршеа прегледи подолго време со што граѓаните беа оневозможени да го остварат ова право, а имаше и случаи кога граѓани во меѓувреме починаа поради лоша здравствена состојба и немање соодветна грижа. Непостапувањето на комисиите го попречи и постапувањето на Народниот правобранител во заштитата на овие права бидејќи не се постапуваше ниту по неговите интервенции.

Со оглед дека во ваквите случаи освен што не се почитуваа законските рокови за одлучување по барањата на граѓаните, туку и понекогаш не се одлучуваше и по истек на една година или подолг период, Народниот правобранител достави посебни информации до министерот за труд и социјална политика со укажување дека непостапувањето на комисиите доведува до повреда на принципот на социјална сигурност, како и попречување на работата на Народниот правобранител. По интервенциите на Народниот правобранител поголемиот дел од подносителите на претставките ги оствариja нивните права, но проблемот со одолжувањето на постапките се уште не е надминат.



Друг проблем со кој се соочуваа социјално загрозените граѓани беше и неблаговремената исплата на одредени видови социјална помош, што особено беше нагласено при исплатата на еднократната парична помош. Народниот правобранител констатира состојби на донесено решение за признавање право на еднократна парична помош која и по истек на неколку месеци не беше исплатена. Поради тоа, Народниот правобранител укажуваше дека станува збор за лица кои се во тешка социјална криза и дека секое пролонгирање на исплатата уште повеќе ја отежнува нивната положба и се губи целисходноста на одобрената помош.

Во однос на правото на социјална парична помош, граѓаните со живеалишта во поодалечените места не можеа да го остварат ова право поради тоа што центрите за социјална работа го одлагаа увидот врз основа на кој се утврдуваат условите за остварување на ова право. Народниот правобранител инсистираше да се изнајде начин за вршење увид во овие семејства и во најголемиот број случаи постапките се забрзуваа, а укажувањата и препораките се прифаќаа и граѓаните ги остваруваа нивните права.

### Констатации

*Неблаговременото постапување на надлежните комисии за оценка на потребата за помош и нега од друго лице го оневозможи остварувањето на ова право во брзи и ефикасни постапки, иако станува збор за најзагрозена категорија на граѓани.*

*Нискиот износ на сите видови социјална помош не овозможува минимални услови за нормален живот на социјално загрозените лица кои со социјалната помош немаат можност да обезбедат ниту храна ниту облека, а уште помалку да ги платат надоместоците за користење електрична или топлинска енергија, вода и други комунални услуги, со што состојбата уште повеќе им се влошува бидејќи се принудени да живеат без основни услови за живот.*

### Препораки

*Подобрување на кадровските и други технички решенија за спроведување брзи и ефикасни постапки за остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице заради избегнување одолжување на ваквите постапки.*

*Прилагодување на износот на социјалната парична помош според трошоците за живот заради обезбедување елементарни услови за живот на најзагрозените категории граѓани, особено на оние кои се неспособни за работа или не се во можност сами да се грижат за себе.*

# ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Правата од пензиското и инвалидското осигурување претставуваат дел од основите права со кои на граѓаните им се обезбедува социјална сигурност и заштита. Со оглед дека станува збор за права од егзистенционално значење, се подразбира дека постапувањето и одлучувањето во овие постапки треба да биде навремено и ефикасно за да се постигне основната суштина во остварувањето на овие права.




За жал, како и во претходните и во извештајната година граѓаните бавно и со потешкотии ги остваруваа овие права, поради што често се случуваше да останат без средства за егзистенција бидејќи по престанување на работниот однос правото на пензија не можеа да го остварат подолг период како резултат на неажурноста на надлежните органи. Од тие причини бројот на претставките на граѓаните во оваа област, кога станува збор за законските рокови, како и за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, и во овој извештаен период е прилично голем.

Притоа може да се констатира дека најдолготрајни се постапките за одлучување по поднесена жалба пред второстепениот орган. Овој проблем беше поизразен во последните месеци од извештајната година поради престанокот со работа на надлежната второстепена владина комисија и нефункционирање на новоформираната Државна комисија за одлучување во втор степен, поради што бројот на претставки во тој период драстично се зголеми. Ценејќи дека се врши директна повреда на правата на граѓаните, Народниот правобранител интервенираше до надлежните органи со писмени барања и чести непосредни увиди со укажување за преземање мерки за забрзување на постапките. Но често се случуваше да не се постапува, особено во второстепените постапки.

Најголемиот број претставки во оваа област беа поднесени поради повреда на права при остварување одреден вид пензија. За разлика од претходните години, кога беше минимален бројот на претставките за остварување на правото на семејна пензија, во овој извештаен период таа бројка значително се зголеми, па претставките за остварување на овој вид пензија беа најмногубројни. Наведеното се должеше на извршените измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со кои се променија условите за остварување на правото на семејна пензија, односно беше зголемена потребната возраст на брачниот другар/вдовицата/вдовецот, поради што голем број граѓани не можеа да го остварат ова право. Со оглед дека тоа се законски

услови, Народниот правобранител во таквите случаи немаше основ за покренување постапка.




Во однос на претходните години, забележан беше и пораст на бројот на претставки за остварување на правото на старосна пензија во однос на неблаговремено и неефикасно постапување на надлежните органи. Народниот правобранител укажуваше дека се врши повреда на правата на граѓаните и интервенциите за забрзување на постапките во најголем број случаи имаа позитивен исход, односно граѓаните ги остваруваа своите права. Граѓаните најчесто беа оневозможени да го остварат правото на старосна пензија поради невнесени или погрешно внесени податоци во матичната евиденција, неблаговремено платени придонеси или поради неблаговремено доставување на потребните податоци до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување од страна на работодавците.

Во поглед на проблемот со наплатата на придонесите, Народниот правобранител инсистираше Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да ги преземе со закон предвидените мерки за наплата на придонесот за да се обезбеди остварување на правата на осигурениците, по што Фондот преземаше соодветни мерки и граѓаните ги остваруваа правата. Меѓутоа во одделни случаи постоеја пречки за наплата на придонесите поради отворени стечајни постапки или ликвидирање фирма, а во некои случаи поради неевидентиран пензиски стаж како резултат на недоставување соодветна документација - доказ од работодавецот, иако придонесот за пензиско и инвалидско осигурување бил платен. Во други случаи беше утврдено дека иако придонесите биле платени, пензискиот стаж не бил евидентиран затоа што работодавецот не платил камата за задоцнето плаќање на придонесот. Во овие случаи Народниот правобранител интервенираше пензискиот стаж за кој се платени придонесите да се евидентира, укажувајќи дека правата на осигуреникот не треба да се ограничуваат поради неодговорност на работодавецот. Имајќи ја предвид законската регулатива и веќе изградениот став на Фондот, Народниот правобранител сметаше дека овој проблем е надминат, но во одредени случаи и покрај плаќањето на придонесот, Фондот не го евидентираше пензискиот стаж поради неисплатена камата и не ги почитуваше укажувањата на Народниот правобранител, а граѓаните не ги остваруваа нивните права.

И оваа извештајна година значителен беше бројот на претставки за остварување на правото на инвалидска пензија, во кои граѓаните изразуваа незадоволство и сметаа дека одлуките на надлежните комисии за оцена на работната способност не се објективни. Исто така, забележан е поголем број претставки кои се однесуваа на одолжување на постапката за утврдување право на инвалидска пензија како резултат на функционирање на само една комисија поради судските постапки против членови на овие комисии и неизбор на нови членови. Во врска со овој проблем, Народниот правобранител укажуваше на потребата за забрзување на постапките, реално утврдување на фактичката состојба и донесување објективни наоди, со цел граѓаните кои навистина ја имаа изгубено работната способност да го остварат правото на инвалидска пензија.

Посебен проблем на кој се жалеа граѓаните беше укинувањето на правото на инвалидска пензија по извршен контролен преглед (обврска предвидена со закон). Со законската регулатива точно се определени болестите кои не подлежат на контролни прегледи и донесените решенија за остварено право на инвалидска пензија не можат да се променат поради што Народниот правобранител интервенираше да не им се укине правото на лицата кои трајно ја загубиле работната способност. По дел од претставките



за остварување на правото на инвалидска пензија постапката се одолжуваше заради предавање дел од предметите на увид и обработка во Министерството за внатрешни работи поради сомнение дека е сторено кривично дело со фалсификувана и сомнителна документација или дека граѓаните платиле поткуп за да го остварат ова право. Народниот правобранител интервенираше пред Министерството за внатрешни работи укажувајќи во случаите каде не бил утврден основ за водење судска постапка, предметот да се врати на надлежниот орган со цел граѓанинот да ја продолжи започнатата постапка за остварување на правото.

Во извештајниот период дел од граѓаните се судруваа со тешкотии при остварувањето на правото на пензија врз основа на меѓународни и билатерални договори, особено при остварувањето на сразмерниот дел на пензија или при препензионирањето за стаж остварен во претходните републики на поранешна СФРЈ. За надминување на проблемите и забрзување на постапките пред странските надлежни органи, Народниот правобранител инсистираше Фондот во континуитет да се обраќа до странските органи. Во рамките на своите можности Народниот правобранител и непосредно контактираше со службените лица при странските органи со што придонесуваше за забрзување на постапката и остварување на правата на граѓаните. Меѓутоа во одделни случаи постапката се одолжуваше и поради тоа што граѓаните не ги доставуваа потребните документи неопходни за остварување на правото. Народниот правобранител ги известуваше граѓаните кои документи и до кој надлежен орган треба се доставаат, а потоа интервенираше благовремено да се одлучи или да се исплати веќе остварената пензија.

Во поглед на остварувањето пензии со странски елемент карактеристично и за овој извештаен период е што пролонгирањето на постапката најмногу се должи заради намирување на оштетните побарувања меѓу земјите договорнички. За остварување на правото на пензија од други држави и оваа извештајна година Народниот правобранител имаше добра соработка со странските омбудсман институции, особено од поранешните Југословенски републики, што придонесе за забрзување на постапките и граѓаните да ги остварат правата од пензиската област.

Мал е бројот на претставки кои се однесуваа на задржување дел од пензија поради несновано исплатена пензија за што беа донесени и судски одлуки. Народниот правобранител во најголемиот број случаи констатира дека Фондот го почитува Законот и врши задржување само на една третина од пензијата.

За разлика од претходните години, во извештајниот период се надминаа проблемите кои се однесуваа на Солидарниот фонд што резултираше со минимален број претставки за ова прашање. Исто така, добиени беа и претставки поради неостварено право на надоместок за телесно оштетување, право за работа со скратено работно време, право на сместување во пензионерски дом под закуп, право на неисплатена отпремнина од работодавач и слично. Сепак, ваквите претставки беа во помал број.



Во претставките во кои граѓаните бараа појаснување за одредени права од областа

на пензиското и инвалидското осигурување, Народниот правобранител со должно внимание укажуваше на соодветните одредби што регулираат одредени права или за можностите за искористување на воспоставените механизми и инструменти за заштита на нивните права.

**Констатации**

*Одолжувањето на постапките пред надлежните органи и отежнатата соработка со Народниот правобранител доведуваа до бавно и неефикасно остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, а со тоа и до повреда на уставниот принцип за социјална сигурност и праведност.*

*Граѓаните тешко го остваруваа правото на инвалидска пензија не само поради необјективноста на надлежните комисии, туку и заради нивното долготрајно постапување како резултат на недоволниот број членови на тие комисии.*

**Препораки**

*Забрзување на постапките по барањата на граѓаните, а особено побрзо профункционирање на Државната комисија за одлучување во втор степен затоа што повеќе месеци никој не постапува по жалбите на граѓаните.*

*Комплетирање на комисиите за оценка на работната способност заради побрзо одлучување по барањата на граѓаните и нивно објективно постапување, согласно правилно утврдена фактичка состојба во однос на работната способност на барателот.*

## ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА

Секој граѓанин во Република Македонија треба непречено да го остварува правото на здравствена заштита и да ја исполнува својата должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите. Меѓутоа во практиката граѓаните често се судруваат со потешкотии и проблеми при остварувањето на ова уставно загарантирано право, а тоа не само што негативно се одразува на здравјето на поединецот, туку негативно влијае и на целокупниот општествен развој на државата. Оваа констатација произлегува од постапувањето на Народниот правобранител по поднесените претставки чиј број во извештајниот период, во споредба со претходните години, е зголемен.

Во претставките граѓаните најчесто бараа интервенција поради неоправдано одолжување на постапките за остварување на правата од здравствената заштита и здравственото осигурување. Овој проблем беше особено констатиран во постапувањето на Министерството за здравство како второстепен орган. Според тоа, Народниот правобранител и за овој извештаен период констатира дека надлежните органи се недоволно ажурни при постапувањето по барањата на граѓаните, а особено по поднесените жалби, со што граѓаните

беа попречувани во остварувањето на уставно загарантираното право на здравствена заштита.

За надминување на овој проблем постојано беа доставувани писмени и усни барања, беа вршени непосредни увиди и беа доставувани информации до Министерството, како и посебни извештаи до министерот за здравство. Меѓутоа подолг период ниту се постапуваше по барањата и жалбите на граѓаните ниту пак, се одговараше на барањата и интервенциите на Народниот правобранител. Сепак, најзагрижувачко беше неодлучувањето по барањата и жалбите и по протекот на една година, со што граѓаните беа оневозможени да обезбедат благовремена задравствена заштита. Од тие причини, а со цел заштита на правата на граѓаните, чиј број на претставки се повеќе се зголемуваше, Народниот правобранител достави посебен извештај и до Владата на Република Македонија која ја информира за состојбата во остварувањето и заштитата на правата на граѓаните и за попреченоста на Народниот правобранител да постапува по поднесените претставки.




По сите интервенции, во последните месеци од извештајниот период по најголем број од барањата и интервенциите на Народниот правобранител беше постапено, односно беа донесени соодветни акти по барањата и жалбите на граѓаните. Сепак, може да се констатира дека проблемот се уште не е надминат затоа што пред Министерството за здравство, како второстепен орган, и натаму има многубројни нерешени предмети по поднесени жалби.

Како и во претходните години и во овој извештаен период најголем број од претставките се однесуваа на ограничувањето на правата од задолжителното здравствено осигурување поради неплатен придонес од поранешен период или по основ кој престанал да постои. Поради тоа, граѓаните не беа третирани како осигуреници, иако благовремено го плаќаа тековно пристигнатиот придонес. Народниот правобранител, како и претходно, на Фондот му укажуваше дека на осигурениците треба да им издава потврди („сини картони'') затоа што тие го плаќаат тековно пристигнатиот придонес поради што потребно е да се третираат како здравствено осигурани, а не Фондот да го прибира придонесот и притоа да не ги признава правата на граѓаните, односно да ги третира како неосигурени лица кои за здравствени услуги треба да плаќаат приватно.



Народниот правобранител укажуваше и на законските можности за наплата на заостанатиот долг, меѓутоа држејќи се до законската одредба, според која за осигурениците за кои ќе се утврди дека не плаќаат редовно придонес или пак, дека задоцниле со уплата повеќе од 60 дена, Фондот на граѓаните им ги

ускратуваше правата од задолжителното здравствено осигурување, освен правото на итна меди-цинска помош. И покрај укажувањата на Народниот правобранител, Фондот продолжи да им ги ускратува правата на овие лица, се до намирувањето на сите доспеани, а ненаплатени придонеси и притоа не им издаваше потврда поради што тие беа оневозможени во користењето здравствена заштита како осигурени лица.



Мал број претставки беа поднесени поради непризнавање својство на осигурено лице на граѓаните кои немаа друг законски основ, а согласно измените на законските одредби имаа право да бидат осигурани ако во претходната календарска година не оствариле определен износ на приходи и под други со закон пропишани услови. Народниот правобранител во сите случаи кога граѓаните ги исполнуваа законските услови интервенираше да им се признае својството на осигурено лице, по што надлежните органи постапуваа, а на граѓаните кои не ги исполнуваа законските услови им ја појаснуваше законската регулатива и условите кои треба да ги исполнат за да го остварат ова право.

Дел од претставките се однесуваа и на рефундирање средства, односно правото на надоместок на трошоци за лекување во здравствени установи. По овие претставки, граѓаните кои ги исполнуваа законските услови го остваруваа правото по интервенциите на Народниот правобранител. Но продолжи практиката надлежните органи да ги одбиваат барањата за рефундирање средства за извршени здравствени услуги во здравствени установи со кои Фондот за здравствено осигурување нема склучено договор затоа што законската регулатива повторно го ограничи ова право.

Исто така, имаше и претставки кои се однесуваа на правото на рефундирање средства за лекови или медицински помагала што граѓаните ги набавиле со лични средства, иако паѓаат на товар на Фондот и требало да бидат обезбедени од здравствените установи, особено при болничко лекување. Како и во претходните години, граѓаните тешко ги остваруваа овие права и повторно се судруваа со долготрајно постапување или пак, им се рефундираше помал износ од оној што го платиле. Сепак, по интервенции на Народниот правобраниттел граѓаните успеваа да ги остварат овие права.

За разлика од претходните, оваа извештајна година поднесени беа поголем број претставки за остварување на правото на лекување во странство. Граѓаните најчесто се жалеа поради неблаговремено добивање одговори по барања за одобрување лекување во странство, дека надлежните органи неосновано ги одбивале нивните барања не земајќи ја предвид приложената медицинска документација и фактот дека за одредени состојби не постојат услови и можности за лекување во Републиката. Во таквите случаи, Народниот правобранител интервенираше за забрзување на постапката и правилно утврдување на фактичката состојба, укажувајќи дека доколку се оцени непостоење можност за лекување во земјата да се овозможи лекување во странство, по што дел од граѓаните го остваруваа ова право.

Како и во претходниот и во овој извештаен период до Народниот правобранител се поднесени неколку претставки од граѓани кои се жалеа на несоодветно, нестручно и неквалитетно лекување. Постапувајќи по овие претставки Народниот правобранител бараше случаите да се преиспитаат, а за таа цел по барањата на Народниот правобранител се формираа посебни стручни комисии кои утврдуваа дали станува збор за несовесно и нестручно лекување. Во случаите по кои Народниот правобранител постапуваше, иако беа формирани стручни комисии, не беа утврдени пропусти во лекување, а Народниот правобранител, немајќи можност стручно да ја оцени веродостојноста на наодите, ги

упатуваше граѓаните да покренат судска постапка.

Во овој извештаен период, за разлика од претходните, имаше мал број претставки кои се однесуваа на повреда на правото на исплата на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство. Карактеристично во врска со признавањето на ова право е одолжувањето на постапките, погрешно пресметување на висината на надоместокот и неисплаќање на надоместокот поради неплатени придонеси. По интервенции на Народниот правобранител најчесто беше постапувано и граѓаните го остваруваа ова право.

Поднесени беа и претставки кои се однесуваа на заштита на лицата со ментална болест сместени во Јавната здравствена установа Психијатриска болница - Скопје во Скопје, како и претставка поради нарушена безбедност заради пресметки и тепачки меѓу пациенти, но по интервенции на Народниот правобранител беа преземени соодветни мерки за обезбедување услови за лична безбедност и сигурност на пациентите. Во неколку претставки граѓани укажаа на опасност по нивниот живот и здравје од лица со психички пореметувања, како и опасност за нивно самоповредување. Во ваквите случаи лицата не бараа доброволно заштита и третман во соодветна установа ниту пак, тоа го бараа нивните сродници, а беше забележан и случај на лице со психички пореметувања кое немаше семејство. Од тие причини, соседите на овие лица од Народниот правобранител бараа да интервенира до надлежните органи овие лица да бидат згрижени во соодветна здравствена установа со цел да им се обезбеди соодветен третман и медицинска заштита. По интервенциите на Народниот правобранител, надлежните органи преземаа мерки и лицата беа згрижувани.

**Констатации**

*Граѓаните често се судруваат со потешкотии и проблеми при остварувањето на уставно загарантираното право на здравствена заштита, што не само негативно се одразува на здравјето на поединецот, туку и негативно влијае на целокупниот општествен развој на државата.*

*Министерството за здравство и оваа извештајна година неблаговремено постапуваше по жалбите на граѓаните, поради што Народниот правобранител беше принуден да преземе повеќе мерки за да се забрза постапката, по што дел од предметите беа решени.*

**Препораки**

*Да се преземаат сите можни мерки за обезбедување услови и еднакви можности за секој граѓанин да го остварува правото на здравствена заштита заради создавање здрава попу-лација која ќе придонесе во развојот на општеството во целина.*

*Министерството за здравство да ги преземе сите можни мерки за одлучување по поднесените жалби во законски предвидените рокови.*

# ПРАВА НА ДЕТЕТО

Народниот правобранител во текот на извештајната година повторно се соочи со бројни проблеми и потешкотии во остварувањето и заштитата на детските права како во рамките на семејството, така и во установите и институциите за згрижување.

Имено, во извештајниот период беше забележан зголемен број претставки што се однесуваа на заштита на правата на децата од различни области, а проблемите за кои се бараше интервенција од Народниот правобранител не се разликуваа од оние во претходните години. Она што секоја година се провлекува како појава, а беше случај и со извештајната година, е фактот дека претставките се поднесуваа само од страна на возрасните, а не и од децата. Ваквата состојба повторно го наметнува прашањето дали тоа се должи на незаинтересираноста на децата самите да се изборат за своите права или пак, е последица на нивната недоволна запознаеност со нивните права, а со тоа и непознавање на механизмите за заштита.




Повеќегодишното залагање на Народниот правобранител децата да се третираат како субјекти кои имаат права, интереси и обврски се уште не се заблежува дека се почитува ниту од семејството ниту пак, од страна на надлежните органи и установи. Се уште се забележува дека возрасните одлучуваат за тоа што е најдобро за децата, без да им дадат можност на самите деца, согласно нивната возраст и зрелост, да ги изнесат своите мислења и ставови за сите прашања и одлуки што директно ги засегаат. Ова говори дека постои потреба за едукација на родителите, а особено на службените лица кои одлучуваат за правата на децата со цел и самите деца да земат учество во одлучувањето за нивните права.

## Права во семејството

Проблемите на децата и повредите на нивните права и оваа година најчесто беа присутни во семејството, за што се поднесени и најголем број претставки. Брачните конфликти, несогласувањата на родителите, но и на поширокаta семејна заедница, имаа неизбежно влијание врз децата во семејството и наместо во секое семејство детето да биде во центарот на вниманието на двајцата родители, независно дали живеат заедно или не, децата многу често беа користени како средство за остварување на правата и желбите на родителите, а не ретко и за „пресметување'' меѓу родителите.

Поголемиот дел од поднесените претставки и оваа извештајна година беа поврзани со остварувањето на правото на детето да одржува лични контакти со родителот со кого не живее поради што, како и претходните години, Народниот правобранител посвети посебно внимание на ова прашање, особено во поглед на донесувањето и извршувањето на одлуките на центрите за социјална работа. Во тој контекст, во некол-ку случаи каде родителите не можеа да изнајдат соодветно решение и сметаа дека центрите нестручно и несовесно постапуваат во уредувањето на ова прашање, Народниот правобранител преку Министерството за труд и социјална политика побара Заводот за социјални дејности да изврши надзор над стручната работа на стручниот тим кој постапувал по предметите. По извршениот надзор, Заводот за социјални дејности им даваше соодветни препораки на центрите за надминување на проблемите, во одделни случаи и укажуваше на потребата за преземање мерки и дејствија, пред се во најдобар интерес на детето.



Воедно, Народниот правобранител интервенираше и во случаи кога родителите не ги почитуваа правата на децата и не ги извршуваа своите обврски и должности при што бараше доследно почитување на Конвенцијата за правата на детето и Законот за семејството и примена на соодветни мерки. Во таа смисла, Народниот правобранител укажуваше родителите да го почитуваат правото на детето да одржува лични контакти со родителот со кого не живее и на преземање мерки за спречување на злоупотребата на ова право на штета на интересите на детето, при што потенцираше дека при донесувањето на одлуките, центарот треба да го земе предвид и мислењето на детето, согласно неговата возраст и зрелост, како и да го информира детето за можните последици од одлуките, како што е предвидено со Законот за семејството.

Во неколку случаи, кои се однесува на правото на детето да одржува лични контакти со родителот со кого не живее, поради подолг прекин на контактите меѓу детето и родителот беше забележан отпор кај детето за контакти со родителот со кој не живее, поради што подолг временски период се интервенираше центрите да работат советодавно со детето и со семејството во целина заради надминување на таквата состојба. Во таа насока беше укажувано да се користат сите расположливи мерки, да се врши надзор над вршењето на родителските права и на родителите да им се укажува на недостатоците во воспитанието и развојот на детето, а доколку е потребно во одредени случаи да бидат упатувани сами или заедно со детето да посетуваат соодветно советувалиште или друга здравствена, социјална или воспитна установа.

Во голем број случаи, во кои постоеја проблеми во остварувањето на правото на детето да одржува лични контакти со родителот со кого не живее, по интервенции на Народниот правобранител постапките завршуваа со успех, односно беа воспоставени или

ревоспоставени лични односи и контакти помеѓу децата и родителот, но имаше и случаи кога и покрај интервенциите на Народниот правобранител и стручното работење на центрите, поради задоцнета реакција проблемот не беше надминат.

Во врска со остварување и заштита на правото на непосредни и лични односи меѓу децата и родителите, Народниот правобранител интервенираше и во неколку случаи за деца државјани на Македонија кои живеат во странство со еден од родителите, а другиот родител живее во Република Македонија. Имајќи ги предвид загарантираните права на детето и во вакви случаи да остварува контакти со родителот со кого не живее, Народниот правобранител интервенираше надлежните органи да постапат согласно Хашката конвенција за граѓанско-правните аспекти на меѓународно грабнување деца, а во друг случај водеше постапка за назначување старател на детето и донесување решение од надлежниот центар за социјална работа.

Воедно, Народниот правобранител покрена постапка по сопствена иницијатива поради депортацијата на две малолетни деца од Шведска во Република Македонија, иако немаше родители или блиски роднини кои можеа да ги прифатат, укажувајќи дека при преземањето на оваа мерка би требало да се внимава дали таа е во најдобар интерес на децата. Народниот правобранител за конкретниот случај интервенираше преку омбудсман институциите на Шведска, при што по преземените мерки беше известен дека Миграциското биро на Шведска времено ја одложило депортацијата на децата во Република Македонија и на децата им беше дадена дозвола за престој во Шведска.

## Семејно насилство



Во овој извештаен период зачестија пријавите за семејно насилство врз децата, но и врз возрасни лица, а карактеристично беше што беа евидентирани и претставки од машкиот пол, како жртви на семејно насилство. Постапувајќи по претставките од овој вид, Народниот правобранител преземаше активности пред надлежните органи заради испитување на случајот и бараше преземање мерки за заштита на жртвите од семејно насилство. Меѓутоа, по преземените мерки и испитувањето на случаите, центрите во мал број случаи констатираа постоење насилство при што беа преземани мерки за заштита на жртвите, како и мерки спрема сторителот на насилството.

Од постапувањето по претставките се констатира дека најчесто изложени на насилство се: жените, децата и старите лица. Народниот правобранител констатираше дека децата од семејствата во кои има семејно насилство се жртви без оглед дали директно биле изложени на насилство или само биле сведоци на насилството, поради што интервенираше пред центрите за социјална работа и во такви случаи да преземаат мерки за заштита на децата. За разлика од физичкото насилство, кое е очигледно и полесно може да се утврди, психичкото насилство потешко може да се утврди, а жртвите на семејно насилство често не го пријавуваат насилството веднаш, туку откако ќе земе пошироки размери, поради што последиците се поголеми и потешко отстранливи.

Постапувајќи по претставките кои се однесуваа на семејното насилство Народниот

правобранител укажуваше дека тоа претставува повреда на основните човекови слободи и права на секој граѓанин без оглед на пол, статус, припадност, возраст и сл. и дека превенцијата и навременото реагирање можат да придонесат за намалување на оваа појава и ублажување на последиците од овој вид насилство. Воедно, Народниот правобранител укажа и на потребата за едукација на граѓаните и на децата заради стекнување знаења и вештини за распознавање на повредите и злоупотребите на правата и слободите.

## Здравствена заштита



Народниот правобранител, како и во претходните години, и во извештајната година го третираше проблемот со децата корисници на наркотични средства и во таа насока интервенираше пред надлежните органи да преземат мерки за заштита на оваа категорија деца.

Имено, Народниот правобранител се обрати до Министерството за здравство и до Министерството за труд и социјална политика укажувајќи дека постои потреба за посебно фокусирање кон овој проблем со преземање на сите можни законодавни, административни, социјални и образовни мерки, како и организирање здравствени установи и институции кои би им овозможиле грижа и соодветно лекување на децата корисници на наркотични средства.

Постапувајќи по ова барање, Министерството за труд и социјална политика го извести Народниот правобранител дека еден од приоритетите било отварање дневен центар за деца корисници на дроги и други психотропни супстанци на територијата на општина Шуто Оризари, за што се воделе интензивни разговори со Министерството за здравство, во чија надлежност е здравствениот третман на граѓаните и здравствениот систем воопшто.

Министерството за здравство потврди дека има сознанија за поединечни случаи на малолетни лица корисници на наркотични средства, кои досега биле упатувани во одделни клиники заради добивање соодветна здравствена заштита, како и за хоспитализирани малолетни лица чија здравствена состојба била влошена. Меѓутоа, во отсуство на соодветна установа за лекување на овие деца тие се уште биле задржувани во Клиничкиот центар каде им се обезбедувал здравствен третман и заштита. Инаку, Министерството за здравство ги потврди сознанијата на Народниот правобранител дека се повеќе се забележува употреба на наркотични средства кај младите на средношколска возраст во Македонија, како и дека е зголемен бројот на малолетни лица кај кои била утврдена дијагноза зависност од опијати. Исто така, беше потврдено дека не постојат соодветни установи со просторни и кадровски ресурси во мрежата на здравствените установи во Републиката, ниту пак, пропишани протоколи за нивно лекување, но дека се работи на оваа проблематика со цел да се создадат услови и можности за лекување на овие деца.

Со оглед на порастот на бројот на зависници од наркотични средства, а особено пораст на бројот на деца зависници, Народниот правобранител препорача да се предвидат соодветни едукативни програми во училиштата и децата уште од најрана возраст да се запознаваат со штетното дејство и со последиците од употребата на наркотични средства, како и да се спроведуваат позачестени систематски прегледи со цел рано откривање на зависностите.

Народниот правобранител, покрај другото, укажа дека е неопходно државата да изготви посебна стратегија за оваа појава, утврдување посебен третман кога станува збор

за деца зависници, како и можности за нивно сместување во посебни установи. Притоа, Народниот правобранител ја истакна потребата за вклучување на сите органи и институции кои се овластени и задолжени да водат грижа за правата на децата, како од здравствен така и од социјален, образовен и друг аспект.

Кога станува збор за здравствената заштита на децата, до Народниот правобранител беше доставена претставка од родители кои сметаа дека поради несоодветен третман, пропусти и ненавремена здравствена заштита од страна на лекарите нивното дете починало. Во овој случај, како и во другите случаи кои се однесуваа на нестручно и несоодветно лекување, Народниот правобранител покрај непосредните увиди во медицинското досие, бараше случајот да биде испитан од посебно формирана комисија за стручен надзор од страна на Министерството за здравство. Меѓутоа, стручните комисии најчесто не утврдуваа пропусти во лекувањето и постапувањето на медицинските лица, а имајќи предвид дека Народниот правобранител не е стручен да ја цени веродостојноста на ваквите констатации, граѓаните беа упатувани да бараат заштита во судски постапки.

Народниот правобранител по сопствена иницијатива покрена постапка за измена на Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување затоа што со неговите одредби беше предвидено дека како придружник на дете за време на негова хоспитализација во болница може да се биде само мајката на детето. Народниот правобранител достави препорака до Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со барање да изврши измена и дополнување на Правилникот со давање можност како придружник на детето при болничка хоспитализација да бидат двајцата родители или во оправдани случаи и друг член од семејството. По препораката беше веднаш постапено и спорната одредба од Правилникот беше изменета, согласно укажувањата на Народниот правобранител.

## Деца со посебни потреби и посебни маргинизирани групи на деца

Народниот правобранител и во извештајниот период продолжи со следење на состојбите со правата на лицата/децата со посебни потреби во која област беа доставени мал број претставки кои пред се, се однесуваа на вклученоста на децата во редовното образование, како и за состојбите во посебните училишта.

Имено, беше доставен допис од Здружение за развој на ромската заедница „Сумнал" како реакција по информациите дека голем број деца од ромската заедница биле запишани во училишта/паралелки за деца со посебни потреби, без претходно да им биде направена категоризација од стручна комисија, односно децата биле примени по барање на родителите или пак, од некои други причини.

Здружението беше известено дека откако во 2010 година во извештајот на Европскиот комитет против расна дискриминација имаше забелешка дека во Република Македонија голем број деца, особено од ромската заедница, што учат во училишта за деца со посебни потреби и покрај што не се така категоризирани, Народниот правобранител посети повеќе посебни училишта во земјава и изготви информација со констатации и препораки која потоа беше доставена до Владата на Република Македонија и до надлежните министерства.

И во текот на 2011 година, Народниот правобранител посвети внимание на децата со оштетен слух кои, иако според Законот за здравствено осигурување треба да се ослободени од партиципација, од страна на Фондот за здравствено осигурување биле задолжени да платат 20% партиципација за лекување во странство, и покрај што поседувале соодветни потврди за нивната здравствена состојба. За овој проблем Народниот правобранител го информира министерот за здравство, по што беше доставен одговор дека Министерството ги има предвид проблемите со кои се соочуваат децата со оштететен слух, како и неможноста

да ја добијат потребната здравствена услуга на соодветната клиника заради недостаток од кохлеарни импланти. Од тие причини било побарано од Управниот одбор на Фондот да обезбеди таков вид импланти за Клиниката за уво, нос и грло - Скопје, по што на дел од децата, кои чекале вградување, им беше извршена потребната интервенција, за што и Народниот правобранител интервенираше по поднесени поединечни претставки од родители на деца со оштетен слух.

По сознанието дека ромските семејства кои се сместени во Детското одморалиште „Љубанци'' се оставени без соодветна здравствена грижа и терапија, а се соочуваат со нарушена здравствена состојба и дека меѓу заболените има и деца, Народниот правобранител покрена постапка по сопствена иницијатива, за што изврши непосреден увид во одморалиштето. Од увидот беше констатирано дека се точни информациите за отсуство на соодветна заштита на овие семејства од секаков аспект.

Имено, освен што на овие семејства не им беше обезбедена здравствена заштита, воедно на децата не им беше обезбедена можност да посетуваат образовна настава, а беше констатирано и дека дел од нив не поседуваат лични документи. Заради надминување на констатираната состојба Народниот правобранител се обрати до Министерството за труд и социјална политика и до Министерството за образование и наука и побара преземање конкретни мерки во однос на здравствената состојба на наведените лица и мерки за вклучување на децата во образовниот процес, како и обезбедување соодветна социјална и психолошка поддршка на овие семејства, правна помош, како и активности за решавање на проблемот со немањето лични документи.



По реакцијата на Народниот правобранител, Министерството за труд и социјална политика ја потврди потребата за подобрување на социјалната заштита на оваа група социјално исклучени лица по што на седница на Владата беше донесена Одлука за основање Центар за бездомници под директна контрола на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјални работи на Град Скопје. Народниот правобранител беше известен и дека биле обезбедени финансиски средства за набавка на потребни лекарства, како и дека ќе бидат преземени мерки за вклучување на децата во образовниот систем.

Во врска со правата на децата со посебни потреби, Народниот правобранител интервенираше и по повод претставка од мајки на деца со посебни потреби од Тетово кои бараа вработување дефектолог Албанец за потребите на нивните деца, односно за институционална поддршка. Народниот правобранител се обрати до Општина Тетово и по сознанието дека Општината доставила барање да се доделат финансиски средства за вработување дефектолози за работа со деца со посебни потреби од албанската заедница ја продолжи постапката пред Министерството за образование и наука, од каде очекува преземање мерки заради непречено остварување на правото на образование на 54 деца со посебни потреби од албанската заедница, опфатени во редовното образование во наведената општина.

Народниот правобранител посвети особено внимание и на децата на улица со оглед на фактот дека се посебна ранлива категорија секојдневно изложена на ризик од секаков вид и повреди на нивните права. Народниот правобранител смета дека овие деца треба

посебно да се третираат и дека државата треба да им обезбеди посебна грижа и заштита, како и превентивно да делува за да го намали ризикот овие деца да станат деликвенти и предмет на злоупотреба и експлоатација.

Заради утврдување на фактичката состојба со оваа категорија деца Народниот правобранител спроведе истражување и побара податоци од сите центри за социјална работа во Републиката. Од добиените податоци констатирано е дека проблемот на децата на улица станува се поактуелен и поприсутен и дека според проценките на Министерството за труд и социјална политика бројот на деца на улица е околу 1000, како и дека 95% од децата се од ромската заедница. Исто така констатирано е дека принудата е една од главните причини за трудова експлоатација на оваа категорија деца. Од податоците добиени од центрите за социјална работа, само 9 од нив вршат евидентирање на овие деца. Во овие центри се евидентирани вкупно 719 деца на улица. Меѓутоа, овој број не е егзактен бидејќи не се евидентирани сите деца што денот го поминуваат на улица. Исто така, од податоците на дел од центрите констатирано е дека се забележани и деца кои доаѓаат од други места. Најголем број деца на улица, според податоците добиени од центрите за социјална работа, се евидентирани во: Скопје, Битола и во Кичево. Според центрите за социјална работа најголемиот број од евидентираните деца на улица се занимаваат со просење, односно од евидентираните деца на улица околу 75% се занимаваат со просење, додека останатите 25% се занимаваат и со бришење стакла од возила на раскрсници и со други улични работи.

Од вкупниот број евидентирани деца на улица, само 17% го остваруваат правото на образование. Овој податок укажува на големото ниво на неписменост на децата, која се наведува како една од причините зошто децата завршуваат на улица и подлегнуваат на овој вид економска експлотација со просење. Вклучувањето во образовниот процес на оваа категорија деца е отежнато или оневозможено и поради тоа што голем процент, поточно околу 37% од вкупниот број евидентирани деца на улица не се запишани во матичната евиденција на родените, па заради тоа не можат да ги остваруваат детските права бидејќи формално не постојат во правниот систем.

Децата на улица се под константен ризик. Нивниот начин на живот е резултат на повеќе фактори, но пред се на: родителско занемарување, семејна дезорганизација и сиромаштија. Овие причини доведуваат и до ризик овие деца да станат и потенцијални сторители на казниви дела. Според податоците од центрите за социјална работа, околу 8,5% од вкупниот број евидентирани деца на улица се евидентирани и како сторители на кривични дела. Сите евидентирани деца на улица имаат родители и најголемиот број живеат со двајцата родители. Од тоа произлегува дека токму родителите ги злоупотребуваат и присилуваат децата да престојуваат на улица и да просат, со што ги запоставуваат своите родителски права и обврски.

## Физичко и психичко малтретирање на децата во училиштата и во установите

Со оглед дека и во оваа извештајна година не изостанаа претставките за физичко и психичко малтретирање на децата во училиштата, Народниот право-бранител, со цел за намалување на ваквите појави, бараше од инспекциските и од другите надлежни органи да вршат почести контроли во училиштата заради превен-тивно делување за заштита на децата, но и за  преземање мерки спрема одговорните лица во училиштата и обидите за прикривање на ваквите појави.

Но она што беше предмет на особена загриженост за Народниот правобранител, беа сознанијата за постоење нетрпеливост меѓу децата. Тоа не ретко резултира со вербални и физички пресметки, а забележана е и употреба на оружје, што во одредени случаи заврши

со трагични после-дици. Ваквата состојба ја доведува во прашање безбедноста во училиштата, па имајќи ги предвид случувањата во некои училишта, Народниот правобранител достави информација до Владата и до министерот за образование и наука со барање да се разгледа овој проблем и да се изнајде системско и нормативно решение.



Постапувајќи по информацијата, Министерството за образование извести дека со примената на измените во законската регулатива за основно и средно образование, која предвидува советување на родителите на децата што предизвикуваат конфликти во училиштата, се очекува да се надминат овие проблеми, како и дека во училиштата е засилен надзорот со ангажирање полициски службеници. Меѓутоа, со оглед на фактот дека и понатаму сме сведоци на физички пресметки во училиштата, се потврдува потребата за дејствување на сите субјекти во општеството важни за децата, а тоа се и семејствата и наставниот кадар во училиштата. Во таа насока, од суштинско значење е да се спроведуваат едукативни програми за наставниот кадар во училиштата за начинот на превенирање и разрешување на конфликтите, но неопходна е и нивна соработка со центрите за социјална работа.

## Повреда на други права во образовните установи

Како во претходните, така и во извештајната година Народниот правобранител посети неколку основни и средни училишта заради промоција на правата на децата предвидени во Конвенцијата за правата на детето и домашната правна регулатува. Позитивно е сознанието дека децата ги знаат своите права во семејството и во училиштето, иако се забележува дека не умеат доволно да ги препознаат, а со тоа недоволно ги препознаваат и повредите на тие права ниту пак, имаат доволно сознанија за начините, односно механизмите за заштита. Заради надминување на ваквата состојба постои потреба уште од најрана возраст, во сите степени на образование, преку посебен наставен предмет во образовниот систем да се изучуваат човековите слободи и права, како и механизмите за нивна заштита.

За постигнување на овие цели потребен е соодветно едуциран наставен кадар кој ќе ги оспособува децата и младите, ќе ги насочува да ги почитуваат човековите слободи и права и ќе ги охрабрува да ги користат сите можни механизми за заштита на нивните права. Според Народниот правобранител тоа може да се постигне со воведување посебен наставен предмет за човековите слободи и права и за механизмите за заштита во национални и меѓународни рамки. За наведеното Народниот правобранител достави информација до: Владата на Република Македонија, Министерството за образование и наука и до Бирото за развој и унапредување на образованието, со препорака сериозно да се разгледа оваа тема, како и да се извршат соодветни промени не само во наставните програми и наставни содржини, туку и во учебниците кои треба соодветно и правилно да ги запознаваат децата за човековите права и слободи.

Во овој извештаен период Народни-от правобранител интервенираше и пора-ди ненавремено отпочнување на учебната година во неколку основни училишта заради бојкот на наставата од страна на родителите кои не им дозволуваа на нивните деца да одат на

училиште барајќи да им се овозможи следење настава на нивниот мајчин јазик. Постапувајќи по овие претставки, заради остварување на правото на образование на мајчин јазик, Народниот правобранител укажа да се почитува уставно загарантираното право на секое дете да следи настава на својот мајчин јазик и во таа смисла препорача создавање услови и можности за постигнување на оваа цел. Во одредени случаи каде училиштето, односно советот на локалната самоуправа, донесуваше одлуки за воведување настава на мајчин јазик на децата, Народниот правобрани-тел бараше Министерството за образование и наука да го испита случајот и доколку се исполнети со закон предвидените услови да даде согласност за отпочнување со настава на соодветниот јазик, како и за вработување соодветен кадар за резлизирање на наставата на јазикот на етничката заедница. Во неколку случаи ваквите проблеми беа позитивно решени, но онаму каде што Министерството за образование не се произнесе, проблемот се уште не е надминат. За дел од овие случаи Народниот правобранител ја информира Владата на Република Македонија со барање да преземе мерки за остварување на правото на децата на образование на јазикот на заедницата на која и припаѓаат, но и покрај тоа дел од овие случаи се уште не се разрешени.



Во однос на правата од образованието Народниот правобранител интервенираше и заради уписи на ученици во основни училишта во случаи кога родителите го менуваа местото на живеење. Притоа се укажуваше на доследно почитување на Законот за основното образование за запишување на децата во училиште во реонот каде што живеат.

Народниот правобранител и оваа година интервенираше за покривање на трошоците за превоз на учениците. Во случаите каде што беа исполнети законските услови, укажувањето на Народниот правобранител за бесплатниот карактер на основното и средното образование беше прифатено и учениците го оствarија правото на бесплатен превоз. Не изостанаа и поплаките за обезбедување превоз за учениците кои патуваа од еден во друг град, на кои не им беше обезбеден бесплатен превоз ниту беа сместени во ученички дом. Во овие случаи Народниот правобранител интервенираше да се обезбеди бесплатен превоз или децата да бидат сместени во установа, а доколку тоа не е можно, да се изнајде друг облик на сместување на товар на државата.

## Политичка злоупотреба на децата

Врз основа на информации од средствата за јавно информирање дека во периодот на предизборната кампања во неколку училишта децата биле користени за промовирање одредени партиски цели од страна на активисти на политички партии преку делење пропаганден партиски материјал или преку организирани предавања во училиштата, Народниот правобранител покрена постапка по сопствена иницијатива заради заштита на правата и интересите на децата.

За таа цел, Народниот правобранител достави информација до училиштата каде што беа забележани вакви појави, но и до министерот за образование и наука, со укажување дека инволвирањето на децата на каков било начин во корист на кампањите на политичките

партии е спротивно на Конвенцијата за правата на детето, според која, децата треба да бидат заштитетни од сите видови злоупотреби и манипулации и дека според Законот за заштита на децата и Законот за основното образование во училиштето, се забранува политичко организирање и дејствување и злоупотреба на децата поради политичко организирање и дејствување.

**Констатации**

*Правото на детето да одржува редовни и квалитетни контакти со родителот со кого не живее и понатаму со тешкотии се остварува поради неспроведување на решенијата на центрите за социјална работа и нивното несоодветно и неефикасно постапување.*

*Се уште има потреба за преземање мерки за остварување и заштита на правата на децата, а особено на децата во ризик, кои најчесто се изложени на злоупотреби и насилство.*

*Се уште не се забележува напредок и покрај постојаните укажувања на Народниот правобранител за едукација на децата за нивните права и обврски, стекнување знаења и вештини за препознавање на повредите на правата, како и за нивно учество во донесувањето на одлуките кои ги засегаат децата.*

**Препораки**

*Да се најде ефикасен начин за извршување на решенијата на центрите за остварување на правото на детето да одржува контакти со родителот со кого не живее. Центрите за социјална работа превентивно да делуваат во насока на остварување на ова мошне важно право на детето и неговиот правилен психофизички развој.*

*Надлежните органи да ги преземаат сите можни мерки за заштита на децата во ризик, особено мерки за превенција заради намалување на нивниот број и спречување нивна злоупотреба.*

*Неопходно е воведување посебен наставен предмет во сите степени на образование заради едукација на децата за нивните права и обврски, како и за механизмите за заштита.*

## ОБРАЗОВАНИЕ

Во поглед на заштита на правата на граѓаните од областа на образованието пред високообразовните установи и во текот на овој извештаен период не беа забележани значителни промени како во однос на бројот на претставките така и во однос на проблемите за кои беше побарана заштита од Народниот правобранител.

Имено, проблемите за кои граѓаните се обраќаа може да се групираат во неколку

подобласти и тоа: остварување право на студентски стипендии и кредити, одолжување на постапките за нострификација на дипломи, односно еквиваленција и признавање дипломи од странски високообразовни установи, сместување во студентски домови, уписи на прв циклус на студии, проблеми во однос на плаќање, односно ослободување од партиципација и сл.




Во однос на претставките што се однесуваа на постапката за доделување студентски стипендии забележано е понавремено постапување од надлежните установи, а претставките најчесто се поднесуваа поради одбивање на барањата за остварување на наведеното право. Испитувајќи ги случаите поединечно, Народниот правобранител во најголем број случаи утврди дека надлежната комисија ги одбила кандидатите заради неисполнување на некој од предвидените услови во конкурсот. Воедно, беше констатирано дека и оваа година по објавениот конкурс за доделување стипендии и кредити апликациите се доставувани по електронски пат, но по нивното разгледување се објавуваше список на лицата кои добиле стипендија или кредит, а оние кои не го исполнуваа условот беа навреме известени заради натамошна заштита на правата.

Од Народниот правобранител заштита на правата од областа на високото образование побараа и брачни другари и други членови на семејство на припадници на безбедносните сили кои барале ослободување од плаќање надоместок за студирање, но биле одбиени од високообразовните установи. Народниот правобранител утврди дека високообразовните установи постапиле во согласност со соодветниот Закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили бидејќи во Законот не е предвидено дека брачен другар на припадник на безбедносните сили има право да остварува посебни права од областа на образованието, односно дека има предност при запишување во високообразовните установи и дека се ослободува од партиципација. Законот предвидува вакво право само за припадникот на безбедносните сили, за децата на загинат или починат припадник на безбедносните сили и за децата на воен инвалид.

Народниот правобранител интервенираше правото на ослободување од плаќање парти-ципација да го оствари мајка со деца до шестгодишна возраст, како што е предвидено со Законот за високото образование, која претходно беше задолжена од факултетот да ги покрие трошоците за студирање заради неблаговремено поднесување барање, при што факултетот немал сознанија дека подносителката ги исполнува условите за ослободување од партиципација.

Во текот на овој извештаен период претставките што се однесуваа на признавање и нострификација на странски дипломи се однесуваа на одолжување на постапките и во повеќето случаи по интервенции на Народниот правобранител беше постапено по барањата и беше извршена нострификација, а во случаите каде се бараше дополнување на потребната документација странките беа упатувани документацијата да ја комплетираат заради продолжување на постапките пред надлежното министерство.

Во извештајната година беа доставени претставки и од студенти сместени во студентски дом кои добиле известување од управата на домот дека ќе бидат иселени без да им се даде објаснување за причините. Постапките по овие претставки завршија успешно, односно студентите по преземени мерки од страна на Народниот правобранител останаа во домот.



Проблем за кој се побара заштита од Народниот правобранител беше и запишување на Воената академија бидејќи подносителите сметаа дека им се повредени правата од Конкурсната комисија за избор на студенти во прва година на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски'' - Скопје. Народниот правобранител утврди дека Конкурсната комисија на сите кандидати кои биле пријавени и ги исполнувале условите за прием, подеднакво им дала можност за докажување по сите критериуми наведени во конкурсот и како резултат на таа активност била изготвена и објавена ранг-листа за првиот, вториот и третиот уписен рок. Изборот на примените кандидати од ранг-листата бил извршен од страна на министерот за одбрана, при што се внимавало на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, поради што Народниот правобранител не најде основ за натамошна интервенција.

Во овој извештаен период Народниот правобранител интервенираше и по претставка на граѓанин за проблем кој засега поголема група граѓани, а се однесува на неможноста да го продолжат образованието, односно да запишат докторски студии во Република Македонија поради тоа што дипломите за завршен втор циклус магистерски студии издадени од Универзитетот во Приштина не се заверуваат со апостил печат бидејќи таков печат не се става на јавните исправи кои се издаваат во Република Косово. Заради проблемот со апостилниот печат, граѓаните кои завршиле магистерски студии во Република Косово, а сакаат да продолжат со докторски студии на некој од универзитетите во Република Македонија, не можеа да го запазат рокот од членот 23 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование за поднесување пријава за добивање научен степен доктор на науки, односно без нивна вина го пропуштија рокот до 31 декември 2011 година.

Заради надминување на констатираниот проблем и непречено остварување на правото на трет циклус на универзитетски студии (докторски студии) и достапност на високото образование на македонските и странските државјани на високообразовните установи во Република Македонија, Народниот правобранител се обрати до министерот за образование и наука и укажа на потребата да се забрза постапката за еквиваленција и признавање на високообразовната квалификација пред надлежното министерство, односно да се заврши пред рокот предвиден за поднесување пријава. Воедно укажано е и на потребата за изнаоѓање соодветно решение за надминување на проблемите поврзани со еквиваленцијата и признавањето на квалификациите стекнати во Република Косово заради обезбедување апостил печат на оригиналната странска високообразовна квалификација. Во овој контекст, Народниот правобранител предложи да се разгледа можноста на кандидатите кои поднесуваат барање за признавање странска високообразовна квалификација да им се овозможи да аплицираат за упис и да се известат универзитетите во државата да ги прифатат пријавите на кандидатите, а натамошната постапка за запишување во соодветниот циклус на студии да продолжи откако кандидатот ќе достави решение за еквиваленција и признавање на странска високообразовна квалификација што ја издава Министерството за образование и наука. Постапката по оваа проблематика се уште е во тек.

Народниот правобранител постапуваше и по претставки кои се однесуваа на избор во наставно-научно звање. По преземените мерки од Народниот правобранител и испитувањето на случајот од Државниот просветен инспекторат, се утврди дека органите на Факултетот постапија во рамките на овластувањата предвидени со Законот за високото образование и таму каде што не беа исполнети условите за избор, наставно-научниот совет донесе одлука за неприфаќање на извештајот и изборот во звање не беше извршен.

Според Народниот правобранител, за ефикасно постапување по претставките на граѓаните во законски предвидените рокови, потребно е да се подобри соработката со Министерството за образование и наука, затоа што благовременото постапување по барањата

на Народниот правобранител и доставувањето навремени и соодветни одговори влијае врз ефикасното и законито постапување, а во спротивно се отежнува остварувањето на правата на граѓаните. Во овој контекст, иако има извесно подобрување на соработката со ова министерство и со органите во негов состав, сепак се уште постои потреба за зајакнување на соработката заради поефикасно и поефективно остварување на правата на граѓаните.

**Констатации**

*Факултетите се уште недоволно го применуваат Законот за високото образование во делот на ослободување од плаќање партиципација на студентите.*

*Службите на Министерството за образование и наука недоволно соработуваат со студентите при остварување на правото на студентски стипендии и други права.*

*Се одолжуваат постапките по барањата за нострификација или еквиваленција на странските дипломи и високообразовни квалификации.*

**Препораки**

*Доследно почитување на Законот за високото образование во однос на правото на ослободување од плаќање партиципација, односно остварување на посебните погодности утврдени со статутот на универзитетот.*

*Поголема отвореност и соработка меѓу студентите и службите на Министерството за образование и наука при остварување на правото на студентски стипендии.*

*Навремено постапување по барањата на студентите за нострификација и признавање странски дипломи и високообразовни квалификации.*

## ПОТРОШУВАЧКИ ПРАВА

Анализата на извештајниот период покажува дека трендот на зголемување на бројот на претставките од областа на потрошувачките права и понатаму продолжува, односно бројот на претставките што се однесуваат на овие права во извештајниот период е зголемен за 22% во однос на претходната година. Ова укажува дека граѓаните се повеќе стануваат свесни за повредите на нивните права како потрошувачи, но може да биде и показател дека се повеќе се повредуваат правата на граѓаните како корисници на јавни услуги со незаконско постапување на давателите на јавните услуги и необезбедување редовни и квалитетни услуги и производи.

Како и во претходната година, најголе-миот број претставки се однесуваа на потрошувачката на електрична енергија, но не беше мал бројот и на претставките што се однесуваа на снабдувањето со топлинска енергија и телефонски услуги, како и за услугите на јавните

комунални претпријатија, особено за снабдувањето со вода и одведување урбани отпадни материи.




Откако во минатиот извештаен период беше воспоставен нов систем за изработка на сметките за потрошена електрична енергија, Народниот правобранител интервенираше да се прецизира износот на тековните неплатени сметки, износот на тужените неплатени сметки заедно со судскиот број на тужбата и износот на каматата за задоцнето плаќање. Воедно, укажано е дека заостанатиот долг за кој не е благовремено поднесена тужба е застарен, па не треба да се евидентира и не треба да се врши присилна наплата. Меѓутоа и покрај укажувањата и интервенциите на Народниот правобранител, сметките не претрпеа некои значителни измени поради што овој проблем остана актуелен и во извештајната година, за што граѓаните и натаму поднесуваа голем број претставки.

Како и претходната и во извештајната година се поголем број граѓани поднесуваа претставки заради обвинување дека вршеле неовластено корис-тење електрична енергија и покрај промената на броилата кои сега се во сопственост на снабдувачот со електрична енергија. Поплаките во најголем број се однесуваа на несоодветно постапување на службените лица на снабдувачот и, според потрошувачите, неоснованото обвинување, без докази, дека вршат кражба на електрична енергија.

Имено, иако неовластеното користење електрична енергија претставува кривично дело кражба, согласно законските и подзаконските прописи снабдувачот има овластување без спроведување соодветна постапка да бара наплата на пресметаниот износ и доколку тој износ не се плати во рок од осум дена, да изврши исклучување на електричната енергија. Народниот правобранител укажа дека постапувањето во овие случаи е несоодветно затоа што се врши еднострано и најчесто без покренување постапка. Во таа смисла беше утврдено дека често без согласност на сопственикот на имотот се влегува и се констатира неовластено користење електрична енергија, а потоа без претходно со сигурност да се утврди дека станува збор за кражба на електрична енергија, од потрошувачот се бара плаќање одреден износ кој се пресметува согласно прописите со кои е уредено ова прашање. Народниот правобранител укажа дека во вакви, еднострани постапки, граѓаните немаат можност да докажат дека немаат вина, а дека со тоа што не се спроведува судска постапка граѓаните всушност се „казнуваат" со обврската да го платат износот од пресметката, како и со исклучување на електричната енергија. По дел од претставките беше утврдено дека и покрај што неовластеното користење било констатирано пред повеќе години, не била покрената судска постапка, а сепак од граѓаните било барано плаќање на долгот за неовластено користење електрична енергија. За овие случаи Народниот правобранител бараше потрошувачите да не се задолжуваат со долгови и да се избришат од евиденција со оглед на изминатиот рок за гонење за кривично дело. Укажувањата за овие случаи беа прифатени.

Од друга страна, со оглед дека новите броила се во сопственост на снабдувачот, а во најголем број случаи се поставуваат надвор од имотот на корисникот и до броилото има непречен пристап, Народниот правобранител укажа дека треба да се изнајдат начини за обезбедување на броилата и нивна редовна контрола и одржување за да бидат заштитени од какви било манипулации од корисниците или од други лица. Исто така, Народниот правобранител утврди дека ниту во законските ниту во подзаконските акти (Мрежните правила и во Условите) не е уредена постапката и доказите за утврдување на фактите за неовластено користење електрична енергија, не е уредено прашањето за право на жалба и нема двостепеност во одлучувањето од независен орган.

Во извештајната година еден од проблемите кои ги констатира Народниот право-бранител беше и нееднаквиот третман на потрошувачите во поглед на ослободување од камата за заостанат долг бидејќи се утврди дека потрошувачите кои го платиле долгот пред или по кампањите не се ослободуваа од




каматата за разлика од потрошувачите кои долгот го платиле за време на кампања. Според Народниот правобранител, ваквото постапување претставува повреда на начелото на правичност, а со оглед дека проблемот не беше надминат, Народниот правобранител продолжи да интервенира и по повеќе доставени информации беше спроведена нова кампања со која им се даде можност на корисниците да склучат договор за целиот заостанат долг и за негово плаќање на една или на повеќе рати и ослободување од каматата под условите предвидени во кампањата.

Во врска со проблемите околу потрошувачката на електрична енергија не беше за занемарување и бројот на претставки во кои граѓаните се жалеа дека се задолжени со плаќање сметки од пред повеќе години за кои настапила застареност, а благовремено не била покрената постапка за присилна наплата. Народниот правобранител укажуваше дека за сметките кои се застарени и не е благовремено покрената постапка за присилна наплата, долгот треба да се избрише од евиденцијата и спрема потрошувачите да не се преземаат присилни мерки за наплата, што беше испочитувано од страна на снабдувачот.

Воедно, Народниот правобранител констатира дека во одделни периоди од годината броилата нередовно се читаат и во местата кои се лесно достапни, па потрошувачите се задолжуваат паушално и со нереални сметки, поради што беше укажано дека е потребно броилата да се читаат редовно за граѓаните да плаќаат реално онолку колку што потрошиле во текот на месецот.

Се уште имаше случаи на ненавремено доставување сметки поради што на потрошувачите им се пресметуваше камата за задоцнето плаќање, иако причина за задоцнето плаќање беше неблаговремено доставување на сметката. Народниот правобранител го информира снабдувачот за наведениот проблем, како и Агенцијата за пошти која презеде одредени мерки, но овој проблем се уште не е целосно надминат.

Работата на Народниот правобранител се отежнува и постапките се одолжуваат бидејќи во дописите што се доставуваат по барањата на Народниот правобранител не се доставуваат целосни одговори на сите поставени прашања поради што неопходно е вршење увиди или доставување барања за дополнителни одговори. Со оглед дека бројот на претставките што се однесуваат на сите претходно наведени проблеми е во пораст, односно проблемите не се надминуваат и остануваат актуелни, Народниот правобранител достави посебна информација до Владата на Република Македонија, до Регулаторната комисија за енергетика, Министерството за економија и до Управниот одбор на „ЕВН" и побара секој во рамките на своите законски овластувања да преземе мерки во насока на преиспитување на законската и подзаконската регулатива заради заштита и унапредување на правата на потрошувачите.

Помал број претставки беа доставени и за наплатата на такса за улично осветлување за населени места каде што не е воспоставен систем на улично осветлување. Народниот правобранител интервенираше пред општините, во чија корист снабдувачот ја наплаќа оваа такса, со укажување доколку не обезбедиле или не го одржуваат уличното осветлување, кое е нивна законска обврска, треба да донесат одлука за ослободување на граѓаните од оваа такса. Дел од општините постапуваа по укажувањата на Народниот правобранител и

преземаа мерки за воспоставување и редовно одржување на уличното осветлување. Имајќи предвид дека дел од општините не постапуваа по овие укажувања, Народниот правобранител им препорача на инспекциските органи да преземат мерки за да се престане со незаконската наплата на комуналната такса за улично осветлување во оние населени места каде нема јавно осветлување. Инспекциските и надзорните органи постапија по укажувањата на Народниот правобранител со што на граѓаните им беа заштитени повредените права.

Во врска со наплатата на таксата за улично осветлување до Народниот правобранител поднесени беа и повеќе претставки од граѓани што живеат во колективни станбени згради кои укажуваа дека се ставени во понеповолна состојба од другите граѓани бидејќи двапати (а може и повеќепати) се задолжуваат со комунална такса за улично осветлување - за индивидуалното броило и за броилата за заеднички простории, за засолништа, за броилото за користење топлинска енергија и сл. Од одредбите на Законот за комунални такси, произлегува дека за секое броило што е евидентирано за потрошувачка на електрична енер-гија се плаќа комунална такса за јавно осветлување по домаќинство. Согласно наведената законска регулатива членовите на заедниците на станари не само што ја плаќаат оваа комунална такса за своето индивидуално броило како домаќинство, туку оваа такса ја плаќаат и за секое евидентирано броило за мерење на потрошувачката на електрична енергија во станбената зграда. Произлегува дека домаќинствата во колективните станбени згради оваа комунална такса ја плаќаат повеќепати и се доведени во нееднаква положба со другите граѓани.

Имајќи го предвид изнесеното, Народниот правобранител достави информација до Владата на Република Македонија со барање да се разгледа можноста за измена и дополнување на Законот за комуналните такси, во делот каде што е предвидено комуналната такса да се плаќа за секое броило за електрична енергија, со цел граѓаните да не бидат обврзани наведената комунална такса да ја плаќаат неколкупати.

Во врска со работата на друштвата кои вршат снабдување со топлинска енергија, во текот на оваа извештајна година беа доставени голем број претставки затоа што со воведувањето на новиот начин на пресметување на потрошувачката на топлинската енергија и повторното зголемување на цената граѓаните се соочија со нереално пресметување, особено во колективните станбени згради каде топлинската енергија се мери преку единствен мерач за сите станари. Притоа, поради високите сметки некои станари се исклучуваа од топлификацискиот систем, а некои доградуваа нови грејни тела кои не ги пријавуваа, поради што распределбата на топлинската енергија кај активните потрошувачите не е реална.

Народниот правобранител уште на почетокот од воведувањето на новиот начин на пресместување потрошена топлинска енергија укажа на повеќе нелогичности во овој систем, кој создава можност за нереално пресместување на надоместокот за секој потрошувач, особено во колективните станбени згради и создава нееднаковост меѓу потрошувачите - проблем кој стана уште поактуелен со новото покачување на цената на топлинската енергија. Поради тоа, Народниот правобранител цени дека граѓаните се ставаат во неповолна положба и им се ограничува правото да плаќаат онолку колку што потрошиле.



Со оглед на ваквите проблеми, кои пред се се на штета на потрошувачите, Народниот правобранител смета дека до поставување поединечни мерачи во секој стан потребно е да се преиспита утврдениот начин на пресметка преку



колективен мерач бидејќи со авансно плаќање на сметките не се утврдуваат реално трошоците за секој потрошувач. Во таа смисла, заради заштита на правата на потрошувачите, Народниот правобранител достави посебна информација со предлог за преземање мерки до Владата на Република Македонија, до Регулаторната комисија за енергетика, Министерството за економија и до Акционерското друштво „Топлификација'' како надлежни за оваа проблематика.

Притоа, Народниот правобранител укажа дека новиот начин на пресметување на топлинската енергија, кој требаше да биде само преодно решение до поставување поединечни мерачи, не создава можност за правилно утврдување на потрошената топлинска енергија, поради што побара да се разгледаат сите можности и услови за вградување поединечни мерачи кај секој корисник заради плаќање реално потрошена топлинска енергија од секој потрошувач поединечно.

Во претставките поднесени за услугите на јавните комунални претпријатија што вршат комунална дејност снабдување со вода и одведување урбани отпадни материи, граѓаните се жалеа на: високи и нереални сметки за потрошена вода, неисправни водомери, нивно нередовно читање и паушално задолжување, непоставување водоводен приклучок и покрај исполнети услови и сл. Претставки беа поднесувани и поради задолжување на граѓаните со надоместок за вода и за смет, иако одредени објекти не се користат и не се поврзани на електричната и водоводната мрежа и не се исфрла смет или пак, за наплата на надоместок за потрошена вода од нов корисник иако водата е потрошена од претходен корисник. Во постапувањето по овие претставки укажувањата на Народниот правобранител се прифаќаа и граѓаните ги остваруваа своите права.

Во однос на услугите од фиксните и мобилните телефонски оператори, како и претходните години, граѓаните најчесто се жалеа на високи сметки или задолжување со надоместок за разговори кои, според подносителите, не биле направени. Дел од подносителите искажуваа незадоволство од работата на одделни оператори, особено од мобилната телефонија, како и на неможноста за раскинување на договорите поради задолжувања со високи пенали доколку се раскине договорот пред времето за кое е склучен. Во повеќето такви случаи Народниот правобранител бараше од Агенцијата за електронски комуникации, како надлежен орган за вршење надзор и контрола над работата на овие даватели на услуги, да ги преиспита поплаките на граѓаните, по што дел од граѓаните ги остваруваа правата. Дел од поплаките се однесуваа и на поставување телекомуникациски или други кабелски уреди на имот на граѓани, без согласност на сопственикот и без спроведување законски предвидена постапка. По овие претставки Народниот правобранител интервенираше да се почитува уставно гарантираното право на сопственост и бараше да се спроведува соодветна постапка утврдена со закон.

Исто така, имаше претставки за нелегално поставување базни станици на мобилни опреатори во населени местра без изготвен елаборат за заштита на животната средина и без испитување дали и колку базните станици влијаат на здравјето и животот на граѓаните и на животната средина. Народниот правобранител во еден таков случај интервенираше подолг период до повеќе надлежни органи, но проблемот, за жал, се уште не е надминат.

Во врска со работата на кабелските оператори и поплаките за промена на каналите без да се информираат корисниците, како и по однос на пеналите што корисниците мора

да ги платат доколку сакаат да го раскинат договорот, Народниот правобранител се обрати до Советот за радиодифузија, до Комисијата за заштита на конкуренцијата и до Агенцијата за електронски комуникации. Притоа Народниот правобранител потенцираше дека плаќањето пенали не е уредено со закон, туку секој оператор самостојно го определува, со што им се ограничува правото на граѓаните слободно да одберат од кој оператор ќе ги користат услугите. Поради тоа беше побарано секој орган, во рамките на своите законски овластувања, да го преиспита проблемот со кој граѓаните се судруваат како потрошувачи и да преземе мерки, секој од аспект на своите надлежности. Од доставените одговори од: Советот за радиодифузија и од Комисијата за заштита од конкуренција, може да се констатира дека не е утврдена основа за нивна интервенција, при што се уште се очекува одговор од Агенцијата за електронски комуникации.

Повторно не изостанаа и претставките во врска со наплатата на радиодифузната такса од кои дел се однесуваа на корисниците кои со закон се ослободени од плаќање на оваа такса, а дел се однесуваа на домаќинства кои двапати биле задолжувани со оваа обврска. По сите овие претставки укажувањата на Народниот правобранител беа прифатени и граѓаните ги остваруваа своите права. До Народниот правобранител беа поднесени и поголем број претставки од субјекти кои сметаа дека немаат законска обврска за плаќање на радиодифузната такса, особено од заедниците на станари кои согласно Законот за домување беа регистрирани како правни лица. Народниот правобранител се обрати до Јавното претпријатие „Македонска радио телевизија'' и до Управата за јавни приходи и известувајќи за оваа појава побара сериозно разгледување на ова прашање со цел да се оцени дали секое правно лице, независно од условите утврдени со Законот за радиодифузната дејност, треба да биде задолжувано со обврска за плаќање радиодифузна такса.

Во меѓувреме, Собранието на Република Македонија даде автентично толкување на членот 146, став 1, алинеја 3 од Законот за радиодифузната дејност, според кое радиодифузна такса треба да плаќаат: правни лица и сопственици на деловен простор, на секои 20 вработени или други лица кои го користат деловниот простор, по една радиодифузна такса, при што правни лица кои не се регистрирани соласно со Законот за трговските друштва, односно кои добиваат статус на правно лице согласно со други закони немаат обврска да плаќаат радиодифузна такса согласно со овој закон. Од наведеното произлегува дека заедниците на станари кои не се формирани како правни лица согласно Законот за трговските друштва, не би требало да плаќаат радиодифузна такса. Поради тоа, Народниот правобранител повторно се обрати до Јавното претпријатие „Македонска радио телевизија'' со укажување правните лица кои не се регистрирани соласно со Законот за трговските друштва, односно кои добиваат статус на правно лице согласно со други закони да се избришат од регистарот на обврзници и побара да се извести Управата за јавни приходи дека нема основ до овие правни лица да доставува решенија за задолжување со радиодифузна такса. Укажувањето на Народниот правобранител беше прифатено.

Од работата по претставките од областа на потрошувачките права и следењето на состојбите во оваа област може да се констатира дека како и претходните неколку години и во оваа извештајна година граѓаните се повеќе се судруваа со проблеми во користењето на јавните услуги кои директно влијаат на квалитетот на нивната егзистенција. Притоа, се поголем број граѓани поради тешка социјална состојба и неможност редовно да ги подмируваат надоместоците за користење на јавните услуги, се исклучуваат од овие системи со што се лишени од елементарни услови за живот.

**Констатации**

*Се уште не е постигната целосна либерализација на пазарот на јавни производи и услуги како основен предуслов за конкуренција и квалитет.*

*Законските и подзаконските решенија не се квалитетни и конзистентни и не обезбедуваат реална заштита на потрошувачите.*

*Телата за регулација се уште немаат капацитет за остварување на својата функција.*

*Неажурноста на надлежните органи и институции во системот придонесува во создавањето на проблемите кои се на штета на потрошувачите.*

*Несовесните потрошувачи претставуваат пречка за совесните потрошувачи да добиваат квалитетни и навремени производи и услуги.*

**Препораки**

*Да се вложат напори за забрзување на процесот на либерализација на пазарот заради овозможување конкруренција во обезбедувањето квалитет на јавни производи и услуги.*

*Да се надгради законската регулатива заради соодветно и непречено остварување и заштита на правата на граѓаните како потрошувачи.*

*Да се зајакнат капацитетите на регулаторните тела.*

*Сите надлежни органи и институции да преземаат мерки и активности за обезбедување квалитетни и редовни производи и услуги.*

*Несовесните потрошувачи да не претставуваат причина за совесните потрошувачи да трпат штета и да им биде ограничено редовното и квалитетно обезбедување јавни производи и услуги.*

## ДРУГИ ПРАВА

Во оваа група се вбројуваат претставките доставени од правни субјекти; претставки во кои граѓаните се жалат од други физички лица; претставки во кои граѓаните бараат интервенција заради недобивање одговор од органите, како и претставки во кои граѓаните бараат правен совет.

Дел од претставките беа поднесени поради недобиен одговор од органите спрема кои Народниот правобранител надлежно постапува, така што Народниот правобранител во овие случаи постапуваше со дадени укажувања до органите дека граѓанинот има уставно загарантирано право да се обраќа до органите и од нив да добива писмени одговори. Постапу-вањето на Народниот правобранител во оваа насока имаше позитивен ефект.

Значителен број од овие претставки беа и барања за правен совет. Во овие случаи Народниот правобранител ги советуваше граѓаните за можните начини на остварување на правата, ги поучуваше за можноста правото да го остварат со иницирање соодветни постапки пред државни органи и институции. Народниот правобранител во постапувањето

по овие претставки едновремено и ги едуцираше граѓаните со цел да се подигне правната свест кај граѓаните и да се зајакне нивната правна сигурност во постапките пред надлежните органи.

Оваа извештајна година, исто така, се карактеризираше и со претставки кои се надвор од делокругот на работа на Народниот правобранител. Таквите претставки беа отфрлени поради ненадлежност, со дадено образложение за непостапувањето и правна поука за начинот на остварување на правото пред одговорните правни субјекти.




## ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Локалната самоуправа е автономен систем на управување со локалните заедници и во нашата држава претставува една од темелните вредности на уставниот поредок. Во единиците на локалната самоуправа граѓаните, непосредно и преку претставници, учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење. Локалната самоуправа е организација на власта што самостојно ги врши надлежностите утврдени со Уставот и со закон. Развиеноста на локалната самоуправа е еден од условите за постоење демократија и правна држава.

Основното орудие за унапредување на локалната самоуправа е децентрализацијата и граѓанската партиципација. Причината поради која се започнува со децентрализацијата на власта е разбирањето на конкретните потреби на локалното население, креирање конкретни проекти кои ќе излезат во пресрет на дефинираните потреби, што крајно ќе резултираат со подобрување на животот на населението. Тргнувајќи од ова, успе-



хот на децентрализацијата се мери преку тоа колку е блиска власта со граѓаните, односно во која мера ги разбира и ги исполнува нивните барања.

Во Република Македонија во 2001 година беа донесени уставни амандмани кои на локалната самоуправа и посветија особено внимание како последица од Рамковниот договор. Еден од главните столбови на Рамковниот договор е развојот на децентрализирана власт. Од тие причини, во 2002 година се донесе Законот за локална самоуправа. Овој закон, нормативно ја приближува Македонија до европските стандарди за уредување на оваа област. Но и покрај фактот што локалната самоуправа е вградена во правниот систем и Европската повелба за локалната самоуправа е интегрален дел од домашното законодавство уште од 1997 година, практиката, за жал, се уште често е неконзистентна со нормите. И покрај што се изминати повеќе од шест години од започнувањето со реализацијата на процесот на децентрализација во нашата држава, сепак општините се уште се соочуваат со проблеми од недостиг на финансии, зависност од централната власт во однос на финансиска поддршка на областите со кои веќе години наназад управуваат (особено образованието), технички и кадровски проблеми, со еден збор - се соочуваат со нецелосна децентрализација, а со тоа и со потешкотии во управувањето.

За да може да се констатира степенот на успешноста на децентрализацијата во нашата држава, треба да се дадат одговори на прашањата: дали граѓаните ја чувствуваат децентрализацијата како нешто што им ги подобрува условите за живот; дали процедурите се поедноставени, побрзи и подостапни; дали граѓаните имаат влијание врз локалното одлучување; дали има граѓански иницијативи и ако ги има дали тие се почитуваат од локалните власти; дали се почитува принципот на недискриминација и правична застапеност на етничките заедници во општинските администрации и како се заштитуваат интересите на локалните малцинства?

Констатациите на Народниот правобранител за степенот на остварување на правата на граѓаните пред единиците на локалната самоуправа поединечно по областите кои се пренесени во надлежност на локалната самоуправа, се засновани на постапувањето по претставки, постапките покренати по сопствена иницијатива, како и врз основа на активностите предвидени со Програмата за работа.

## Урбанизам и градба

Планирањето на просторот е една од основните надлежности на локалните власти која ја имаа и пред започнување на процесот на децентрализација. Донесувањето на урбанистичките планови е долготраен процес во кој се менуваат карактеристики на земјиштето и просторот, кој, за жал, се одолжува поради недоволната ажурност и непочитувањето на законските рокови од страна на општинската администрација. Граѓаните, согласно законот, имаат можност преку јавното излагање на плановите да даваат свои мислења, забелешки или предлози, но во реалноста тие ретко се прифаќаат од страна на општинските органи. Согласно Законот за просторно планирање, со цел обезбедување стручност и транспарентност во процесот на просторното и урбанистичкото планирање, во општините се формира партиципативно тело кое има овластување да ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните во овој процес, а во тоа тело членуваат и надворешни истакнати стручни лица од оваа област, претставници на здруженија на граѓани и граѓани од подрачјето на општината. Во насока на спроведување на оваа законска одредба, во општините се формирани вакви партиципативни тела, но тие не ја спроведуваат ефективно својата функција. Ова тело заседава ретко, најчесто кога е во прашање вклопување објект од јавен интерес, но и тогаш само заради формално обезбедување транспарентност и вклученост на граѓаните.

Од областа урбанизам во извештајната година се поднесени мал број претставки, што укажува дека граѓаните не посветуваат доволно внимание на начинот на кој им се уредува

просторот во кој живеат. Граѓаните реагираат само кога со урбанистичките планови им се загрозува нивниот личен интерес, а притоа не пројавуваат интерес за нереализирањето на некој детален урбанистички план или за неговото неменување по изминат подолг временски период, иако, согласно закон, урбанистичките планови треба да бидат подложни на ревизија секои 5 години од денот на нивното усвојување. Непостоењето децидна законска одредба до кој временски период може да важи донесен урбанистички план за кој не се прават измени и по неколку извршени ревизии, го попречува правото на граѓаните на непречено располагање со својата сопственост во случај кога со планот се предвидува отстранување нивна недвижност. На овој начин и по истекот на 5,10,15 години, иако имаат неспорна сопственост врз недвижноста, граѓаните не можат непречено да располагат со неа, не може да ја реновираат, адаптираат и да ја продаваат.

Од овие причини, Народниот правобранител потсетува дека донесувањето на урбанистичките планови има за цел да обезбеди уредување и хуманизација на просторот поради што треба да бидат во функција на граѓаните и не треба да претставуваат пречка во остварување на сопственичките права на непречено владение и располагање со недвижностите.

Што се однесува до градбата, проблемот на отстранување бесправно изградени објекти и во оваа извештајна година беше најактуелен кај граѓаните. Бројот на поднесени претставки по овој основ е најмногуброен и покрај донесувањето и влегувањето во сила на Законот за постапување со бесправно изградените објекти. Народниот правобранител по овие претставки констатира одолжување на постапките за извршување управни акти за отстранување бесправни градби, што резултираше со продолжување на бесправните градби од страна на инвеститорите.

Имено, урбаната полиција или извршните одделенија при општините наместо да постапуваат согласно Законот за градење и да преземаат соодветни дејства за извршување на управните акти, не преземаа ништо во очекување донесување на Законот за постапување со бесправно изградените објекти. Оправдување за непостапувањето беше и немањето правно лице, избрано од општината, кое би ги извршувало тие акти за сметка на бесправниот градител, иако постојат и други овластувања како на пример поднесувањето кривична пријава против бесправниот градител. Народниот правобранител им укажуваше на надлежните органи на нивната обврска за почитување и примена на Законот за градење се до донесување на Законот за постапување со бесправно изградените објекти чие донесување се очекуваше. Истакнувано беше дека отстранувањето на бесправните градби придонесува за остварување и заштита на правата на граѓаните од областа на урбанизмот и просторното планирање и им овозможува живот во урбано средена средина, како основна претпоставка за урбано живеење и уредени сопственички односи. Народниот правобранител потенцираше дека ваквото постапување влева правна несигурност кај граѓаните и сомнеж за селективна примена на законите. Со влегувањето во сила на Законот за постапување со бесправно изградените објекти, се запреа сите постапки за отстранување објекти од локално значење, како што запреа и започнатите управни и судски постапки во врска со нив. Но и покрај овој закон, граѓаните продолжија од Народниот правобранител да бараат да презема дејствија за спречување на легализацијата на бесправните објекти кои им го попречуваа мирното и непречено владеење со нивната сопственост.

Од друга страна, имаше и претставки во кои граѓаните реагираа на одолжување на постапките кои се водат пред комисиите за легализација на објектите, како што реагираа и на, според нив, селективната примена на овој закон од страна на локалните власти. Во однос на претставките кои се однесуваа на одолжување на постапките за издавање одобренија за градба, Народниот правобранител констатира непостапување во законските рокови од страна на општинските администрации. Исто така, констатирано е дека во некои општини се издаваат одобренија за градба, без притоа на инвеститорот да му биде целосно овозможена комунална инфраструктура, иако го платил бараниот надоместок како предуслов за издавање на одобрението.

И оваа година овластените градежни инспектори не постапуваа ажурно по поднесени пријави од граѓани за бесправни градби. Ваквото несовесно однесување не ретко

доведуваше градителот да изгради бесправна градба, по што по надзор, извршен најчесто по интервенција на Народниот правобранител, инспекторот констатира веќе завршена градба, по што се одолжуваше извршувањето на повторно донесените управни акти за отстранување бидејќи се чекаше општината да избере правно лице за нивно извршување. Имајќи ја предвид ваквата реалност, Народниот правобранител укажуваше на неопходноста одделенијата за инспекциски работи да се зајакнуваат кадровски и со материјални ресурси за да можат инспекциските органи да бидат реално присутни на терен, да вршат контролни надзори и благовремено да интервенираат.

Забележан е напредок во комуникацијата на органите на локалната самоуправа со Народниот правобранител во оваа област. Локалните власти не само што во голем процент одговараа на барањата доставени од Народниот правобранител, туку и процентот на постапување по доставените укажувања и препораки е исто така зголемен. Народниот правобранител го поздравува овој тренд, но и понатаму ќе презема дејствија соработката на локалните органи, особено на инспекциските служби со Народниот правобранител, да биде на повисоко ниво.

## Образование

Определба на Република Македонија е да чекори во насока на современото уредување на општеството каде образованието, културата, науката и иновациите претставуваат клучни фактори за благосостојбата на граѓаните и за јакнење на националната економија.

Имајќи ја предвид оваа стратешка определба, со децентрализацијата во образованието се изврши редистрибуција на одговорноста за главните образовни прашања (подобрување на квалитетот на образованието, професионално унапредување на наставниците, финансирање) на сите три нивоа на образовниот систем – централното, локалното и училишното. Децентрализацијата во образованието досега е реализирана на начин што на општините веќе им се пренесени надлежностите и овластувањата да вршат избор на училишни директори, имаат зајакната улога во училишните одбори, пренесена им е надлежноста за тековно одржување на објектите и организацијата на превозот на учениците. За овие надлежности средствата се уште им се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија. Со блок дотациите се предвидени средства во Буџетот на Република Македонија за 2011 година, преку кои се обезбедуваат средства за платите на вработените во училиштата, за тековно одржување на објектите и за превозот на учениците за сите основни и средни училишта, секако онаму каде ги има.

Проблем, кој го констатира и Народниот правобранител при постапувањето по поднесените претставки од оваа област, е што определените средства со блок дотациите не се доволни за нормално функционирање на општината во областа на образованието затоа што кога ќе се исплатат средствата за плати на вработените, не остануваат доволно средства за обезбедување бесплатен превоз на учениците до нивните училишта, како и недоволно средства за огрев во училиштата. Во недостиг на овие средства, кои се од фундаментално значење за непречено следење на образовниот процес, многу мал број општини успеваат од локалните буџети да го дополнат овој недостаток, но и тој не секогаш е доволен. Поради ваквата состојба, голем дел ученици (особено оние кои живеат во руралните места) не се во можност да ја следат наставата, а во зимските периоди следењето на наставата многу често се прекинува заради немање огрев во училиштата, со што флагрантно се повредува правото на учениците на непречено образование и континуирано следење настава.

Народниот правобранител повеќе години наназад укажува во годишните извештаи на овој проблем и бара од државата да им обезбеди на општините доволно финансиски средства за оваа намена кои ќе одговараат на нивните потреби, затоа што децентрализацијата во

овој домен реално е сведена само на редистрибуција на надлежностите и овластувањата во изборот на училишните директори и партиципација на локалната власт во училишните одбори. Тоа во никој случај не придонесува за напредок во процесот на децентрализација во образованието. Народниот правобранител, исто така, укажа на потребата општината да утврди мерила и критериуми за распределба на средствата од блок дотациите меѓу училиштата на територијата на општината, со што би се обезбедила објективна и транспарентна распределба на средствата. Исто така, локалните власти ретко, несистематизирано и неконзистентно прават анализи на финансиската состојба и на потребите на училиштата и не изготвуваат елаборати и планови за рационализација на трошоците во училиштата, што придонесува за ваквата фактичка состојба.

Во општините се уште не се создадени соодветни услови за образование за децата со посебни потреби. Од формално-правен аспект, на овие деца им се гарантира образование врз основа на посебни наставни планови и програми во зависност од пречките во психичкиот и физичкиот развој, со можност да се вклучат во редовното образование, во посебни паралелки во редовните и во посебни училишта. Меѓутоа во практиката овие права децата не ги уживаат во целост или ги остваруваат со потешкотии. Локалните власти се уште недоволно посветуваат внимание на обврската за обезбедување наставен кадар кој ќе овозможи квалитетно и стручно образование за оваа категорија деца. Покрај овој кадровски и стручен недостаток, поголем број од општините немаат обезбедено пристап до училишните згради за деца со физички хендикеп. Во постапувањето по поднесена претставка Народниот правобранител констатира дека во Републиката постојат определени подрачја каде во пошироката околина не постојат училишта во кои децата со посебни потреби можат да следат настава. Поконкретно, во Општина Дебар и во населените места во пошироката околина, децата со посебни потреби можат да следат настава најблиску во Општина Охрид или во Општина Битола. Значи, на овие деца правото на образование формално им е овозможено, но реално неостварливо, имајќи ја предвид зависноста и неможноста според возниот ред да доаѓаат навреме на настава. Во ваквите случаи дополнително се отежнува или поточно нецелосно се остварува и нивното право на бесплатен превоз до училиштето затоа што родителите се принудени да ги носат децата со сопствен превоз, кој чини многу повеќе, надоместокот за превозот им се исплаќа по цена на јавниот, а исплатата доцни и по неколку месеци. Во посочениот пример, родителите на овие деца, за да им обезбедат образование, принудени се да го напуштат својот дом, привремено да го променат местото на живеење и да живеат во друга општина, да го прекинат работниот однос кој го имале и да плаќаат закупнина, поради што во целост им е нарушено нормалното живеење и е доведена во прашање егзистенцијата на семејството.

Со оглед на изнесеното, Народниот правобранител бара од локалните власти да го зголемат бројот на училишта во кои ќе се вклучуваат деца со посебни потреби во редовното образование и навремено да вршат исплата на надоместокот за превоз до училиштата кој треба да биде реален на направениот трошок. Локалната власт да преземе соодветни мерки и да обезбеди средства за вработувања стручни тимови оспособени и обучени за работа со деца со посебни потреби, како и за дообучување и стручно усовршување на постојниот наставен кадар во училиштата. Исто така, потребно е да се намали бројот на ученици во паралелките во кои се вклучени деца со посебни потреби за да се создадат можности за индивидуална работа со овие деца. Народниот правобранител сугерира локалните власти преку посебни програми или проекти да ги едуцираат и родителите на овие деца за начинот како да им помогнат во совладувањето на наставните програми и ја потенцира потребата за редовна и добра соработка помеѓу родителите и наставниците, што е во интерес на овие деца.

Со Амандманот VIII на Уставот на Република Македонија и со законите од областа на образованието се гарантира правото на припадниците на етничките заедници да учат на својот мајчин јазик, како гаранција за почитување на мултиетничкиот карактер на македонското општество. Во практика остварувањето на ова право, за жал, зависи пред се од бројноста на етничката заедница во општината и е најприменливо за албанската етничка

заедница, како најмногубројна во нашата држава, како што е применливо и за учениците од турската етничка заедница во оние општини каде таа е доминантна. Остварувањето на ова право е отежнато за останатите заедници пред се поради малиот број ученици и недостигот од наставнички кадар. Ова право се остварува во етнички мешани училишта во кои наставата се одвива на два или повеќе јазици и претставува дополнителен фактор на поделба затоа што во име на спречување на меѓуетничките конфликти, учениците што ја следат наставата на различни јазици се раздвојуваат по смени или по објекти. Сличен недостаток од интеракција постои и меѓу наставниците кои предаваат на различни јазици и меѓу студентите кои студираат на наставничките факултети.

Имајќи ја предвид ваквата состојба, Народниот правобранител смета дека е потребна многу поголема свест за потребата од преземање конкретни мерки и дејствија, реализирање активни политики, пред се од едукативна природа од страна на локалните власти кои се најодговорни за обезбедување на ова право, со кои ќе се промовира важноста и неопходноста за прифаќање на различностите меѓу етникумите како услов за соживот. Во овој контекст, Народниот правобранител ја потенцира потребата за преземање вакви мерки и промотивни политики во однос на Ромите и ромските деца кои се цел на најинтензивно негативно стереотипизирање и социјално дистанцирање од страна на останатите деца. За жал, во Републиката се уште постои сегрегација на ромските ученици кои, во некои училишта, се одделуваат од останатите ученици во посебни паралелки и кај нив воопшто не се применува реонизацијата на запишување во образовниот процес. Така, во некои општини каде ромската етничка заедница е побројна, како што се: Битола и Штип, ромските деца се запишуваат само во одредени училишта, без оглед дали училиштето припаѓа на реонот каде се наоѓа нивниот дом.

Поради ваквата состојба, која како резултат доведува до чести бојкоти на наставниот процес, до конфликти помеѓу учениците, па и помеѓу наставниците од различни етникуми, Народниот правобранител инсистира на промоција на културниот идентитет во мултикултурен контекст. Народниот правобранител промовира образование кое во својот фокус ќе го има поединецот со сите негови индивидуални и културни карактеристики и разбирање и почитување на туѓите култури и различности како основа за функционирање на едно мултикултурно општество какво што е нашето. Како позитивен пример за градење соживот во мултиетничко општество уште од најрана возраст на децата, Народниот правобранител го поздравува и поддржува проектот „Интегрирано двојазично основно училиште" со кој учениците од македонска и турска национална припадност во ОУ „Маршал Тито" во Струмица од ноември 2010 година ја следат наставата истовремено на македонски и на турски јазик во паралелка од мешан состав. Со овој проект е опфатено уште едно основно училиште во Гостивар.

## Работни односи

За извршување на работите од надлежност на органите на локалната самоуправа се организира општинска администрација. Нејзина цел е да ги подготвува актите за советот и градоначалникот, да врши стручни работи и да ја следи проблематиката во областите што се во надлежност на општината, да врши анализи на состојбите и да дава иницијативи и предлози за нивно решавање. Ваквите овластувања и надлежности кои ги има општинската администрација, треба да ги спроведува совесно, стручно, ефикасно, уредно и навремено и сето тоа исклучиво во согласност со Уставот на Република Македонија, законот и статутот на општината. Само ваква општинска администрација ќе биде вистински сервис на граѓаните и ќе придонесе за непречено завршување на процесот на децентрализација на власта од централно на локално ниво.

За да се обезбеди ефикасна општинска администрација, градоначалникот на општината, како лице коешто раководи со администрацијата и одлучува за вработувањата, правата и

одговорностите на вработените, треба да ги почитува законските регулативи за правата од работен однос и таквите права да им ги овозможува на сите граѓани кои конкурираат за работа или на секој вработен, без разлика на етничката припадност, пол, социјално потекло и пред се политичка определеност. При вработувањата во општинската администрација треба се да се земат предвид професионалните квалификации на кандидатите, работното искуство, како и персоналните карактеристики и вештини. Реалноста во општините, за жал, е поинаква.

Имено, при вработувањата најчесто се применува „spoil" системот и наместо најдобрите кандидати, се вработуваат лица по основ на партиска, родбинска или пријателска препорака. Ваквата состојба е констатирана и во Извештајот на Европската комисија, како и во извештаите на повеќе странски и домашни организации кои се занимаваат со оваа проблематика. Карактеристично во оваа извештајна година е што по основ на повреда на право во постапка при вработувања во општините, пред Народниот правобранител не е поднесена ниту една претставка. Ова може да значи дека граѓаните ја прифаќаат состојбата дека за вработување во општинска администрација не е од пресудно значење дали се исполнуваат критериумите по огласот. Граѓаните немаат волја, ниту верба дека низ институциите на системот ќе можат да успеат да ја променат одлуката на градоначалникот и не се решаваат да поведуваат постапки. Во оваа пригода, Народниот правобранител уште еднаш укажува дека вработувањата треба да се вршат исклучиво по основ на квалификациите на кандидатите и дека постапката за вработување не треба да биде обременета со политичко или друго убедување на кандидатот за вработување.

Пред Народниот правобранител поднесени се неколку претставки од вработени во општинска администрација кои се однесуваа на неправилно водење дисциплинска постапка, поточно за донесување решенија од страна на градоначалници за изрекување парични казни за сторен дисиплински престап, без спроведување постапка предвидена со Законот за државни службеници. Народниот правобранител до градоначалниците достави укажување за нивната обврска за примена на одредбите од Законот и побара поништување на претходно донесените решенија. Градоначалниците постапија по укажувањата и ги поништија донесените решенија со што правата на вработените беа заштитени. Народниот правобранител успеа да заштити претходно повредени права и на други вработени во општинска администрација, кога градоначалник со наредба извршил прераспоредување од едно на друго работно место или давал дополнителни работни задачи. По овие претставки Народниот правобранител укажа дека таквиот правен акт, кој е донесен врз основа на Законот за работни односи, е неприменлив спрема вработени во општинската администрација бидејќи за нив треба да се применуваат одредбите од Законот за државни службеници. Ова укажува дека, за жал, некои градоначалници се уште не го познаваат статусот кој го имаат вработените во општината, ниту правната регулатива со која се регулираат прашањата од работен однос. Како последица на ваквото непознавање на законските прописи, од една страна се вршат повреди на правата од работен однос на вработените, а од друга страна се создава можност вработените да не одговараат за прекршување на работните обврски единствено заради погрешно водена постапка.

Вработените во општинските администрации исто така реагираа на повреди на правото за исплата на надоместоци од плата поради тоа што градоначалниците не им исплаќаа отпремнини или други надоместоци од плата, ги одолжуваа постапките по доставени приговори по донесени акти од нивна страна или реагираа на одолжување второстепени постапки по жалби покренати пред Комисијата за одлучување по жалби и приговори на државните службеници при Агенцијата за администрација. Постапувајќи по овие претставки, Народниот правобранител успеа на вработените да им се исплатат отпремнините или другите надоместоци и со своите интервенции ги забрза постапките по приговори и жалби.

Од областа на повреди на права од работен однос, пред Народниот правобранител беа поднесени и претставки од наставници во основни училишта, од кои најмногубројни беа претставките по основ на заштита на правото на реален надоместок за превоз до и од работното место. Според градоначалниците, со воведувањето бруто плата престана обврската за исплата на дополнителни средства за превоз на наставниците, повикувајќи се на

мислења дадени од Министерството за образование и наука и Министерството за финансии. При постапувањето по овие претставки, Народниот правобранител до градоначалниците на општините доставуваше укажувања на законските одредби и колективните договори со кои е обезбедено правото на работникот на надоместок на реалните трошоци за превоз. Во одговорите по овие укажувања, градоначалниците го известуваа Народниот правобранител дека на наставниците во основното образование им се исплаќа додаток на плата за работа во ридско планински подрачја (работа во село) што, според Народниот правобранител никако не може да се изедначи со надоместокот за реални трошоци за превоз. Сепак, на крајот, градоначалниците укажуваа дека од финансиски причини не можат да ги покриваат трошоците на училиштата кои се однесуваат на превоз на наставниците до и од работното место. Имајќи го предвид ваквиот став на органите на локалната самоуправа и неприфаќањето на укажувањето на Народниот правобранител за нивната обврска за доследно почитување на одредбите од Општиот колективен договор за јавниот сектор и Колективниот договор за основното образование, со кои ова право децидно им е утврдено и признато, Народниот правобранител ги советуваше наставниците да побараат судска заштита на ова право.

Наставниците во основните училишта поднесуваа претставки и за донесување одлуки за престанок на нивниот работен однос, поточно за необновување на договорите за работа на определено време, иако работеа повеќе години во училиштата со такви договори, а некои дури и ги исполнуваа условите за трансформација на нивниот работен однос на неопределено време. Во претставките укажуваа дека директорите на училиштата на нивно место ангажирале други наставници. Согласно Законот за работни односи, дискреционо право е на директорот да одлучи со кого ќе склучи договор за работа било да е на определено или на неопределено време, но тоа право не треба да се злоупотребува и пред истекот на времето потребно за трансформација на работниот однос на наставниците да не им се обновуваат договорите.

Во однос на вработувањата во основните училишта, имаше и претставки во кои се бараше интервенција за остварување на правото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците. Народниот правобранител, во рамките на својата надлежност, презеде мерки и дејствија и до директорите достави укажувања за нивната уставна и законска обврска за почитување на ова начело при спроведување постапка за избор на наставник. Во една претставка директорот го прифати укажувањето на Народниот правобранител, но сепак само формално затоа што наместо да изврши избор на наставник, тој го поништи огласот и не изврши избор на ниту еден кандидат. Во други случаи, во текот на постапката подносителите поведуваа судска постапка за заштита на ова право поради што Народниот правобранител ги запре постапките.

Во оваа извештајна година имаше претставки поднесени и од вработени во јавни претпријатија, основани од локалните власти, вработени во детски градинки и во културни друштва. Подносителите укажуваа на повреди на правата од работен однос поради неисплаќање плати, изрекување престанок на работен однос, распоредување на друго работно место или психичко вознемирување. Постапувајќи по овие претставки Народниот правобранител само во две констатира повреда на права кои успеа да ги заштити.

Имајќи ја предвид вака констатираната состојба, Народниот правобранител смета дека градоначалниците и директорите на јавните претпријатија или установи, чиј основач е локалната самоуправа, не секогаш ги почитуваат законски предвидените постапки и процедури од областа на работните односи, дека не секогаш се почитува и остварува правото на припадниците на заедниците за приоритет при вработување дадено со Уставот и со законите и дека има појави и на повреда на начелото на недискриминација по кој било основ.

## Социјална заштита

Една од надлежностите кои во процесот на децентрализацијата им е пренесена на локалните власти е и социјалната заштита. Со неа се опфатени: заштитата на децата, детските градинки и домовите за стари лица, остварувањето социјална грижа за инвалидните лица, децата без родители, домување на лица со социјален ризик, остварување право и воспитување на децата од предучилишна возраст. Локалната самоуправа овие надлежности треба да ги врши во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита. Принципот на децентрализација е насочен кон подобрување на капацитетите на локалните органи во делот на социјалната заштита. Во досегашниот процес на децентрализација опфатени се само заштитата на децата во детските градинки, како и домовите за стари лица. Со блок дотации од централната власт се финансира работењето на овие установи, а со буџетите на општините се предвидува единствено износ за еднократна парична помош за најранливите и социјално најзагрозени граѓани, кој паричен износ ни оддалеку не одговара на реалните потреби на овие граѓани.

Во 2011 година, токму ваквата еднократна парична помош дадена од страна на локалната власт на граѓаните кои беа корисници на социјална помош, но имаа неопходна потреба од дополнителни средства за да ги задоволат најелементарните потреби (најчесто за лекови или лекување), беше основ централната власт да им го ускрати правото на паричен надоместок на име социјална помош. Да биде апсурдот уште поголем, овие граѓани се задолжуваа да ги вратат исплатените средства добиени на име социјална помош. Како пример за ваквите фларгантни повреди на правата на најранливите и социјално загрозени граѓани е кога граѓанин за добиена еднократна парична помош од општината во износ од 1.100,00 денари е задолжен да врати средства во износ од 130.000,00 денари. Укажувањата на Народниот правобранител дека ниту согласно закон, ниту согласно одредбите од Правилникот за начинот на остварување на социјалната помош, дадената еднократна парична помош од страна на општината не се зема како дополнителен паричен приход, беа безуспешни и на сите овие граѓани им е ускратено правото на социјална парична помош.

Поради ваквата состојба во оваа сфера, Народниот правобранител бара локалните власти да преземаат превентивни мерки и мерки за обезбедување соодветни социјални услуги за најранливите групи граѓани. Процесот на децентрализација ја истакнува обврската на локалните власти да бидат поблиску до граѓаните, особено до најранливите и најсиромашните групи граѓани. Исто така, Народниот правобранител укажува дека граѓаните многу малку ја познаваат или поточно не ја препознаваат локалната власт како орган кој има надлежност и обврска да им обезбедува социјална заштита на определени групи граѓани, поради што не знаат ниту дека локалната власт им ги повредува нивните права кога не презема ефективни мерки за обезбедување на оваа заштита. Оваа констатција се потврдува и со фактот што до Народниот правобранител не е поднесена ниту една претставка за повреда на права од локалната власт во областа на социјалната заштита.

## Финансова област

Суштината на децентрализацијата е локалната власт да има овластување и одговорност за сопствено финансирање на локалните потреби на граѓаните. Во принцип, тоа значи за да се обезбеди целосна фискална автономија потребно е локалните власти да имаат право да ги утврдуваат и менуваат даночните стапки и даночните основици. Во Република Македонија ова право на локалните власти им се дава ограничено, со веќе изготвени закони кои традиционално обезбедуваат приходи за општините со: Законот за даноци на имот, Законот за комунални такси и со Законот за административни такси. Основен извор на приход е секако Законот за даноци на имот, кој во себе ги инкорпорира: данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет со недвижности. Локалните власти

имаат право само да го утврдат или поточно да изберат процент кој веќе е со лимитиран износ од-до во самиот закон. Од ова се наметнува сосема логично прашањето: дали со ваквиот начин на обезбедување приходи, се врши вистинска фискална децентрализација или само се префрлаат надлежностите и одговорностите за утврдување и наплата на овие даноци?

Во Република Македонија анализите во однос на степенот на реализираната фискална децентрализација покажуваат дека финансиската состојба на голем дел од општините е подобрена како резултат на: зголемување на изворните приходи на општините, средства од трансферите од централниот буџет, јавното приватно партнерство, донации, кредитирање и други финансиски извори. Голем дел од општините се оспособени за искористување на сопствените ресурси, финансиски се стабилни и со повисок степен на локален економски развој. Секоја општина посветено работи на изнаоѓање нови извори на средства што ќе и обезбеди финансиска независност. Но друго прашање е дали граѓаните ја чувствуваат подобрената финансиска состојба на општините според овие анализи. Дали им се даваат поголеми придобивки, поточно дали реално во нивното опкружување увидуваат дека нивната општина станала финансиски побогата, дали изградила или реновирала улици, обновила инфраструктури, ја подобрила состојбата со водоснабдувањето, го решила во целост јавното осветлување и се друго што е од важност за секојдневното живеење на граѓаните? Во практиката, позитивен одговор на овие прашања може да се однесува само за мал број општини.

Во 2011 година, согласно поднесените претставки пред Народниот правобранител од оваа област, граѓаните се соочуваа со обиди на општинските администрации да наплатат застарен данок, со блокирање сметки за неосновано побарување комунална такса за фирмарина, со повисоки пресметки на данок на промет со недвижност. Граѓаните се соочуваа и со непочитување на законски предвидената постапка за утврдување даноци, со неспроведување одлуки донесени по жалба од второстепени органи, со одолжување постапки за донесување управни акти. Во извештајната година најмногубројни беа претставките за наплата на данок на имот за период од 10 години station наназад. Постапувајќи по овие претставки Народниот правобранител доставуваше укажувања во кои се повикуваше на одредбите од Законот за даноци на имот, според кои правото на наплата на данокот застарува за пет години, по истекот на годината во која требало да се изврши наплатата. Рокот од 10 години на застареност е апсолутен и применлив само доколку во тој временски период органите презеле дејствија за негова наплата, со кои дејства застареноста се прекинува и повторно почнува да тече. По ваквите укажувања, општинските администрации известуваа дека основот по кој тие бараат наплата на данок е поради тоа што од страна на градоначалниците не се поднесувал предлог за траен отпис на застарени даночни обврски кои се уште стојат во евиденцијата на општините. Народниот правобранител не го прифати ваквото образложение поради тоа што неспроведувањето на постапката на траен отпис на застарени обврски, во никој случај не може да значи и право на општината да наплаќа застарени долгови. Некои општински администрации го прифатија ваквото укажување, поддржано и од Управата за јавни приходи и на подносителите на претставките им ги сменија донесените решенија за утврдување данок на имот. Но сосема логично се поставува прашањето: дали тоа укажување го применуваа спрема сите граѓани или ја искористуваа нивната неинформираност по ова прашање и продолжија да наплатуваат даночни обврски за период од 10 години?

Во претставките што се однесуваа за уплата на данок на промет на недвижност е карактеристично што попречувањето на правото на граѓаните да го остварат своето право на сопственост врз објектот или земјиштето, стекнато по основ на договор за купопродажба и уплатена купопродажна цена, беше поради тоа што државните органи како продавачи не го плаќаа данокот. Согласно позитивните законски прописи, услов за да се запише сопственоста е претходно да биде платен данокот на промет. По овие претставки Народниот правобранител не констатира повреда на правата на граѓаните од локалната власт, туку од државните органи, на кои им укажа на нивната обврска за плаќање на данокот на промет и побара тој да биде платен веднаш.

Што се однесува до утврдување и побарување на данокот на промет на недвижност, забележано е дека некои општински администрации бараа негова наплата за промет кој е исклучен согласно одредбите од Законот за даноци на имот, каде е наведено дека овој данок не се наплаќа при физички делби на недвижности. Оваа одредба, општинските администрации ја толкуваа различно за секој поединечен случај и по изнаоѓање на државниот службеник се бара или не се бара негова наплата. Народниот правобранител укажа дека темелна вредност на уставниот поредок во нашата држава е еднаквата примена на законите према секој граѓанин и побара од Управата за јавни приходи, како надлежна за спроведување на даночните прописи, да изврши надзор врз примената на овие одредби од страна на локалните власти.

Народниот правобранител констатира дека при вршењето на финансиските овластувања општинските администрации ги повредуваат правата на граѓаните заради непримена или селективно применета законска постапка. Според Народниот правобранител, фискалната децентрализација е еден од основните столбови на секој систем на децентрализација. Поради овој факт, неопходно е потребен развој на капацитетот на локалните советници и одговорните лица од областа на локалните финансии, за да ги разберат и применат опциите за финансирање на локалните самоуправи. Зголемените капацитети во сферата на финансискиот менаџмент ќе придонесе за развој на финансиската автономија на локалната самоуправа, а со тоа секако ќе се влијае и врз успехот на процесот на децентрализација во Република Македонија. Народниот правобранител исто така ја потенцира и важноста на учеството на граѓаните во донесувањето на локалниот буџет.

## Потрошувачки права

Комуналните услуги се надлежност која локалната власт ја спроведуваше и пред процесот на децентрализација. Граѓаните најчесто успешното функционирање на општината го поврзуваат со добро организирани комунални услуги. Цел на локалните власти, во оваа сфера, треба да биде обезбедување услови за квалитетен сервис на граѓаните, со што ќе се оправда довербата на граѓаните.

Во оваа извештајна година најмногубројни беа претставките во кои граѓаните укажуваа дека јавните комунални претпријатија, основани од страна на општините, им доставуваат опомени со кои бараат наплата на долг за неплатена испорака на вода, за канализација или за собирање смет, под закана за присилна наплата или за исклучување од водоводната мрежа. Постапувајќи по овие претставки, Народниот правобранител констатира дека се бара наплата на заостанат долг од пред повеќе години, без притоа повеќето јавни претпријатија да ја дадат и бараната информација дали за ваквите долгови се покренати постапки за присилна наплата. Народниот правобранител до сите комунални претпријатија достави укажувања дека со доставувањето на предметните опомени се создава состојба во која еден дел од граѓаните, под страв од присилно извршување, се спремни да ја прифатат нивната понуда и да склучат договор за наплата на долгот на рати, без оглед дали долгот е застарен или дали се законски должни да го исполнат побарувањето. Во своите укажувања Народниот правобранител ја потенцираше обврската за почитување на Законот за облигациони односи, според кој за една година застаруваат побарувањата на надомест за испорачана електрична и топлинска енергија, гас, вода, за оџачарски услуги и за одржување чистота, кога испораката, односно услугата е извршена за потребите на домаќинството. Имајќи ги предвид наведените законски одредби, Народниот правобранител укажа на фактот дека со ваквиот начин на однесување, врз граѓаните се врши континуирана повреда на потрошувачките права и под закана за присилно извршување на наплатата на долговите граѓаните се доведени во состојба на заблуда и можност да подмират долг кој не се должни да го платат. Јавните претпријатија постапуваа по овие укажувања и не вршеа

натамошен притисок за наплата врз подносителите на претставките.

Втори по бројност беа претставките со кои граѓаните укажуваа на неосновано задолжување со наплата на комунална такса за јавно осветлување од страна на општините ,без притоа општините да имаат спроведено улично осветлување на тие подрачја. Постапувајќи по овие претставки Народниот правобранител укажа на градоначалниците дека согласно одредбите од Законот за комунални такси, обврската за плаќање комунална такса настанува во моментот на користењето на правото, предметот или услугата за кои е пропишано плаќање такса. Значи, и покрај што со овој закон обврската за плаќање на таксата за јавно осветлување се поврзува со поставувањето електрично броило во објект и негово вклучување во електричната мрежа, без разлика дали тој објект се користи или не, сепак основен предуслов за наплата на таксата е услугата да се користи - да има јавно осветлување. Во одредбите од Законот предвидени се ослободувањата од плаќање комунални такси, каде е наведено дека се ослободуваат од плаќање имателите на броила за мерење електрична енергија во населените места каде што нема јавно осветлување. Со оваа одредба недвосмислено се потврдува намерата на законодавецот да не се бара плаќање такси за услуги кои граѓанинот не ги користи. На локалните власти, поточно на советите на општините им е дадено право со одлука да ги утврдат пасивните населени места со изразена миграција, дефицитарните занимања и занаети во умирање и населените места каде нема јавно осветлување, со која овие корисници се ослободуваат од обврската за плаќање комунална такса за улично осветлување. Народниот правобранител потенцира дека граѓаните не смеат да се злоупотребуваат доколку со ваквата одлука не се опфаќаат сите реони и на тој начин да се занемарува фактичката состојба дали во определено населено место има или не спроведено јавно осветлување. Поточно, локалната самоуправа не смее да толкува дека доколку во некое населено место нема спроведено јавно осветлување, а тоа населено место не е наведено во донесената одлука од советот на општината - граѓаните кои живеат во тоа место или имаат објекти вклучени во електричната мрежа, да се обврзници за плаќање комунална такса за јавно осветлување. Постапувајќи по укажувањата, општинските администрации одговараа дека за одредени населени места веќе има изготвена програма за улично осветлување потврдена од советот на општината и дека тоа во најкраток рок ќе биде спроведено. На оние места каде не се планира да се постави систем на улично осветлување, за што е потребно да се достави допис до снабдувачот на електрична енергија за ослободување на корисниците на електрична енергија од плаќање на таксата за улично осветлување, во одговорот на општините најчесто се наведуваше дека за тоа е потребна одлука од советите на општините. Меѓутоа и по протекот на подолг период, до Народниот правобранител не се доставуваше одговор дали советот на општината има донесено одлука. На ваков начин, на овие граѓани неспорно им се повредени потрошувачките права со задожувањето да плаќаат услуга која воопшто не ја користат. Граѓаните се советувани на нивната правна можност за покренување управни постапки пред општинската администрација со цел враќање на неосновано наплатената комунална такса.

До Народниот правобранител поднесени се и претставки во кои граѓаните наведоа дека јавните комунални претпријатија одговорни за собирање на сметот, неосновано им бараат присилна наплата на долг за комунална услуга која тие не ја користеле.

Имено, за подносителите на претставките спорен е надоместокот за подигање смет за објект кој е во фаза на изградба и за објекти во кои никој не живее поради кои причини оваа комунална услуга и не се користи. Народниот правобранител им укажа на јавните комунални претпријатија дека во Законот за комунални дејности се предвидени две страни: даватели на комуналната услуга и корисници на комуналната услуга, што само по себе подразбира обврска за корисникот за плаќање на услугата, но само под услов доколку услугата ја користи, а за давателот на услугата создава обврска на корисниците да им обезбеди трајно и непрекинато извршување на комуналните дејности предвидени во Законот.

Согласно наведеното, неосновано се наплаќа надоместок за комунална услуга подигање смет од куќа или стан во која неспорно никој не живее, а со тоа ниту може

да прави смет, што упатува на непостоење облигаторен однос. Имајќи го предвид наведеното, Народниот правобранител до овие претпријатија достави укажувања за повреда на потрошувачките права на граѓаните во наведените општини со неоснованата наплата на услуга која воопшто не ја користат. Некои јавни претпријатија постапија по укажувањата и ги повлекоа барањата за присилна наплата на долг по овој основ, но некои не постапија поради што Народниот правобранител, согласно своите надлежности, за ваквото непрофесионално однесување и повредување на правата на граѓаните ги извести градоначалниците и советите на општините. Воедно, на подносителите на претставките им беше укажано за нивната правна можност во судска постапка да бараат враќање на средствата кои ги имаат исплатено на име на оваа комунална услуга или да не вршат нејзино плаќање.

До Народниот правобранител се обратија и граѓани кои укажаа на сторени повреди од страна на јавно комунално претпријатие кое пред донесување на Законот за гробишта и погребални услуги вршело и погребални услуги и управувало со гробиштата, поради што управувало и располагало и со средствата наплаќани од граѓаните за солидарен погреб. Граѓаните укажаа дека јавното претпријатие, кое сега ја врши само дејноста управување со гробиштата, се уште врши собирање средства за солидарен погреб, па дури и ја утврдува висината на износот на паричните средства. Поради тоа што погребувањето го вршеле приватни претпријатија, износот кој им го одредувало јавното претпријатие воопшто не бил доволен за наплата на погребалните услуги и опрема кои од граѓаните ги побарувале приватните правни лица. Одземањето на надлежноста на јавното претпријатие за вршење погребални услуги, го наметна прашањето за законскиот основ за негово продолжување со склучување договори со граѓаните за солидарен погреб и со задршката на парични средства по тој основ. Логично се наметна и прашањето зошто со средствата за солидарен погреб располага правен субјект кој законски не смее да дава погребални услуги. Народниот правобранител му укажа на Јавното претпријатие дека дејствијата што ги презема, а се однесуваат на правата на корисниците на солидарниот погреб и располагањето со средствата од овој фонд, е правно неосновано и законски непоткрепено. Поради непостапување на претпријатието по укажувањата од Народниот правобранител и продолжување со повредување на правата на граѓаните, Народниот правобранител се обрати до Советот на Општината, како орган кој има својство на основач на јавните претпријатија. Од Советот побара произнесување какви дејствија има преземено или ќе преземе во врска со погоре истакнатите наводи. Советот одговори дека е донесена одлука за проширување на дејноста на друго јавно претпријатие со вршење погребални услуги и дека по добивање лиценца за вршење на дејноста погребални услуги, ќе се префрлат и средствата за солидарен погреб на тоа јавно претпријатие. За ваквата состојба по ова прашање Народниот правобранител ги извести граѓаните.

## Имотно-правна област

За повреди на правата од имотно-правната област, сторени од страна на локалните власти, пред Народниот правобранител се поднесени мал број претставки во кои граѓаните реагираа пред се на непреземање дејствија и мерки од градежните или комунални инспекции при општините по нивни пријави. Поточно, граѓаните реагираа поради непреземање дејствија од инспекциите за остварување на правото на граѓаните на непречено владение со нивната сопственост, повредено најчесто од нивни соседи со попречување на пристапот до нивните домови со градежен шут, оставање возила или изградба на огради. Граѓаните реагираа и што општинската администрација не им доведуваше во целост комунална инфраструктура до веќе изградените недвижности и покрај платениот надомест што, како последица, доведува до нивна неможност да ја користат недвижноста.

Народниот правобранител постапуваше и по претставки во кои граѓаните бараа

www.ombudsman.mk

забрзување на постапките за експропријација, за попречување владение со земјиште вратено во постапка на денационализација, кое од општината беше веќе предвидено за друга намена согласно донесениот урбанистички план. Од општинската администрација им се попречуваше правото на благовремено добивање податоци или издавање правни акти, кои на граѓаните им беа потребни за остварување право на сопственост врз објект или земјиште. По сите овие претставки, секаде каде ќе констатираше повреди на правата на граѓаните, општинската администрација преземаше дејствија по барањата на Народниот правобранител и претходно констатираните повреди на граѓаните беа отстранувани.

Во функција на процесот на децентрализација на власта, кон крајот на 2011 година, на 14 општини им е пренесено правото на управување со државното градежно земјиште, со што граѓаните своите права на приватизација на градежно земјиште, како и правата на закуп или купување ќе ги остваруваат пред локалните власти од овие општини.

## Животна средина

Спроведувањето на надлежностите што произлегуваат од законските одредби во областа на животната средина, а се однесуваат на локалната власт, произлегува од две основни начела на Европската унија: начелото на интегрираност, според кое основите и целите на политиката за заштита и унапредување на животната средина мора да се вклучат во сите развојни, стратешки, плански и програмски документи што ги донесуваат органите на локалната власт и начелото на двостепеност, според кое локалните власти во рамките на надлежностите определени со закон, имаат право и должност на својата територија да ги преземаат сите мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина, кои не се во исклучителна надлежност на органите на државната власт.

Пред Народниот правобранител од областа на животната средина поднесени се многу мал број претставки што не претставува реален приказ на состојбите во оваа сфера во која било општина во Републиката. Претставките се однесуваа на загадување на медиумите на животната средина (почвата и водата), загаденост на каналите за вода, несовесно депонирање градежен и комунален отпад, зголемено ниво на бучава предизвикано од дејности кои ги вршат самостојни занаетчии и бучава предизвикана од угостителски објекти.

Претставките кои се однесуваа на загадување на медумите на животната средина (почвата и воздухот), најчесто се заради несоодветно чување добиток и живина или нивно чување во приградски населби, со што соседите подлежат на постојана врева и неснослива смрдеа. Пропуштањето отпадни води низ приватни дворови или јавни површини, неизградбата на септички јами, оставањето градежен шут и комунален отпад на јавни површини или реки беа исто така основа за поднесување претставки. При постапувањето по овие претставки Народниот правобранител констатира дека некои комунални инспектори при општините, по констатирањето сторен прекршок, донесуваа управни акти со кои го задолжуваа сторителот на определени дејствија, притоа повикувајќи се на одредбите од Законот за комунални дејности во кој со донесените измени во јануари 2009 година, се избришани казнените одредби. Така, ваквите акти се неизвршливи и се остава на совеста на сторителот на прекршокот дали ќе постапи по задолжението на инспекторот или не. Непостоењето санкција – глоба за направениот прекршок, за некои сторители беа причина да не постапуваат по донесените решенија од страна на инспекторите и продолжуваа со повреди на правата на нивните соседи на здрава животна средина.

Што се однесува до бучавата предизвикана од вршење дејности од самостојни занаетчии, овластените инспектори за животна средина исто така постапуваа по барањата на Народниот правобранител, вршат инспекциски надзори и преземаат дејствија.

Во 2011 година беше поднесена една претставка од невладина организација во која се побара интервенција од Народниот правобранител за заштита на законските права на граѓаните за пристап до информација од страна на општина во однос на преземање

активности и изведување работи на речно корито. Поради загаденоста на коритото, невладината организација беше загрижена да не дојде до загрозување на елементите на животната средина. Народниот правобранител им укажа на органите на општината за нивната обврска на јавноста да и овозможат пристап до каква било информација која се однесува на животната средина. Општината постапи по укажувањето на Народниот правобранител и ја даде бараната информација за преземените активности за чистење на коритото на реката.

Во однос на остварувањето на правата на граѓаните во оваа област од страна на локалните власти, Народниот правобранител смета дека не се на потребното ниво и дека се уште претставуваат вистински предизвик за спроведување на овие надлежности. Според Народниот правобранител, за ефикасно соочување со овој предизвик, приоритет е изградбата на капацитети на општинската администрација, како и инвестирање во засилување на нејзината оперативна моќ. Само на таков начин, локалните власти непречено и во целост ќе можат да ги искористат сите инструменти што им се ставени на располагање кон изработување соодветна политика, планирање и спроведување активности за подобрување на квалитетот на животната средина на нивната територија, како и спречување на загадувањето на животната средина.

# ПРИМЕРИ ОД ПРАКТИКАТА



## НП.бр. 1259/11

Граѓанин поднесе претставка во која наведе дека по поднесена кривична пријава против градежен инспектор во неколку наврати барал информации за текот на постапката, но не добил одговор. По интервенција на Народниот правобранител добиено е известување дека по извршените проверки не бил констатиран основ за поведување кривична постапка, но дека полицискиот службеник извршил пропусти и не го изготвил навреме службениот материјал, а не ја известил ниту странката. На полицискиот службеник му беше изречена соодветна казнена мерка.

## НП.бр. 2548/11

Граѓанин од Скопје побара интервенција заради непостапување на овластениот градежен инспектор при Општина Гази Баба по негова пријава за бесправна градба. Народниот правобранител се обрати до овластениот градежен инспектор со барање да изврши инспекциски надзор. Од добиениот одговор Народниот правобранител констатира дека надлежниот инспекциски орган постапил по барањето, односно бил извршен инспекциски надзор и биле изготвени управни акти за отстранување на бесправната градба.

## НП. бр. 3048/11

Подносителка од Скопје достави претставка во која наведе дека Фондот за здравствено осигурување - Подрачна служба Скопје и ги повредил правата со неправилно утврден износ на паричен надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство. По проучувањето на предметот и оценката дека висината на надоместокот не е утврден согласно законската регулатива и е исплатен понизок износ, Народниот правобранител во неколку наврати интервенираше до Фондот за здравствено осигурување, по што на подносителката и беше доисплатена разликата на средствата.

## НП бр. 2443/11

Граѓанин од Делчево достави претставка во која наведе дека му се повредени правата со неисплаќање на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување и со одолжување на постапката за евидентирање на пензискиот стаж со зголемено траење. Народниот правобранител констатирајќи повреда на правата, во неколку наврати интервенираше до Министерството за одбрана и до Фондот на пензиско и инвалидско осигурување, по што беа преземени мерки од надлежните органи за забрзување на постапката, придонесите беа платени и овој стаж беше заведен во матичната евиденција како пензиски стаж со зголемено траење.

## НП. бр. 2049/11

Граѓанин од Скопје достави претставка во која укажа на повреда на правата од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување поради неможност да оствари право на семејна пензија иако поднел барање и ги исполнувал законски предвидените услови. Народниот правобранител констатира повреда на правата за што во неколку наврати интервенираше до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување за признавање на правото, по што подносителот го оствари правото на семејна пензија.

## НП бр. 803/11

Граѓанин од Скопје побара интервенција од Народниот правобранител поради неоправдано одолжување на постапката за остварување на правото за социјална парична помош како резултат на тоа што Центарот за социјална работа не извршил увид во домаќинството бидејќи местото на живеење било поодалечено од градот Скопје. Народниот правобранител интервенираше до Центарот за социјална работа по што комисијата веднаш изврши увид во домаќинството и беше донесено позитивно решение.

## НП бр. 2088/11

Подносителка од Битола достави претставка до Народниот правобранител заради одолжување постапка пред второстепениот орган по поднесена жалба против решение со кое не и биле рефундирани средства за извршени здравствени услуги. Откако констатира повреда на правата, Народниот правобранител во повеќе наврати интервенираше до Министерството за здравство, но со оглед на тоа што не се постапуваше по интервенциите, достави информација до министерот за здравство и до Владата на Република Македонија.

Со оглед дека постапката и понатаму се одолжуваше, беше доставен посебен извештај и до новиот министер за здравство со укажување дека се попречува работата на Народниот правобранител и дека се повредуваат правата на подносителката на претставката. По доставувањето на овој извештај по жалбата беше одлучено, таа беше прифатена, а предметот вратен на повторно одлучување.

## НП. бр. 114/11

Граѓанин од Тетово побара интервенција од Народниот правобранител заради повреда на правата од Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа -Тетово, кој и по подолг временски период не постапувал по неговото барање за посвојување дете. Народниот правобранител се обрати до надлежниот Меѓуопштински центар за социјална работа во Тетово по што започна преземање активности, односно до Комисијата за засновање на посвојување беа доставени стручни наоди и списи за предметот, по што со одлука на Комисијата подносителите биле запишани во регистарот на можни посвоители.

Во меѓувреме, Министерството за труд и социјална политика започна со избор на посвоители на деца по електронски пат, заради што Народниот правобранител се обрати до Министерството за труд и социјална политика и беше известен дека Комисијата за засновање на посвојување донела решение за сместување малолетно дете и негова адаптација во семејството на подносителот.

## НП. бр. 1991/11

Родител на три малолетни деца кој е на издржување казна затвор достави претставка во која побара заштита на правата на неговите малолетни деца затоа што Центарот за социјална работа Скопје ги раздвоил децата кои биле во згрижувачко семејство и едното од нив повторно го сместил во дом за деца без родители и родителска грижа.

Народниот правобранител се обрати до Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на град Скопје и побара појаснување на причините за раздвојување на децата и причините поради кои било одлучено едно од децата да биде сместено во институција. Укажувајќи на најдобриот интерес на децата, беше побарано да се разгледа можноста сите три деца да бидат згрижени на едно место, односно кај роднини на подносителот на претставката.

Понатаму, Стручниот тим од Центарот, по барање на родителот, презеде активности да се оствари средба меѓу децата и родителот во просториите на затворот, по што Центарот започна и постапка за промена на обликот на згрижување на децата.

## НП бр. 2796/11

Граѓанин од Скопје достави претставка во која наведе дека директор на основно училиште одбивал да му ги прими документите на детето за упис во наведеното училиште. Постапувајќи по барањето, Народниот правобранител се обрати до директорот на училиштето, а од просветниот инспектор побара да изврши вонреден инспекциски надзор за случајот. Од одговорите на наведените органи, Народниот правобранител утврди дека запишувањето на детето не претставувало проблем, со тоа што родителите требало да поднесат барање за запишување на детето и да постапат согласно Законот за основното образование.

Во таа смисла родителите беа упатени да поднесат барање до училиштето, по што добија писмено известување на домашна адреса да одат да го запишат детето. Меѓутоа, кога родителите отишле во училиште да го запишат детето, повторно

биле одбиени без да им се наведат причините за тоа. Народниот правобранител повторно интервенираше до училиштето по што детето беше запишано во соодветното одделение.

## НП. Бр. 3187/11

Граѓани од село Слатина доставија претставка за заштита на правата поради одолжување постапка за нострификација на диплома стекната на Воениот универзитет „Скендер Бег'' во Тирана, Република Албанија поради што биле оневозможени во натамошното унапредување во повисок чин. Народниот правобранител се обрати до Министерството за образование и наука и побара  забрзување на постапката за нострификација, а од Министерството за одбрана побара известување дали наведените лица работат во Министерството за одбрана, односно Армијата на Република Македонија, согласно склучениот договор меѓу Министерството и подносителите.

По интервенциите, стекнатите дипломи на подносителите беа нострифицирани, а Министерството за одбрана побара од Генералштабот на Армијата да се утврди дали именуваните лица се во служба во Армијата на Република Македонија. Подоцна Народниот правобранител утврди дека Министерството за одбрана започнало постапка за вработување на подносителите.

## НП. Бр. 3674/11

До Народниот правобранител беше доставена претставка од подносителка која укажа дека Филолошкиот факултет при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј'' - Скопје не и го прифатил барањето за ослободување од кофинансирање на студиите и покрај тоа што таа, како мајка на дете до шестгодишна возраст, има право на тоа.

Постапувајќи по претставката, Народниот правобранител достави укажување до Факултетот дека согласно Законот за високото образование, покрај другите категории и мајките-студенти со деца до шестгодишна возраст имаат право на посебни погодности. Образовната установа достави одговор дека до поднесување на барањето од студентката немало информации дека станува збор за мајка на дете на возраст под шест години, но дека по интервенција на Народниот правобранител и на подносителката било одобрено таа да ги продолжи студиите без плаќање на трошоците. Народниот правобранител интервенираше и да се вратат неосновано задржаните средства за покривање на трошоците за студиската година.

## НП бр. 3770/11

Подносителка од Скопје од Народниот правобранител побара преземање мерки за ослободување од заостанат долг од 2007 година, наводно поради неовластено користење електрична енергија.

По извршен увид во службата на „ЕВН Македонија'' АД - Скопје беше утврдено дека против подносителката не е покрената судска постапка за неовластено користење електрична енергија, што претставува кривично дело кражба и дека е изминат законскиот рок за гонење за ова кривично дело. Поради тоа, укажувајќи дека затоа што не е покрената судска постапка и наведеното кривично дело не е докажано, Народниот правобранител побара долгот да се сторнира што беше прифатено.

## НП бр. 2180/11

Иселеничка во странство (Швајцарија) уште во 2010 година се обрати со барање заштита на правото на државјанство на Република Македонија како резултат на одлука на Министерството за внатрешни работи по службена должност да и го поништи решението за прием во државјанство по што ја избришало од регистерот на државјаните на Република Македонија. Во дописот подносителката истакна дека ниту од Амбасадата на Република Македонија во Берн, ниту од надлежното министерство немала добиено никакви информации.

По повеќе интервенции на Народниот правобранител, по подолг временски период Министерството за внатрешни работи донесе решение за повторен прием на подносителката во државјанството на Република Македонија.

## НП бр. 1116 / 11

Подносителка од Кичево поднесе претставка поради неможност за упис на нејзиното новородено дете во матичната служба за општина Чаир под име напишано со албанска азбука и јазик затоа што службата не поседувала матични книги и на албански јазик.

Постапувајќи по претставката, Народниот правобранител се обрати до Управата за водење на матичните книги укажувајќи на почитување на Законот за матична евиденција. Подоцна Управата го извести Народниот правобранител дека доставила наредба до матичните подрачја за општините Чаир и Бутел со која на вработените во матичните служби им е укажано дека децата од албанска заедница треба да се запишуваат и на албански јазик.

## НП бр. 1074/11

Граѓанин побара интервенција пред Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката, поради неоправдано одолжување постапка за присилно иселување на бесправно вселено лице од станот, што со решение на Комисијата за станбени прашања му бил доделен под закуп.

Народниот правобранител со непосреден увид во предметот утврди дека подносителот до Акционерското друштво доставил повеќе дописи со кои барал да му се предаде доделениот стан, но на барањата не му било позитивно одговорено. Ценејќи дека барањето на подносителот е основано, Народниот правобранител од Акционерското друштво побара најитно преземање мерки и активности за спроведување постапка за присилно иселување на бесправно вселеното лице и фактичко предавање на предметниот стан.

По интервенциите на Народниот правобранител, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката извести дека предметниот стан е испразнет и предаден во владение на подносителот на претставката.

## НП. Бр. 1787/11

До Народниот правобранител со претставка се обрати невладина организа-ција информирајќи дека Градот Скопје се јавува како покровител на манифестацијата „Мото фест'', а организаторот - Здружението „Ноќни волци'' испечатил рекламен материјал со навредлива содржина и говор на омраза спрема лица со определена сексуална ориентација.

По преземените дејствија, Народниот правобранител во однос на рекламниот материјал достави укажување до Градот Скопје дека кој било облик на дискриминација и говорот на омраза во Република Македонија се забранети. Подоцна Народниот правобранител беше известен дека по даденото укажување е постапено.

## НП бр. 463/11

Граѓанка од Скопје достави претставка поради непостапување по поднесено барање, односно недобивање одговор од надлежен орган - Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија - Комисија за оценување на работната способност. Барањето се однесувало на преиспитување на работната способност заради остварување права согласно Законот за вработување на инвалидни лица, бидејќи подносителката е слепо лице.

По претставката беше доставено укажување дека на подносителката треба да и се одговори на барањето при што беше нагласен фактот дека само утврдениот инвалидитет претставува основ за посебен услов за вработување и работење на инвалидно лице. Незадоволен од образложението на Комисијата, според кое непостапувањето се должело на недостаток од кадар, Народниот правобранител побара преземање активности за зајакнување на кадровските капацитети и почитување на еднаквите можности на сите лица во остварувањето на правата со примена на начелото на итност и економичност во постапката.

Даденото укажување беше прифатено, бројот на составот на Комисијата за оцена на работната способност беше зголемен, по барањето на подносителката на претставката беше постапено и таа

доби позитивно мислење со што го оствари своето право.

## НП бр. 3839/11

По поднесена претставка за дискриминација спрема граѓаните кои го користат знаковниот јазик за информирање, кои укажаа дека постои потреба за пренос на собраниските седници и со знаковен јазик, Народниот правобранител се обрати до јавниот сервис „Македонска телевизија" и до Советот на Собранискиот канал, изнесувајќи го своето мислење за потребата за воведување и знаковен јазик за пренос на седниците.

Од јавниот сервис беше доставено известување дека од техничка гледна точка постои можност за пренос и на знаковен јазик, а Советот на Собранискиот канал извести дека го прифаќа мислењето на Народниот правобранител и дека ќе се преземат мерки за пренос на седниците со знаковен јазик.

## НП бр. 500/11

По добиени сознанија од медиумите дека во Затворот Скопје над притворени лица од женски пол се врши несоодветен претрес, Народниот правобранител по сопствена иницијатива спроведе постапка при што од извршениот увид во Затворот, констатира дека претресите биле вршени нестручно и спротивно на Правилникот за вооружувањето и начинот на вршењето на работите во Секторот за обезбедување во казнено-поправните установи и воспитно-поправните установи. Притоа беше утврдено дека самата постапка на претрес од лица во Службата за обезбедување била вршена со пропусти, како и со различен пристап кон притвореничките со што тие биле ставени во нееднаква и понижувачка положба.

Народниот правобранител до Министерството за правда, Управата за извршување на санкциите и до директорот на Затворот достави мислење за потребата за целосно усогласување на законската и подзаконската регулатива со Европските затворски правила.

## НП бр. 2209/11

Имајќи сознанија дека службено лице од Секторот за ресоцијализација во Затворот Скопје на недоличен и навредлив начин се однесувало кон осудено лице и во целост ја занемарило ресоцијализацијата како воспитен процес, Народниот правобранител до Управата на Затворот поднесе иницијатива за покренување дисциплинска постапка која беше прифатена и по завршување на постапката беше изречена дисциплинска казна.

## НП бр. 1704/11

Граѓанин од Куманово изрази незадоволство од постапување на извршител од Куманово и побара интервенција од Народниот правобранител. Од приложените докази констатирано е дека извршителот постапувал спротивно на член 104 од Законот за извршување, што упатува на изземање од извршување на примања врз основа на привремена невработеност.

Народниот правобранител на извршителот му укажа да го испочитува и спроведе член 104 од Законот за извршување, според кој предмет на извршување не може да биде примање врз основа на привремена невработеност. Извршителот го прифати укажувањето со образложение дека веднаш ќе побара од банката деблокирање на трансакциската сметка на подносителот и запирање на предметното извршување.

## НП бр. 2344/11

Просветен работник од Скопје побара интервенција во постапка за трансформација на работен однос од определено на неопределено време. По интервенција на Народниот правобранител беше комплетирана потребната документација, но процесот за трансформација беше во фаза на мирување поради изборниот процес.

По формирањето на новата влада, Народниот правобранител ја продолжи постапката при што укажа дека се исполнети сите законски услови за трансформација на работниот однос. Укажувањето на Народниот правобранител беше прифатено и подносителката потпиша договор за работа на неопределено време.

# НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ - НАЦИОНАЛЕН ПРЕВЕНТИВЕН МЕХАНИЗАМ



Со Законот за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, Република Македонија изјави дека Народниот правобранител е назначен да дејствува како национален превентивен механизам (НПМ), а во соработка и со претходна согласност на Народниот правобранител некои од надлежностите на овој механизам можат да преземат и невладини организации и организации кои имаат статус на хуманитарни организации во Република Македонија. Народниот правобранител презеде соодветни мерки во насока на обезбедување функционална независност на механизмот во свои рамки, па од април 2011 година во состав на институцијата започна со работа посебно одделение за превенција на тортура.

Националниот превентивен механизам има надлежност да го испитува постапувањето кон лицата лишени од слобода во местата на лишување од слобода, да дава препораки на релевантните органи со цел подобрување на постапувањето и на условите за лицата лишени од слобода и да поднесува предлози и согледувања во врска со постоечкото или нацрт-законодавството. Согласно надлежноста, тимот на Националниот превентивен механизам има пристап до сите информации што се однесуваат на: бројот на лица лишени од слобода, постапувањето со тие лица, условите на нивното лишување од слобода, како и пристап до сите места на лишување од слобода и нивните инсталации и објекти. На овој тим му се овозможува без надзор и без сведоци да разговара со лицата лишени од слобода, како и со кое било друго лице за кое Националниот превентивен механизам смета дека може да му даде релевантни информации, а воедно има и слобода при изборот на местата кои сака да ги посети и лицата со кои сака да разговара.




Во текот на првите два месеци од работењето, Одделението за превенција на тортура ги изготви потребните документи и алатки за работа: листи за проверка исполнување стандарди, права и услови во местата каде лицата се лишени од слобода, прашалник за разговор со лица лишени од слобода (интервју форма) специфицирани согласно категоријата на лица, предлог-листа со прашања и насоки за водење разговор со службени лица на ниво на: директори, раководители и персонал вработен во тие установи, форма на извештај за посета на други места на лишување или задржување и друго.

Со цел навремено и сеопфатно информирање за функционирањето на Националниот превентивен механизам, Народниот правобранител одржа прес-конференција на која беше промовиран новиот механизам за превенција на тортура. Воедно, Националниот превентивен механизам

достави писмено известување до надлежните органи и институции за своите овластувања, оствари средби со раководители на релевантни институции, изготви леток на осум јазици и збирка на релевантни правни прописи на три јазици, а имаше и презентација на својот мандат и надлежности пред студентите на пет правни факултети во Република Македонија.

Во периодот јули-декември 2011 година беа спроведени 18 редовни превентивни посети: 12 посети на полициски станици, три посети на казнено-поправни установи меѓу кои и малолетнички затвор (одделенија за притвор и одделенија за осудени лица), една посета на воспитно-поправна установа и две посети на други места од отворен или полуотворен карактер (Јавна установа Завод за згрижување на деца и младинци и Прифатен центар за баратели на азил), за кои се доставени 14 посебни извештаи до соодветните институции и до нивниот хиерархиски надреден орган. Од 18 превентивни посети, 17 посети беа спроведени ненајавено, додека само во еден случај Националниот превентивен механизам ја најави посетата кај раководните структури на установата која беше посетена. Посебните извештаи на Националниот превентивен механизам имаат доверлив карактер и содржат анализа на состојбите, констатации и препораки за надминување на утврдените недостатоци. Националниот превентивен механизам изготвува и јавно објавува годишен извештај.



Од исклучително значење за работата на Националниот превентивен механизам беа и едукативно-информативните активности за органите и институциите во кои лицата се лишуваат од слобода. Во таа насока беа одржани четири тркалезни маси на локално ниво (Битола, Скопје, Тетово и Штип) со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и една дводневна тркалезна маса на централно ниво на тема: „Компаративно искуство во областа на лишување од слобода и улогата на Народниот правобранител'' организирана во рамките на твининг проектот во соработка со Омбудсманот на Шпанија. На тркалезните маси беше претставена новата улога на Народниот правобранител како национален превентивен механизам, а учествуваа претставници од: министерства, надлежни лица од места и установи каде лицата се лишуваат од слобода, како и претставници на здруженија на граѓани и меѓународни организации и мисии во Република Македонија.

Со цел јакнење на капацитетите на Одделението за превенција на тортура и размена на искуства и добри практики, Националниот превентивен механизам оствари студиски посети на: шпанскиот Омбудсман преку твининг проектот, на Националниот превентивен механизам при Омбудсманот на Република Полска со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а имаше и една трилатерална средба и една заедничка превентивна посета на казнено-поправна установа со националните превентивни механизми на Република Албанија и Република Словенија, две експертски посети од шпанскиот Национален превентивен механизам на Скопје во рамките на твининг проектот, како и две специјализирани обуки за вработените во Одделението со претставници од Европскиот комитет за спречување тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Специјализираните обуки со претставниците на Комитетот за спречување тортура на Советот на Европа се одржаа со поддршка на Мисијата

на ОБСЕ и се реализираа во казнено-поправна установа и во психијатриска болница.

Националниот превентивен механизам имаше и одреден број меѓународни активности. Во јуни 2011 година овој тим учествуваше на регионална конференција за улогата на омбудсманите во борбата против дискриминацијата и превенцијата на тортурата која се одржа во Охрид во организација на Народниот правобранител на Република Македонија. Националниот превентивен механизам учествуваше и на две тематски работилници организирани од Советот на Европа во Талин и Баку, на завршниот годишен состанок на шефовите на националните превентивни механизми во Словенија, како и на светскиот ОПКАТ форум во Женева организиран од Асоцијацијата за превенција на тортура.

# ОПШТИ СОСТОЈБИ



Карактеристика на институциите за заштита на човековите права и слободи не е само нивното дејствување за заштита на индивидуалните права на граѓаните. Постапувањето по индивидуалните поплаки секако дека претставува основна функција, но не и единствена ако се има предвид дека токму овие институции преку своето работење треба да извлечат констатации за општите појави што претставуваат причинители или предизвикувачи на повредите на човековите слободи и права во едно општество.

Соочени со постојан пораст на бројот на претставки и забележителен пораст на бројот на прифатени интервенции на Народниот правобранител, сепак останува констатација дека ова е случај само со заштитата на индивидуалните права на граѓаните. Сериозните констатации, за кои Народниот правобранител постојано информира, остануваат без соодветен одговор од надлежните органи и институции, а со тоа остануваат присутни и причинителите за кршењата на слободите и правата во нашето општество.

Имено, останува забележителен проблем нееднаквиот третман на граѓаните по различни основи, појава која не се воочува само од претставките што се доставуваат во институцијата што, впрочем, ја дава и генералната слика за балансот во општеството. Функционирањето на мултикултурните општества претпочита свесност за потребата за почитување, разбирање и толеранција на различностите и спречување на делбите и исклучувањата по разни основи. Во нашето општество поделеноста по низа основи е реалност, што само ја засилува манифестацијата на дискриминацијата и нејзиното чувствување низ сите сегменти во општеството.

Од друга страна, граѓаните секојдневно по низа основи се соочуваат со нееднаков третман, а и самите покажуваат предрасуди кон различностите. Непознавањето на формите на овој феномен ја оневозможуваат жртвата да ја разбере оваа повреда на правата, а со тоа и да побара соодветна заштита. Нашите согледувања покажуваат дека во услови на поделеност на општеството од најразличен вид, поделбата според политичко убедување, сепак, е најизразена и во најголема мера се чувствува во областите кои се од особена важност за егзистенцијата на граѓаните, а тоа се правата од работен однос. Тоа се забележува и кога станува збор за одлучување за правата на граѓаните или може да се дефинира како нееднаков третман во пристапот кон правдата, а се забележува во предмети со иста фактичка состојба, но различни одлуки со кои се признава, односно не се признава одредено право.

Перцепцијата за селективен пристап граѓаните во голема мера ја пријавуваат кај нашата институција бидејќи таа го предизвикува нивното чувство на правна несигурност. Селективниот пристап граѓаните го пријавуваат и при решавањето на имотните права, што во многу случаи ја доведува во прашање уставната гаранција за правото на сопственост. Долгиот процес на денационализација и низата измени на законската регулатива, уште повеќе го зголемуваат интензитетот на чувството за правна несигурност, особено што овие процеси задираат во економскиот сегмент од животот на граѓаните.

Притоа, се понагласено и позагрижувачко станува незадоволството од начинот на кој се третираат граѓаните како потрошувачи и квалитетот на производите и услугите што ги добиваат, што говори за се поизразената доминантна позиција на одредени даватели на производи и услуги. Ваквите состојби, во спрега со се поизразениот социјален ризик на одредена категорија граѓани, од една страна, и недостатокот на ефективна и соодветна социјална заштита, од друга страна, ја доведува егзистенцијата на граѓаните во мошне сериозна состојба.

Несоодветната социјална заштита се гледа и во недостатокот од систем за превенција и со тоа неквалитетна заштита на правата на децата, како најранлива категорија, за што говори и зголемениот број случаи на насилство врз децата, вклучително и случаи на семејно насилство и трговија со луѓе, каде најчесто жртви се децата.

Состојбите со животната средина и секојдневните загадувања говорат за небрежност, неодговорност на институциите на системот и неводење грижа  дека последиците одат на штета на сите граѓани и нивното здравје.

Меѓутоа, суштината на причините на сите овие појави е нивото на свеста и степенот на професионалност и одговорност во извршувањето на задачите, што ја дава сликата за начинот на функционирање на јавната администрација во целина. Јавната администрација е оној неминовен дел од животот на граѓаните со кој тие се принудени секојдневно да комуницираат во сите сегменти на системот и со цел таа да може да им даде сигурност и правичност на граѓаните нејзиното функционирање треба да биде заштитено од влијанија и поделености. Јасно е дека ова може да се постигне само со систем на вработување државни службеници ослободени од влијанија по политичка основа. Јавната администрација е замислена да постои за граѓаните и за нивното нормално функционирање во општеството, па според тоа неопходно е потребно да се подобри нивниот меѓусебен однос.

Јавното информирање секако дека не остана заштитено од феноменот поделеност, што создаде простор за конфузија во јавното мислење, но и за дополнителни тензии. Попречување на слободата на говорот и јавно изразување на мислата со елементи на непочитување на различностите, се се уште забележителни во општеството и доведуваат до продлабочување на предрасудите и дискриминацијата. Притоа, особено се забележува и стигматизацијата на одредени групи со различна ориентација, што само го потенцира неразбирањето на различностите и стравот од нив. Сето ова доведува до маргинализирање одредени категории граѓани и простор за сериозни кршења на нивните права.

Напредокот на општеството, кога станува збор за човековите слободи и права, се согледува и врз основа на состојбите со остварувањето, почитувањето и заштитата на правата на лицата лишени од слобода. Домашното законодавство се уште не е усогласено со меѓународните документи, а особено со Европските затворски правила. Исто така, постоечките услови во некои затвори и психијатриски установи се нехумани, а третманот се коси со стандардите за хуманост и достоинство, што е показател за недостаток на сензибилитет и човечност во пристапот кон оваа ранлива категорија.

Меѓутоа, законодавството е само основа, а системските проблеми се надминуваат со интегритет и професионалност во одлучувањето на релевантните чинители во системот. Оттука, борбата за слободите и правата на граѓаните не значи само промени во системот од нормативен аспект. Напротив. Придобивките се многу подалекусежни. Придобивките се огледаат во начинот на кој поединецот и државата ги разбираат и почитуваат предвидените

стандарди и норми и нивната свест за потребата за негување на хуманите вредности – разбирањето, толеранцијата и свеста за еднаквост без разлика на различностите.

# ЗА ИНСТИТУЦИЈАТА











## Организација и начин на работа

Организацијата на работата на Народниот правобранител е утврдена согласно Законот за народниот правобранител и другите подзаконски акти на институцијата.

Народниот правобранител делокругот на работата го извршува преку организациските единици во седиштето на институцијата во Скопје и во подрачните канцеларии во: Битола, Кичево, Куманово, Струмица, Тетово и Штип.

## Кадровска екипираност

Во текот на 2011 година беа вработени 12 нови извршители во седиштето на Народниот правобранител во Скопје и еден помлад референт во Подрачната канцеларија во Штип. Двајца извршители го прекинаа работниот однос.

Според квалификациската структура на вработените 57 се со високо, а 21 со средно образование. Од нив 47 се жени, а 31 мажи.

Во Народен правобранител вработени се: 39 Македонци, 28 Албанци, 3 Срби, 3 Роми, 2 Власи, по еден Турчин, Бошњак и Хрват.

## Средства за работа

Средствата за работа на Народниот правобранител се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Во 2011 година предвидените активности на Народниот правобранител, согласно позитивните прописи, беа реализирани со 76.137.841,50 денари или во проценти 96,6% од планираните средства.

Активностите за промоција на човековите слободи и права и можностите за нивна заштита во 2011 година се остваруваа со финансиска поддршка од: Шведската агенција за меѓународен развој (СИДА), Организацијата за безбедност и соработка (ОБСЕ) – Мисија во Скопје, како и Мрежата на омбудсмани за деца во Југоисточна Европа (CRONSEE).

Начинот на финансирање на институцијата останува неадекватен на нејзините надлежности и позиција во уставно-правниот систем на Република Македонија. Ова особено што народниот правобранител не учествува при подготвување на Буџетот, а во Законот е утврдено дека на седница на Парламентот тој треба да ги образложи бараните средства. Засега ова претставува само формална обврска која суштински нема важност.

Народниот правобранител ја истакнува потребата за посебна ставка во неговиот буџет, за вршењето на функцијата национален превентивен механизам, што претставува обврска на државата согласно Факултативниот протокол кон Конвенцијата за превенција на тортура и друг вид сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Народниот правобранител и понатаму укажува на потребата за разрешување на ова прашање со востановување нов, современ, транспарентен и независен систем на финансирање.




* Четворица заменици во канцеларијата во Скопје и по еден заменик во подрачните канцеларии во: Битола, Кичево, Куманово, Струмица, Тетово и Штип

**Република Македонија**
**Народен правобранител**

ул:„Димитрие Чуповски“ бр.2, 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 2 3129335, факс: +389 2 3129359
e-mail: contact@ombudsman.mk
www.ombudsman.mk